# ОСМА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА СО БИТОЛСКИТЕ ПИСАТЕЛИ ОД МАКЕДОНИЈА

Зборник на излагања
Тркалезна маса, Битола, 5 јуни 2013 година

National Institution – University Library
"St Kliment Ohridski" Bitola

# THE EIGHTH HOMELAND MEETING OF THE BITOLA WRITERS FROM MACEDONIA

**Collection of presentations,**
**Round Table, Bitola, June 5, 2013**

Bitola, 2013

Национална установа – Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Битола

# ОСМА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА СО БИТОЛСКИТЕ ПИСАТЕЛИ ОД МАКЕДОНИЈА

**Зборник на излагања**
**Тркалезна маса, Битола, 5 јуни 2013 година**

Битола, 2013

**ОСМА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА НА**
**БИТОЛСКИТЕ ПИСАТЕЛИ ОД МАКЕДОНИЈА**
Зборник на излагања
Тркалезна маса, Битола, 5 јуни 2013 година

**Издава**
Националната установа – Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски", Битола, ул. Ленинова бр. 39, Битола

**За издавачот**
Науме Ѓоргиевски

**Издавачки совет**
Науме Ѓоргиевски
д-р Николче Вељановски
проф. д-р Владимир Костов

**Главен и одговорен уредник**
д-р Николче Вељановски

CIP - Каталогизација во публикација
Национална установа – Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Битола

821.163.3(63)
РОДНОКРАЈНА средба на битолските писатели од Македонија
(8 ; 2013 ; Битола)

Осма Роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија : Зборник на излагања : тркалезна маса, Битола 5 јуни 2012 година / [Главен и одговорен уредник Николче Вељановски]; [превод и резимеа на англиски јазик Николче Вељановски]. - Битола: НУУБ „Св. Климент Охридски", 2013. - 109 стр.: илустр.; 24 см

На наспор. насл. стр.: The Eighth Homeland Meeting of the Bitola writers from Macedonia : Collection of presentations, Round Table, Bitola June 5, 2013. - Тираж 100. - Summaries кон трудовите

ISBN 978-608-4538-46-2

а) Македонски писатели – Битола – Собири

COBISS.MK-ID 19445569

Тел.: 047/220-208; факс: 220-515; тел. изд. 232-999;
www.nuub.mk; e-mail: nuub@nuub.mk

# ОСМА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА СО БИТОЛСКИТЕ ПИСАТЕЛИ ОД МАКЕДОНИЈА 2013



Осмата по ред Роднокрајна средба на битолските писатели во Македонија беше одржана во среда, на 5 јуни 2013 година, во просториите на НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола. Учество зедоа 19 писатели: изнесени текстовите на писателите: Панде Манојлов, проф. д-р Вера Стојчевска Антиќ, проф. д-р Владимир Костов (во отсуство), Никола Кочовски, доц. д-р Христо Петрески (во отсуство), Петре Димовски, д-р Благоја Брајановски (во отсуство), Добре Тодоровски, Ѓорѓи Прчков, Ванде Ганчевски, Сања Мучкајева Видановска, Весна Мундишевска Вељановска, Весна Ефтимовска Сотироска (во отсуство), Мирјана Стојановска Палигора (во отсуство), Димитар Богдановски, Богоја Таневски, Зоран Пејковски, Елизабета Јончиќ и Јован Ѓуровски. Од име на Библиотеката организаторот и модератор на Средбата, д-р Николче Вељановски, по осми пат ги поздрави присутните:

„Добредојдовте на традиционалната, овој пат осма по ред Роднокрајна средба. Секоја година, во поглед на темата за Тркалезната маса се консултирам со по некој од вас писателите, а овој пат добродојдени беа сугестиите на Добре Тодоровски, со кој ја заокруживме овогодишната тема: **„Моите ликови – страдалници со силен копнеж по среќата".** Ако минатогодишната тема „Жената – муза на моето творештво" донесе една свежина и елан за пишу-

вање, овогодишната тема ја препознавте како многу честа и неизбежна, како за вашите ликови во делата така и за самите себе како личности. Одѕивот е неверојатен. Можам да кажам дека сите поканети без исклучок се одѕваа на темата. Имаме 19 текстови. И таа желба да се биде тука со другите свои колеги писатели ѝ дава на Средбата една посебна топлина. И покрај тоа што оваа година Министерството за култура не нѐ поддржа и со оние малку средства кои ни ги доделуваше во последните години, организаторот, односно директорот на НУУБ „Св. Климент Охридски“, Науме Ѓоргиевски, се одлучи да не ја прекине традицијата ниту на оваа Тркалезна маса ниту на Зборникот и да ги поддржи.

Исто така, сметавме дека како организатори вам како на роднокрајни писатели ви должиме едно извинување, затоа што доста долго не ги имавме средено, односно дополнето таблоата со фотографии од сите вас. Овој пат го направивме тоа онака како што мислевме дека треба да го направиме, а вашите забелешки, секако, се добредојдени. Знаеме дека постојат и други роднокрајни автори и други битолчани во образованието, науката и стручната работа, но во овој момент се одлучивме на таблоата во прво време да стојат фотографиите на писателите со кои роднокрајното одделение најмногу соработуваше. Морам да споменам и тоа дека фотографиите, со извесни исклучоци, беа земени од едицијата „Значајни личности за Битола – писатели“ во издание на Библиотеката.

И понатаму, писателот Владимир Костов ја поздравува Средбата, затоа што од здравствени причини не можеше да дојде, а делот од неговиот текст ќе го прочитам јас. Ви благодарам уште еднаш што, сепак, се разбираме...



**Проф. д-р Вера Стојчевска Антиќ**

# ДРУГАРСТВО СО ПРЕСТИЖ



Се сеќавам на очекуваната објава во списанието „Дело", која никогаш не виде бел ден. Тоа беше моја од душата испеана песна (а престанав да пишувам поезија од гимназиските денови), со длабока болка по починатиот гимназиски другар Левко Џамбазовски. Интересно, како по толку години наумив да напишам песна, но се присетувам, Левко беше највнимателниот гимназиски освојувач на мојата ларпурлартистичка поезија (иако времето беше јасно социјалистичко, со набои на новите поетски кодови) и асоцијативно неговото вечно заминување ме потсети на неа.

Во гимназијата бев мирен и траен читател на сѐ што ќе ми дојдеше под рака. Се сеќавам дека мајка ми забележа дека читам сѐ и сешто и започна да ме прекорува за долгочасовните скриени читања на „Џек Трбосек", „Фантом", „Црната ракавица". И сама не знам зошто читав текстови кои ми создаваа ужасен страв, особено ако останев дома сама. Но, големата библиотека на дедо ми и сестра ми, седум години повозрасна од мене, ми ја открија богатата руска литература, особено класичната. Уште во основното образование јас толку многу ги ценев делата на Достоевски, Толстој, Шолохов, Горки, онака без образовна или домашна ориентација. Знам, татко ми ги донесе од Париз француските енциклопедии и „Ла Русс", и ја прелистуваше со посебни објаснувања на сите места каде што тој шетал како студент, а потоа на свадбен пат ја однесол и мајка ми во привлечните и за мене тогаш недостапни градови и убавини.

Во гимназијата од целата таа литература јас си изградив еден посебен свет, мој, личен, недостапен за никого. Јас се внурнував во него во деновите кога во куќата преовладуваше спокојство, зашто празниците минуваа во бучава и движење. Се заклучував во празничната приемна соба, нечујно, без домашните да го забележат моето отсуство. Ги затворав и дрвените жолти прозорски „панџури", легнував на антички обликуваното канабе и мислите ми летаа во моите убавини. Пред мене боите на големата слика на римска гозба, која откриваше многу убави жени во пастелни провидни облеки. Ме привлекуваше убавината, која се обидував да ја сместам во реалноста, а таа беше

повеќе од сиромашна. На училиште носевме црни кецели со бели крагни, закопчани до грлото. Но, јас, сепак, се обидував во лицата на сликите да ги откривам моите другарки, да ги споредувам со ренесансните слики и успевав да ги спојам. И тогаш ми надоаѓаа стихови, спонтани, но вивнати во невидени убавини, во духовни немири, придвижени од љубов, која извираше од иконите на мајка ми, од Библијата, но никако не сакав да помислувам на чудото што ми се случи. Одев во Католичкиот француски колеџ ви Битола и таму ја прифатив безграничната Господова љубов, благодарение на мојата учителка – сер Мари. Една синоока девојка, извонредно изваjана во ангел. Кога таа му ја упатуваше својата молитва на Господа, ние занемувавме. Јас имав впечаток дека одлетала кај ангелите на небо. И јас го испитував тој нејзин свет. Само понекогаш ѝ раскажував на мајка ми колку ме вознесува нејзиниот поглед упатен кон небесните висини. И кога започна моето основно образование, со гордост говоревме, на македонски јазик, учителката рамнодушно еден ден ни соопшти дека Господ не постои, никој не го видел, само необразованите веруваат во Него. Јас претрнав. Се вратив дома замислена, но не се осмелив да го кажам настанот на мајка ми. Длабоко во себе знаев дека тоа ќе ја растажи, зашто беше голема ортодоксна христијанка, која се гордееше на првата песна што сум ја научила, „Оче наш“. И во недоречени големи мисли заминав право во мојата заклучена соба, во својот свет, да ги разоткријам противречностите на современиот свет.

Веќе бев трета година гимназија, кога еден ден подобро го запознав школскиот другар Левко Џамбазовски, со кого се познававме, но не блиску. Во еден миг слушнав на одморот во гимназискиот двор малку презрив однос кон негов другар: „Ти не знаеш тогаш што е ВМРО“! Јас подзастанав, зашто токму за ВМРО слушав што зборува мојот дедо Никола Стојчев и неговиот брат. Во мене се вրежа сознанието дека борците за ВМРО, но тие вистинските, сакале самостојна Македонија, но без мешање на соседите – самостојна држава Македонија. На училишните часови слушав за членови на оваа света организација дека имале пробугарски тенденции, кои не им одговарале на Србите и знаев дека многу од нив по завршувањето на НОБ беа судени и затворани. И јас почнав често да го слушам Левко, сфатив дека знае многу повеќе од мене. Знам и тоа, кога му раскажав за мислењето на дедо ми, тој се согласи и рече: „За таа светост гинеа вистинските ВМРО-овци“! Тогаш го прашав дали е тој ВМРО-овец? Веднаш ми одговори: „Да“. Гласот му беше одлучен, онаков каков го подигаше кога нам, на насобраните ученици, ни говореше за развојот на ВМРО. Токму овие негови долги беседи ме зближија со него и нашето другарување се одвиваше природно и спонтано, што дури ни се наметна како посакувана обврска еден кон друг.

Но, моето чудење достигна кулминација кога еден ден на училиште се раскажуваше за апсењето на Левко, поради ВМРО-овски непријателски тенденции. Не можев да верувам. Но, бргу се досетив и отрчав кај мојот стрико Тома Стојчев, судија во Битолскиот окружен суд. Му раскажав за другарот и го убедував дека Левко е погрешно затворен. Го потсетив на зборовите на

дедо Никола, неговиот татко. Тој внимателно ми рече: „Има време до судењето“.

Долго беше очекуван тој ден, но нас учениците не нè пуштија во судницата. Повторно отрчав кај стрико ми и тој ми објасни дека тој не бил судијата на Левко, но чул  дека мојот другар се држел на судењето гордо, исправен, со подигната глава и и не порекнувал ни едно од обвиненијата.  Пресудата беше очајно страшна за мене, пет години затвор.

Поминаа и петте години и слушнав дека Левко се вратил во Жван, потоа и Скопје. Очекував да ме побара. Јас не можев да дознаам каде се движи. Помина  цела година и бев тажна, зашто Левко не помисли да ме најде. Поминаа уште пет години. На една промоција во книжарницата „Култура“ ми пријде еден од посетителите, ме поздрави со насмевка, но јас не го познавав тој човек. Повторно ми пријде, сфати сигурно дека не го препознав. Ми се претстави дека е мојот најдобар другар Левко. Прво се изненадив зашто беше многу изменет, љубопитно убаво го загледав и следниот момент налутена му се обратив: „Зар Вие се сетивте на мене! Каде бевте цела година, Ве очекував во Скопје“! Левко се замисли, се насмеа и ми предложи објаснувањето да го расчистиме на паузата со  кафе. Отидовме во „Пелистер“, јас ја одржував својата лутина.  Наредните минути ја сфатив бргу отсутноста на Левко. Ми објасни дека сакал да ме види,  но совеста не му дозволувала, зашто бил следен, и во тие настани би ме вмешал не сакајќи и мене. Другарот мој ме штител.

Јас не можев тогаш да навлезам во сите мисли и превирања на  другарот, поминати во затворот. Но, претпазливоста да не ме повреди случајно со нашите средби ја избриша лутината во мене. Нашето среќавање продолжи како да не поминале повеќе од десетина години од гимназиските клупи. По предлог на мојот сопруг на една наша средба  му ја пренесов поканата. Левко со малку саркастичен глас ми дофрли: „Слушнав за твојот ран брак, со Србин. Не можам да дојдам кај вас дома, не сакам да го обеспокојувам семејството. По моето повеќедневно инсистирање, тој, сепак, одлучи да дојде. Вечерата беше пријатна, Левко доаѓаше сè почесто и тоа доаѓање заврши со спонтано и трајно пријателство на Левко со  мојот сопруг. Кога го совлада опасната болест тие двајцата беа во постојан контакт, но Левко одлучи самиот да се повлече во родното место, без да ги издржи натамошните задолжителни медицински  интервенции.

Неслучајно афоризмот на Џон Дон, како мото во романот „За кого бијат камбаните“ од Ернест Хемингвеј ми се наметнува по секое другарско исчезнување: „Ниту еден Човек не е Остров, сам по себе целина. Ако морето однесе дел од копното, Европа е помала. Ако еден човек умре се смалувам и јас, зашто и јас сум дел од Човештвото...“

Prof. d-r Vera Stojchevska Antic

## FRIENDSHIP WITH PRESTIGE

I was in third year Gymnazium when I first met my school mate Levko Dzambazovsi. One day, in the courtyard of the Gymnazium in the time of the recess I heard him saying to someone: “You don’t know what VMRO is”. Once I heard my grandfather talking about VMRO, too. I found out that the fighters for VMRO, the real ones, wanted independent Macedonia, but without interference of the neighbour – countries. Also, I heard that some of the members of this sacred organization had pro -Bulgarian tendencies which didn’t match the tendencies of the Serbs. After the Second World War many of them were sent to trial and imprisoned.

It is not by accident that John Done’s aphorism given as a motto in the novel “For whom the Bells Toll” by Ernest Hemingway always imposes on me after each disappearing life of a friend: “No one is an island, as a whole by himself. If the sea takes away a part of the coast, Europe becomes smaller. If a man dies I am becoming smaller, because I myself is a part of the humankind.”



**Димитар Богдановски**

# СТРАДАЛНИЦИ СО СИЛЕН КОПНЕЖ ПО СРЕЌАТА



По можните компоненти подложни на анализа, разработка или, пак, обично разгледување на карактеристичните особености, при тоа поаѓајќи од чиста љубопитност, предложената тема „Моите ликови – страдалници со силен копнеж по среќата“, де факто претставува софистифициран проблем кој изискува не само сериозен приод, продлабочено согледување, ами во тој контекст уште поголемо софистифицирано сестрано проучување. Имено, преку некои нешта писателот не смее само така површно да посочи и да премине.

Признавам, бев принуден да се потсетам на заборавени или подзаборавени ликови од моите творби што во прв момент и не беше така лесно. И на извесен начин бев изненаден, бидејќи во тоа мое творештво открив релативно многу ликови кои ги одликува извонреден силен копнеж најмногу за зачувувањето на сопствениот живот, па дури потоа нивните тежненија за постигнување на подобар, побогат, поисполнет и среќен живот. Нормално, согласно со расположивиот простор ќе обрнам внимание само на неколку мои литературни јунаци или, како во дадената тема се инсистира, страдалници.

Во расказот под наслов „Човекот во тревата“, инаку реалистична приказна за вистински настан ,јунакот кој доживува возраст од над еден век, инаку здрав, прав, со трезвен ум, копнее остатокот од својот живот да не го мине сам, изолиран не само од општеството што го опкружува, туку и од поблиските и подалечните роднини. Тој копнее да живее нормален живот, ист онаков или сличен на другите луѓе. Меѓутоа, поодминатата возраст му пречи. Се чувствува изолиран, непотребен, заборавен дури и од најблиските. Под присила на необичните околности како резултат на возраста, тој е лишен да им се радува на правнуците за кои знае дека ги има, но не ги познава ниту, пак, тие го познаваат него. Произлегува дека среќата не е само во должината на човековиот живот, туку и на многу други компоненти.

Во прилично големиот расказ под наслов „Прстенот“ релативно млад човек ни крив ни должен по случајна игра на околностите на една општа се-

мејна веселба се наоѓа во небрано. Неговиот сосед по местото на седење, возрасен човек во годините пред збогување со овоземниот живот, открива дека големиот, прекрасен по својата убавина скапоцен прстен на раката од младиот човек е негов, кого на времето му бил одземен во интерес на новоослободената држава од родителот на младиот човек. Прстенот бил со децении сопственост на семејството од старецот добиен како награда во знак на признание од некој паша во Каиро.

Подоцна, по отприлика десетина денови младиот човек се упатува во домот на старецот за да му го врати прстенот. Меѓутоа, на вратата пред влезот во куќата на старецот наидува на некролог: старецот починал. Се покажува дека младиот човек не може да му го врати прстенот на старецот. Неговото настојување да го врати прстенот, како и да му се извини на старецот поради злосторството од својот татко пропаѓа. Вината од родителот направена некогаш, во текот на некои други времиња, веројатно кога ни самиот не бил роден, младиот човек ја чувствува како своја и, за жал, непоправлива. Она што за него е најстрашно е чувството на страдање.

Во мојата првосоздадена монодрама со наслов „Бегалец“, еден од членовите на првиот партизански одред, според негово кажување и самиот основач, од раководството на одредот е осуден на смрт со стрелање. Желбата да сака и да биде сакан, во тогаш постојните околности не била разбрана. Во секој случај во целиот тој настан постојат одредени нејаснотии и недоречености. Но, како и да било, во тогаш постојните околности на тој човек му се оневозможува копнежот за создавање на љубовна врска меѓу него и една од партизанките.

Во моментот кога требало да биде извршена смртната казна врз него, тој во последен момент, најмногу благодарение на невнимателноста од задолжените што го чувале, успева да избега. Безуспешно било пукано по него. Како и да било, тој човек, независно од фактот дали навистина бил виновен или жртва на престрого разбирање и неодговорно однесување на раководството од одредот, целиот преостанат живот го поминал во неуспешно настојување да ја покаже и докаже својата невиност. Знам дека беше несреќник.

Точно во контекст на актуелната тема „Моите ликови – страдалници со силен копнеж за среќата“, во расказот „На Солун“, станува збор за нашиот сограѓанин Стојан Козаров, вистински страдалник со никогаш неостварен копнеж да го види Солун. За пишувањето на овој расказ исползував напис за него во весникот „Нова Македонија“, позајмен од неговиот син. Стојан е штипјанец, учесник во Народноослободителна војна од нејзиниот почеток, командир на алтилериско одделение во јануари 1945 година, во Скопје. Поради бунт, одбивање да се оди на Сремскиот фронт, ами настојување за ослободување на Солун, бива осуден на смрт, но помилуван и прогонет да живее во Битола. Секојдневно, сè до неговото разболување и настапувањето на смртта, се искачувал на Неолица, седел и гледал во насока на Солун. Неговиот копнеж барем еднаш во текот на животот да го посети и види Солун, за

кого и животот ќе го изгубел, никогаш не му се остварил. Ја немал таа среќа, исто како што ја немале мнозинството од неговите воени другари.

Особено сам по себе е интересен копнежот најнапред за живот, а дури потоа за други животни цели, меѓу кои и човековата среќа во романот со необичен наслов „Од мојот автолетопис“. Имено, кај човек од средна возраст, навидум здрав и прав, полн со планови и зацртани цели во животот, ненадејно, наполно случајно бидува откриен карцином на простатата. Разбирајќи за болеста, можните последици од неа, можностите карциномниот процес релативно брзо да биде раширен врз скелетот, фактички пресекување на сите животни планови на семејството, природно го потресуваат до дното на душата. Зарем е можно токму тој да страда од една ваква опака и опасна болест? Зарем постои можност за лекување и излекување? Зарем е осуден на предвремено заминување од постојниот свет? Се потсетува дека точно неговиот татко, отприлика на сегашна негова возраст, најпрвин се разболува од простатата, а потоа умира од карцином. Кај јунакот од романот брзо нараснува стравот и уште побргу се губи копнежот кон животот и среќата. Но, на прв поглед неверојатно, дел од копнежот поврзан со надеж останува да вирее во потоните на свеста. Меѓутоа, на крајот од краиштата, благодарение на залагањата од лекарот кој го лекува, веројатно и на непредвидливата игра на околностите, сè бидува добро завршено, личноста од мојот роман продолжува да живее квалитетен живот.

Во однос на опсервираната тема, најверојатно ликовите од последниот мој роман „Чекорење низ пеколот“, издаден од Македонското научно друштво во текот на 2012 година, барем по мое мислење најсоодветно по однос на квалитетот и уметничките нормативи ја претставуваат презентираната тема. Три членови од едно семејство: мајка, татко и син се основните ликови во овој роман. Но, сепак, синот е главниот лик – вистинскиот страдалник со силен, би се изразил со неверојатен силен копнеж за живеење, физичко и психичко здравје, желбата животот да се минува на соодветен начин како другите луѓе, не непрекинато осуден на жестоката безмилосност, без престан со часови, денови, месеци, низа од години единствено животот да се минува со седење и лежење во леглото. Тој релативно млад човек спречен од болеста не е во состојба да излезе на улица, да се гледа со другарите, пријателите, познатите, да оди на кино, да посетува приредби, да учествува во обичниот секојдневен општествен живот. Луѓето, проследувањето на движењето на автомобилите, облаците на небото, врнењето на дожд или снег за него се можни единствено преку стаклата на прозорецот.

Последниве неколку месеци неговата положба значително се менува. Веќе е во состојба рацете и нозете да ги подвижува и паралелно оној копнеж за живот и среќа станува поголем и поочигледен.

Во мојот литературен опус, а особено во расказите и монодрамите, воопшто не е тешко да се откријат личности страдалници во вистинската смисла на зборот, со силина на копнежот кон животот, постигнување на животните цели, големината на плановите и преку нив остварување на личната среќа.

Ќе наведам уште само неколку раскази и монодрами каде ликовите изобилуваат со фасцинантна силина на сопствените копнежи кон подобар и посреќен живот: ,,Зарем е можно“, „Постои, жива е, а ја нема“, ,,Од другата страна на светлината“, ,,Вистината за Петре Старец“, ,,Кој не го знае Ристо кодошот“?

На крајот, само во неколку редови би го спомнал исказот на мојата рецензентка Аница Златевска. Имено, читајќи ги расказите на Д.Б., чинам се среќавам со судбината на луѓето кои секојдневно минуваат покрај мене, низ улиците на нашето живеење.

Dimitar Bogdanovski

## SUFFERERS WITH STRONG LONGING FOR HAPPINESS

I must admit that I was forced to recollect forgotten and less forgotten characters in my works and it wasn’t so easy for me. In a way I was surprised, too, because in my literary works I have discovered many characters who had a strong urge for saving their life first and then they turned to fulfill their wishes for better and happier life. In my story “The man in the grass”, is a real story of a real happening in which the hero reaches an ultimate age of over a hundred years. He is healthy old man with sharp mind who is dreaming not to spend the rest of his life alone and isolated from the society and his relatives and friends. But his age makes him feel an outcast and forgotten from the others. Under the given circumstances he is suffering because of his separation from his grandsons whom he can not recognize physically. The longevity of life is not a reason for a happy life.

**Проф. д-р Благоја Брајановски**

# ВО НАДЕЖ ЗА СРЕЌА

*Сѐ произлегува од Севишниот.*
*Крајното знаење е знаењето за Севишниот Бог.*

Свами Прабхупада

**Вовед.** Не е лесно да се пишува за една ваква мошне широка тема каква што е темата за *среќата*, зашто станува збор за исконска, докрај, барем досега, необјаснета.

Исто така, не е можно да се говори за „*Моите ликови – страдалници со силен копнеж по среќата*“, ако пред тоа не се дадат некои начелни гледања на тоа што се подразбира под поимот среќник, среќен човек, а, во случајот, среќен лик во делата на секој автор.

За да може да се зборува за среќата воопшто, а тоа, секако, се однесува и на ликовите во делата на секој писател, треба да се има, пред сѐ, предвид **кармата** на ликот кој е предмет на анализа за да се согледа „одговорноста“ негова за тоа тој да се чувствува како среќна личност, па според тоа, како нестрадалник, или како несреќна личност, како страдалник. Ако ликот е категоризиран во оваа, последната категорија: како несреќна личност, тогаш за него може да се зборува само за страдалник „со силен копнеж по среќата“. Ако се земе предвид кармата која зборува за нашите дела (добри или зли, во претходниот живот, односно во претходните животи) и ако во сегашниот живот се среќаваме со среќна личност (лик) во дело на авторот, тогаш станува збор за две работи.



*
* *

***Среќникот***. *А*ко станува збор за среќна личност, тоа зборува за тоа дека, тој, во претходниот, односно во претходните животи, неговите *мисли, дела и однесувања* се категоризирани *позитивно* (неговите мисли, дела и однесувања биле добри; не биле зли). Глобално така би било, но, сепак, треба

да се имаат во предвид неговите мисли, дела и однесувањата во овој живот: дали се тие добри или зли, односно дали преовладуваат злите мисли, дела и однесувања. Ако преовладуваат добрите мисли, дела и однесувања во овој живот, тогаш во наредното раѓање ќе се роди личност со уште подобри можности да биде среќен отколку во неговиот претходен живот.

Тоа што за некоја личност во овој живот може да се зборува дека е среќна, од големо значење е товарот на „долгот“ што со раѓањето во овој живот го носи од кармата. Според тоа, за да може за една личност да се зборува како за среќна личност во овој живот, подразбира дека таа на своите плеќи носи помал товар, како отплата на долгот од претходниот, односно од претходните животи, од оној несреќник во овој живот.

Можно е, иако звучи парадоксално, да станува збор за несреќна личност, иако неговите мисли, дела и однесувања во претходниот живот, односно во претходните животи носат ист товар од кармата како и на оној среќникот; значи, номинално – станува збор за среќна личност, но тоа зборува дека за разлика од среќникот, кој во свои раце ја зел судбината и одговара самиот за својот живот, овој, „несреќникот“, иако номинално би требало да биде среќник во овој живот, поради *мрзливоста или поради неразумноста*, поради тоа што целосно ѝ се препуштил на судбината,[1] или поради други причини – не го сторил тоа, номинално се смета за несреќник.

Значи, за да се биде среќник, покрај тоа што среќникот го има диктатот на кармата што ја носи на својот грб како долг за отплатување во овој или во наредните животи, а таа „дозволува“ тој, номинално да се карактеризира како среќна личност, потребно е (дополнително) судбината за својот живот да ја земе во свои раце, а тоа ќе го постигне со ангажирање (**работа, труд, создавање**); искористување на дадените прилики кои му ги дава судбината со моментот на раѓањето.

Инаку, иако номинално станува збор за среќник (среќна личност), всушност, станува збор за несреќник доколку лицето не покаже *одлучност, решителност*[2] во однос на преземањето на обврските и одговорноста во градењето на сопствената судбина, иако, генерално, судбинскиот пат е зацртан со самиот чин на раѓањето, но станува збор за сопствениот избор на странич-

[1] Судбина има и – нема! Ако рипнеме во оган, може да се изгориме; или ако користиме чадор, можме да го оневозможиме негативното дејство на Сонцето врз нашето тело (здравјето), иако немаме способност да го измениме времето (на пример, да не биде сончево!)

[2] Бог ја сака нашата одлучност, се вели во светата хинду книга: Бхагавад гита. Тоа го среќаваме и во Библијата: Помогни си сам за да ти помогне и Бог.

Тогаш, што се подразбира по поимот одлучност, решителност? Одлучност значи да се истрае на избраниот пат, се разбира, доколку не е погрешен, а ако е погрешен – треба да се трага по исправниот. Значи, во животот е потребно менување, ако треба, приспособување, ако треба.

Поедноставено (пак предвид се зема Библијата): „*Кој внимава на ветарот, не сее и кој гледа на облаците, не жнее*“ (Проповедник, 11:4).

За одлучноста треба да се мисли на ваков начин, вели големиот Мислител на мудроста, Прабхупада: „Морам да ги извршувам своите должности и не смеам да бидам нестрплив. Нестрпливоста е последица на загубата на одлучноста, а загубата на одлучноста е последица на прекумерниот секс“ (Swami Prabhupada: „Пут савршенства, стр. 65).

ните патишта за реализацијата на главниот, судбинскиот пат, трасиран од кармата.

Ако, пак, станува збор за несреќна личност, работите би требало да се посматраат во обратна смисла, иако и тој има шанса да го намали товарот на кармата доколку во овој живот практикува *неврзаност*, не само спрема грубата суптилна материја, туку *неврзаност за никого и за ништо.*

*

* *

Во мојата куса анализа, ликовите во моите прозни дела: „*Песна отпеана*“ и „*Да си победник и да си победен е исто*“*,* ќе ги вреднувам според она што погоре беше кажано за тоа што, генерално бидејќи е ограничен просторот, се подразбира под поимот среќен лик.

**Прво**, не мора кој и да било лик во литературно дело да се смета за страдалник само поради копнежот по среќата. Тоа што секој, без оглед на сè, копнее по среќата, но тоа не мора секогаш да значи и страдање по неа. Затоа што, среќата, доколку таа не е диктат на кармата, ја создаваме ние самите. Среќата е променлива категорија, која мора повеќестрано да се посматра. Да не се поедноставува. Еве поради што. Некој себе може да се смета за несреќник, но другите него да го сметаат за среќен човек, а, всушност, таков и навистина да е.

Во врска со копнежот по среќата, во двете мои прозни дела посочени погоре, главната личност, Трајан, општо земено, може да се каже дека не копнее во среќата како за нешто недофатно од човека, како спрема кое треба да ни „гори“ душата,[3] туку за него превосходно е (во романот „Песна отпеана“), потајно како да очекува, иако мисли дека сè е јасно и свршено еднаш засекогаш, однекаде да се огласи неговата изгубена, во Граѓанската војна, сестра, Марија. Тој, на тоа помислува сосема ретко, одвреме-навреме, и тоа најчесто во присуство на мајка му, која, пак, за разлика од него живее со мислата дека кога и да е ќе се јави однекаде Марија. И таа помисла за изгубената сестра го прави несреќен, иако тоа не може докрај да го разбере; за нешто што веќе е апсолвирано, завршено (поминале толку години!) и колку пред тоа да се чувствувал среќен.

А, тоа дали Трајан може да се нареди во страдалниците по потрага на среќата, мислам дека тој не може да се смета за страдалник во општата смисла на зборот, туку за страдалник одвреме-навреме, и тоа во моментите на присетување на својата изгубена сестра, Марија, уште како бебе во Граѓанската војна во Грција. Инаку, општо земено, сите ние, на Мајката Земја, со самиот чин на раѓањето, во поголема или во помала мерка, сме страдалници, затоа што во материјалниот свет, ние, како *условени души,* се наоѓаме под

[3] Зашто, спозна дека среќата „доаѓа“ сама, неповикана, во зависност од тежината и од видот на товарот што судбината (кармата) ни го одредила, а, всушност, самите сме творци на таа судбина; Бог нè остава со одврзани раце, на бранот на силината и квалитетот на манифестацијата на нашата волја, во однос на нашите мисли, дела и однесувања.

влијанието на илузорноста на овој свет, така што не сме способни да се ослободиме од товарот *на желбите и од посесивноста,* **приврзаноста** *кон нив*.

Таквото негово однесување подразбира дека Трајан не трагајќи по секоја цена по среќата, успеал во свои раце ја има земе сопствената судбина (кармата), *не врзувајќи се докрај за никого и за ништо*; се доведува во состојба на постојана ангажираност, искористувајќи ги приликите што му се дадени, што му се на располагање, следејќи го магистралниот пат утврден од кармата, и е во состојба на постојана свртеност кон Бога, служејќи Му. Така што, со време, создавајќи рамнотежа во врзаноста, односно во неврзаноста за материјалното и духовното, расте духовно, а однесувањето на патот одреден од судбината се труди да го приспособи според *кармичките закони,* за да се најде во состојба на врзаност само за Бога.

Трајан, и во двете мои прозни дела може да се каже дека не е страдалник во смисла на силен копнеж по среќата, бидејќи интуитивно спозна оти *среќата е сега, и овде*[4]*; дека среќата треба да се доживува „на парчиња“;* ако, во состојба на болест, радосен е и среќен во денот, кога му се подобрила здравствената состојба, иако болеста сѐ уште е тука. Според тоа, главниот лик во двете мои прозни дела, Трајан, главно, е среќна личност, зборува за тоа дека спознал оти секогаш и засекогаш не може да се биде среќен; тоа – не само што е неможно, туку е неприродно и да се бара; ако тоа се бара, значи дека самите сме го избрале магистралниот, судбинскиот пат, што не означува среќа, туку таа самата по себе ни се наметнала како судбина од која не може да се избега. Во оваа смисла, Трајан, го сфатил и тоа дека среќни се оние кои го избегнуваат влијанието на *лошите мисли, дела и однесувања* (лошите навики), кои, без исклучок, водат кон лоши дела. „Ако лажењето е една од вашите лоши навики“, пишува, Јогананда, „почнете да создавате нова, спротивна навика – да ја кажувате вистината“.[5]

Што се однесува до прашањето дали некој од ликовите во моите прозни дела кои заминале од родниот крај (а тоа се однесува само за селски деца; за тоа можам и самиот да го тврдам бидејќи и јас потекнувам од село), без двомисла мислам дека не само што не постои силен, туку не постои и умерен копнеж за враќање во родниот крај, во селото. Не поради тоа што не се сака родниот крај, туку поради напуштеноста на селата; нема зошто, кога другите го напуштиле, ти да се враќаш на село, а особено кога со напуштањето на селата државата не направила речиси ништо за подобрување на затекнатата состојба: патишта и сл. Но, тоа не подразбира, кога одвреме-навреме ќе го посетиш родниот крај (селото), кога во тебе ќе зовријат спомените од детството, за првата платонска и не само таква – љубов, дека нема да ти затрепери срцето, а душата да ја обвие тешка тага.

[4] Зашто, „Кога еднаш ќе ја остварите среќата на својата душа“, вели Јогананда, „никој не ќе може да ви ја земе, независно од тоа колку долго патувате кон безвременоста и вечноста“ („Како да се биде секогаш среќен“, стр.32).
[5] Цит. дело, стр. 33.

Prof. d-r Blagoya Brayanovski

## IN HOPE FOR HAPPINESS

In my two above stated works, the main character Trayan is not longing for happiness as for something unreachable for man in which his soul is predestined to burn. In the novel “The Song already sang” he behaves as if everything is already finished once and for all, but deep inside he expects his lost sister, in the Civil War. His memories on her he revives mostly in the presence of his mother. He has remained unfortunate the rest of his life living with only one ray of hope. She will return. In spite of his toils from time to time he realized intuitively that the happiness was all around him “here and now” and that he has to live the life in its everyday little things.

**Весна Мундишевска-Велјановска**

# ТРАГАЧИТЕ ИЛИ МЕЃУ ДВА МОСТА



Што е среќата? Она по што копнееме, зрелост, целост, успокоеност мудро да живееме, создавање, споделување, пулсирање со безвременска љубов, простување, истрајување во надраснувањето, набабрен крвоток на себеостварувањето.

Во бесконечната потрага по среќата поезијата ја раслојува душата, ја раскрилува мислата, го споделува страдањето, но и воодушевувањето, ги вдахновува боите на животот и секојдневните доживувања, го воспева болот, но и копнежот во стремежот по нови воздигнувања. Токму поетската збирка „Поетски дијалог“ (Матица македонска, 2010 г.), во коавторство со Милица Димитријовска-Радевска, е отслик на споделувањето на маката и разочарувањето, но и на градењето на мостови над јазот изделкан од разнебитувањето, пеење за огледувањето на душата во лицето на нејзиното будење и олицетворувањето на измачувањето, премостувањето, надраснувањето и себенавраќањето, посакување за опстојување пред страдањето, за оцврснување по растргнувањето, за отелотворување на љубовта и возљубувањето, надеж за осознавање на вистината и сонување за втопување во убавината. А во „Поетскиот дијалог“ таа – убоста виси на конец меѓу два моста. Јас и моите ликови месечариме по провидната нишка меѓу болката и сновидениjата, меѓу среќата и погибијата. И страдаме... и во неиздржливоста и во среќата. Страдаме во денот, страдаме во сонот. Јас во моите ликови и моите ликови во мене... Па ќе запишам:

„Деновиве се доживувам
како балсамираниот еленрог
што се всели
во нашиот сандак со пчели,
па не можам
да се искашлам,
да се извикам,
да се извишам... но – Дишам“! („Мачнина“)

Во котлето на живеачката желбите и стравовите се сврзуваат во ткиво, па зачинети со љубов, немири, двоумења и болка, се оптегнуваат како преди-во. Час „со крстена вода ќе го одмијам тоа што нè вознемири“, час ќе го пот-храниме неспокојот – па ќе се смири. „Гргорат немири, роморат вжештени води“, во релјефот на трпението сомнежот безбојно длаби злокобно засаду-вајќи свое поднебје, обезводнети разденуваат сливовите на мечтите, а не-утешноста се рони од безуспешноста...

Истрошени бараме излез од кафезот на клишето на многуденијата, со оголени нокти лупиме од ѕидовите на провиденијата во потрага по лек да се исплука „нечистотијата на секојдневијата“. („Грч“)

Талкачи по безветрини, трагачи по срцето на росата просеана низ сито-то на денот, често остануваме „бездомни сред мечти немирни“. Нè мачат со-ништа нескротливи, „нè шамари подбив од шепоти изгубени“, разулавени бу-чат нескротливи думи, згрутчен плач во градите ни шуми. Па, ќе кликнеме во ист глас, во една мисла:

„Низ парчосаната утроба...
подуен провев фучи
во лавиринт од мисли во срчи,
па не можам
да се стоплам,
да се сталожам,
да се стишам“. („Мачнина“)

Страдаме за расфрлената младост, за медитирањето во апатичност и блуд, за новосоздадените без’рбетни тела со „поглед од празен студ“, кои под еркерот на избезуменоста „делкајќи си ја столичноста, стануваат симбол на безличноста“ („Маска“), за несфаќањето дека „зрно прашинка сме во вселена-та, а таложиме себичности во меѓупросторот на калдрмата на душата“ („Суетност“), за малодушното збивтање во трката со времето и пудрењето на егото што виси како израсток на гушата.

Страдаме од сопствената наивност од типот:

„Си ја знам маката:
подадов прст –
ми ја растргнаа раката“. („Превид“),

или, пак, од соочувањето со (бес)мислата како производ на сопствената немоќ во борбата со бремето:

„И да се надраснеме себеси
пак ќе сме прашинка,
прашинка на безвремето.“ („Суетност“)

Страдаме за туѓата мрзоволност и кукавичлук, за туѓото клукање и плукање, за туѓото поттурнување и разнебитување, ненаситување и себе откорнување.

Во ваквиот мавзолеј на немоќта, никнува стравот како „вулкан на непромисленоста“, страв кој безмилосно сече во срјта на вистината, страв кој води до бесцелноста на коцкањето со бидднината, зашто „сите варијации испаруваат во ќор-сокакот на судбината“.

Напати свесно втрчувајќи во иста замка, свесна дека сама си ставам јамка, се сопнувам пред сознанието дека:

> „Ќе го дотрошам здивот
> или
> ќе го зберам.“ („Јамка“)

Налепена пајажина се мрести како прашина и ги бранува „ѕидовите од кафезот на мојот немир“, а јас место да ѝ створам проѕир, ја оставам безгласно да виси на клучалката. Во толчникот на животот уште еднаш во моите ликови страдалнички себеси ќе се втиснам, па ќе ја „голтнам среќата наместо да ја распрснам“. А спасот се дави без глас, „во брзакот на безизлезот проѕирно се нишам и... дишам... трепетно, но – Дишам“!

Многу пати заматен ни е видот, матна ни е и мислата, дишењето ја губи смислата. Но, дури и тогаш не се препуштаме на бескрајот. И кога несмасно ќе го скршиме „жешкиот филџан на стравот“, иако опечени, иако од грч згмечени, оцврснуваме во незаборавот.

Меѓу двата моста, кога на конецот се сучи лудоста, избезумен крик повикува да се избистри течењето на изворчето на мудроста. Вдахновението е растерувач на сомнежите, разденувањето може да ги отелотвори надежите. Болат патоказите на невозможноста. Но, храброста да се протера стравот во долината на неповратот сам да си пресуди го разгалува очекувањето.

Но, рамо до рамо со стравот од несреќа, притаен лежи стравот од среќа:

> „Болот од незивесноста
> на новораѓањето
> ми ги расчепкува надежите
> и тивко ме пеплосува“. („Очекување“)

Свесна за пребирливоста и неопходноста од алтернатива, со моите ликови се вплетувам во јадрото на духовноста за заедничкото ни тело да сети нова наора и вонземски да сонува. При таквата определба напати немееме, што не значи дека ја давиме смелоста ниту дека ја раскинуваме целоста. И во молкот „крикот на мислата не заглушува, крикот на душата здушува“.

Со силата на посакувањето ги скротувам порививе и со молбен шепот ги вознесувам во вселената на неименуваниот спокој. Во воздухот натежнува

потребата од потпора, од близок – свој, од сродна душа непреболот да го покрие, недогледот на оспокоеноста да го отскрие.

Во заокружувањето на трагањето со „Поетскиот дијалог“ е втемелена решителноста после засркнувањето повторно и уште посилно да се вдише, да се надојде уште побурно во исчекот на зачетокот на денот, да се сплетат нитки од среќата на изгрејсонцето и немирите на бурите. Па, впливувам во водовриежот меѓу двата моста, на грб со напрегнатата рассученост на убоста, Сега, не прекинувајќи ја потрагата по другиот крај од подвоеноста на животниот круг, ги сплотувам недогледот и брегот, подзапирам и

„Воздигнувајќи се,
во огледалото на душата
со три прсти гаѓам.“
Сега –
„Секое утро,
како и денот,
во утрото покрстена,
одново се раѓам.“ („Секое утро“)

Vesna Mundishevska Veljanovska

## THE QUESTERS OR BETWEEN TWO BRIDGES

In the living cattle, desires and fears connect into a tissue which spiced with love, disturbances, doubts and pain are spread out as a cloth. In a moment I will wash out that what disturbed us, in a moment we will feed the impatience - and it will calm down.” The unrest is gurgling and warm waters are bubbling”, In the endurance the doubt as an evil force carves implanting its own sky, waterless are dawning flows of fantasies, and the disconsolation rolls down from unsuccessfulness.

Disposable we are trying to escape from the cage of the cliché of the passing days, with stripping nails we are peeling the walls of the providences in quest of remedy in order to spit out “the impurity of the everyday life”. (“Tension”)

With the power of wanting I tame the urges and with praying whisper I raise them up in the cosmos of the unnamed rest. In the air hangs the need of support, of someone familiar – the closest, of a related soul the uncovered pain to cover, the infinity of tranquility to discover.

**Сања Мучкајева Видановска**

# МОИТЕ ЛИКОВИ – СТРАДАЛНИЦИ ВО СОПСТВЕНАТА САМИЦА

*„Опасност во среќата – сега ми е сѐ убаво, сега ја сакам својата судбина: кој сака да биде моја судбина“?*

**Фридрих Ниче**



Се искачува човек кон врвот на планината. Секој чекор е нов ден, нов копнеж. Понекогаш еден чекор напред, два назад, понекогаш два напред и врвот изгледа толку лесно дофатлив, а далечен... Секој напишан збор е еден чекор, а секоја страница можеби понекогаш изгледа фатаморгана од ликови кои ја бараат среќата, а копнежот ја отсликува реалноста на денешницата. Одговорноста на авторот, како моја одговорност. Затоа што секое отсликување на реалната потрага по среќата е сериозен запис на писателот, запис како сведоштво за идните генерации. Секоја потрага значи и пронаоѓање. Често се прашувам, дали со трагањето на моите ликови постои паралелизам со реалното (не)постоење на среќата во самиот себе. Можеби сум сама, а можеби и не, понекогаш сум сигурна во сопствената осама, кога ќе погледнам кон врвовите на планината, се прашувам дали човек може да ја пронајде среќата, таму горе, каде што се чини ќе знае да го опфати светот во едната дланка, оној син облак што и мојот лик го потсетува дека човек сам се раѓа и сам умира, а среќата е тука некаде помеѓу. Дали мојот лик го отсликува моето барање, таму на страниците, а јас писателот се судрувам со туѓата срека, па ја посакувам во еден дел од моето постоење, оставено за илузијата на таа фатаморгана што секој од нас ја носи.

Копнежот и светлината на сонцето знаат да бидат исто силни, да ги насолзат очите, како што има солзи кои тагуваат и солзи радосници. А тоа помеѓу е човечка среќа, љубов, вистина или секојдневниот ден во топлата соба, уморен од качувањето – среќа? Чиј лик од напишаната книга се губи во сопствената стапица, решен да ја пронајде, секогаш кога сака уште и уште, не задирајќи подлабоко дека секоја потрага носи свои жртви на патот кон осознавањето на наједноставното прашање, ШТО Е ТОА СРЕЌА?

Можеби и ликот би се заменувал со нечија друга судбина, но авторот тоа не го дозволува. Па го остава да живее со својата потрага, како што и самиот тој би живеел со својата, качувајќи се на врвот, потејќи на макотрпниот пат, за да го спознае своето јас, таму каде птицата лета над неговата глава, а облаците го допираат секогаш кога ќе погледне удолу кон провалијата.

*„Адам, го извади ранецот и ставајќи го на грбот тргна по тесното патче во шумата. Движејќи се брзо низ сенките одеше кон местото што често знаеше да му го поврати мирот. Стрмната угорнина го заморуваше, но не го намалуваше темпото, како да брзаше кон некого што со нетрпение го чека. Владееше потполна тишина. Освен птиците над неговата глава немаше ништо друго. Дишеше забрзано и иако беше прилично свежо, зошто сонцето не можеше никако да допре до папратот околу неговите нозе, чувствуваше како по грбот на местото каде лежеше ранецот, блузата се лепи на неговата кожа. Надоаѓаше сè пострмна нагорнина, но Адам немаше намера да застанува. И чувствувајќи го заморот, умот полека-полека се разбиструваше. Се ослободуваше од нервозата и беспомошноста. Се среди, стабилизира. Се ослободи од ѕидовите кои го гушеа и не му даваа да дише. Со секој чекор ги полнеше градите со кислород, толку потребен, прочистувајќи го бесот и презирот кон сè што го опкружуваше. Почувствува радост што тој ден избега од беспомошноста, мирисот на болницата, креветите што го врзуваа споменот за татко му со изобличено лице, а тој не можеше да му помогне, секојдневието со Ева, домот во кого сега беше тесно. Некогаш, се чинеше многу одамна, домот беше спокојство, меѓу неговите ѕидови наоѓаше сè што сакаше. А сега, некаде надвор беше таа“.*

И тогаш една човечка судбина е раскажувана визија, визија што авторот ја поставува на страниците на денешницата, прашувајќи се дали сегашноста ќе ни ја дозволи потрагата кон исконската надеж, додека секое време носи нова дефиниција. А времето, како издвоено раскажување ја смислува приказната во која секој товар живее одделено. Денешницата, која со секое искачување кон успехот ја губи духовноста, а вредностите остануваат заборавени меѓу сенките од љубопитноста. Каде моралот останува заборавен во сенката на себичноста, на истиот тој пат по кој барањето на среќата се издигнува на ново скалило. И Адам бил протеран од рајот кога Ева му го подари јаболкото на задоволството, а секое задоволство ја зголемува среќата, па човечкото во човекот е гревот што останува за цела една вечност. Прогонот на писателството е мојот прогон каде што ликовите од „Самица“ живеат во денешницата, со сопствени поимања за среќата, каде моментот на сопственото будење поставува прашања што значи новиот ден. Дали е тоа среќа?

*„А дали среќата доаѓа тогаш кога ја довикуваш, или тогаш кога не ја очекуваш... или просто кога ќе бидеш спремен да ја согледаш... Што е нови-*

*от ден? Што е утрото, пладнето, ноќта и на крајот што е денот поминат со семејството... среќа... Колку е среќен човекот“!*

Животот често чудно си поигрува. Го врти денот, ја носи ноќта, а потрагата продолжува. И човек ја гледа светлината, далеку, далеку, а му се чини толку блиска. Како виножитото што бега. Како сопствениот пораз во осамата што трагајќи по среќата на страста или љубовта, затворајќи се од портата на она по што се трага. Неизбежното (не)морално истражување кога се игра со забранетото, а пустиот остров се претвора во сладникав вкус кој само ја открива осамата, а ја брише среќата. А што е среќата, ако не раѓањето на новиот ден, будењето од сонот кој е најблизок до смртта и новата шанса што се нуди. Што е среќата ако не погледот на семејниот неделен ден како ѕиркач во туѓиот дом, попладневната испиена голтка кафе и спокојството на духот, кога страдањето останува некаде назад, заборавено од моменот на тишината. Кога секој лик од реалноста или оној измислениот (кој, исто така, е извлечен од реалноста) ја врши потрагата на сопственото битисување, качувајќи се секој ден по патеката само нему позната, онаа што мисли дека го води кон врвот. Кога се уморува, збифта, се врти назад, па подзастанува. Да се одмори. Па, продолжува. Дали животот, ликот од нечија приказна се создава токму поради потрагата по среќата, а таа бега како виножито, сè додека не сфатил дека ја оставил зад себе. Едната, па тргнува во потрага по другата. И сè така од почеток. Како оној лик зафатен во соствената самица, кој среќата ја бара во својата судбина... А кој би сакал да биде негова судбина?

И среќата има свое проклетство, она што се провлекува низ жртвите на таа среќа. Како прашањето, дали нечија среќа е остварена врз туѓата болка? Кога и самото стигнување на врвот покажува дека потрагата по среќата може да ја открие самотијата, на оној лик што секојдневието го отфрла да биде судбина во туѓи раце, а ја бара сè додека не сфати дека таа избегала, како боите што се менуваат со колоритот на вегетацијата низ местото по кое се искачувал. И секоја судбина е раскажување за една среќа која постоела, а која не се нашла. Едната дланка ти нуди да земеш, а другата да дадеш. А една со друга не се гледаат. Во провидението кое е испишано од самото раѓање на човекот е провидението и за неговата среќа, а приказната на писателот е провидение кое го осмислува и го пишува, за да се судри со самотијата на ликот (како и со соствената), анализирајќи го (се) онака како што судбината налага за да ја пронајде. Дали во сопствената самица е изградена човековата среќа, за на крајот повторно да биде сам? Сам со своите мисли и прогони каде човековата судбина се заменува со судбината на непронајденото остварување на замислата. И кога ликот ќе ја пронајде својата, се ракува со самицата – сликана денешнината полна со осаменост, како верен придружник на патот на искачувањето кон замислената среќа. Каде луѓето се губат, барајќи ја егзистенцијата што ги голта одамна поставените морални вредности, а материјализмот ја јаде човечката душа.

Човечка среќа, љубов, вистина или секојдневниот ден во топлата соба, уморен од качувањето – среќа? Чиј лик од напишата книга се губи, се пронајдува, се вовлекува во сопствената стапица, решен да ја пронајде, секогаш кога сака уште и уште, не задирајќи подлабоко дека секоја потрага носи свои жртви на патот кон осознавањето на наједноставното прашање, ШТО Е ТОА СРЕЌА?

И сите текстови кои ќе пристигнат за прашањето за среќата, пишувани за ликовите или за себе, како што и секој кој пишува се вметнува себеси кон поставеното прашање, ќе носат најразлични согледувања за среќата, а своите ликови ќе ги носат кон одговорот дека СРЕЌАТА Е... а среќата на ликовите ќе биде и среќа на авторите. Која се бара одново и одново, со секој напишан нов текст.

Зарем и авторот среќата не ја бара на страниците, одново и одново со секоја нова напишана книга, пронаоѓајќи го секогаш одново одговорот дека СРЕЌАТА Е... ах, кога само би можеле да ги замениме своите судбини!

Sanja Muchkayeva Vidanovska

## MY CHARACTERS – SUFFERERS IN THEIR LONELINESS

Often I ask myself whether in the quest of my characters exists a parallelism with the real (non) existence of happiness in myself. Maybe I am alone and maybe I am not. Sometimes when I am certain that I am lonely I direct my attention towards the mountain peaks and ask myself if up there one could find one's happiness and envelope the world in one palm, that blue cloud which refreshes memories always reminds me that one comes alone to this world and alone leaves the world. Happiness is here somewhere in between.

I continue asking myself if my character is a reflection of my quest on the pages, and I – the writer bumps into someone else's happiness which I desire in one period of my existence.

The longing and the sunlight could be strong enough to force tears appear in one's eyes, tears of sorrow and tears of joy, in between is the human happiness, love, truth , the tiredness of climbing up or passing everyday life in the warm room. Happiness? What is Happiness?

**Ванде Ганчевски**

# СТРАДАЛНИЦИ ЗА СРЕЌА И ОД ИЗГУБЕНА СРЕЌА



Ја отворам мојата мозочна матрица, листам, прелистувам, барам ликови страдалници низ моите раскази и романи. Наоѓам многу, премногу. Некои страдаат по среќа, а некои по изгубена среќа.

Забележувам кај сите ликови страдалници, страдањето не излегува полека смирено срамежливо, туку кочоперно наметнато. Кај сите сум заробил дел од движењето на страдањето во животот низ напишаните книги и мило ми беше што сум успеал во тоа, за по сто години некој читател да може да сочувствува со маката на страдалникот. Депресијата кај сите се дави низ душевна празнотија и читањето го прави болно. Констатирам дека сè е премногу лесно кога си расположен, ако сè ти е погодено, средено и на свое место поставено, но кога не ти е се наоѓаш во пеколно напнато страдање. И уште дека страдалниците зачестено гледаат во облаци, посебно во еден одбран, потемен, повлажен, понизок, готов да истури дожд. А тоа е опсесија грда за страдалникот.

Од мозочната матрица селектирам и одбирам само два страдалника. Го одбирам Оливер и јас се одбирам. Доволно ќе бидат за да се напишат неколку страници за бараната тема од Организаторот на Осмата роднокрајна средба на битолските писатели во Македонија.

Во расказот „СМАТОК“, Оливер е главниот страдалник. Завиен е со болката од страдањето. Во таква состојба Оли не е во состојба да забележува основни показатели ниту за времето ниту за природата. Еве еден извадок:

„Беше легнат накосено на тревата под брезите. Избега од градот овде да се исплаче. Уморот во него заминат беше. Сега не е како порано, не може да ужива во раскошниот мирис на воздухот од цветовите распослани во ливадите долу под него, носен од благото ветерче кон него. Во минатото кога маката не беше надвисната над него, секогаш ги селектираше мирисите носени до неговиот нос. Сега бегло заминуваа во букет зад него низ дрвјата, капините, неоделени едни од други. Загледан е во сонцето, а не забележува како зајдува зад големиот рид во далечината и сенките ги издолжуваше, растеа. Растеше и неговото страдање. Како ќе помине оваа ноќ? Одговор сам си даваше, дека без сон ќе биде како и многуте заминати. Порано, пред маката да

почне да го цеди, навечер пред легнување ја местеше перницата и ја прашуваше: „Што ќе сонувам ноќва лепотице“? И сам одговор даваше носен од неговата желба, „сакам за мојата љубов да сонувам“. И секоја вечер истата порака излегуваше од неговиот избор. Денеска Оли не прашува. Знае дека е страдалник кај кого љубовта задремала, заспала, го напуштила, му завртила грб, згаснала... И сега ја нема. Останат е само споменот за неа кој му носи болка и тага и го прави страдалник, а тој не бледее.

Низ мислите денеска зачестено ја гмечи, ја тутка, ја плеска, ѝ се одмаздува. Знае дека тоа е само посен залак за него. А мора така... Ете така од инает. Го направи страдалник со тага, да чекори болен низ траурен студент кус ходник во еден и во друг правец. Знае Оли дека за оваа болест нема лек. Времето...? Нема шанса. Знае Оли дека љубовта никогаш не била слободна и не може времето да ја гази, бидејќи е вистинско ропство вгнездено во синевина која шета низ неговата глава во овој ранодојден крај на летото, распослана и на небото низ која секаква мисла од главата замира како после кивање. Сепак, сеќавањето го пушта низ апатија во таа нивна последна средба, плакнејќи се со мисла дека одбра начин за да го освети својот љубовник. Неговата глава не ја фризираше ниеден ветер, тој на секој половина час се чешлаше. Јавно ја негуваше неговата коса. Привлекуваше погледи. Ако просечно се користи човековиот мозок до 10%, тој го користеше до 2%. Ако дневно кај просечниот човек низ глава врват до 60 000 мисли, кај него едвај минуваа до 5 000 мисли. Неговиот предобар, вреден, нежен љубовник на Оли му ја отвори вратата на светот кон физичката екстаза. Јаки мускули, мал мозок, а цела ноќ работеше како поулавен. Љубовник кој замина во смрт, а го однесе советникот од Владата поради љубомора и откажана љубов кон него. Знае Оли, тоа животно го издаде. Се издигна со него и кога музиката заврши го шутна по јајцата и побегна назад во Владата, да се крие како специјалист за креативно плукање.

Оливер одлучува, откако ќе го освети својот љубовник, ќе бара прибежиште во меланхолијата за таа да стане дел од неговиот карактер, а тој нејзин зависник. И страдалник, сам осамен... Да се буди со сознание дека е гнил животот. А неговите соништа не ќе се алчни по среќа, таа не му треба. Ќе ја сака само маката, нема неа да ја испушти од прангите на заветот кој стана за Оливер цветен сон на вдовица.

Кај страдалникот светот е поинаков во неговите очи. Сè е во него испревртено, а околу него ѕверка се мота околу слабините и се јазли преку ребрата. Го скокоткаат грозни студени шепи. Застанува кај срцето... Ослушнува. Се исплаши. Крвта беснее како во огносаност. Не се обидува да побегне од непријатноста. Останува мирен, сака да страда.

Секогаш првата верзија од напишаното ја оставам да легне, а кога ја читам констатирам дека премногу невнимателен сум бил. Втората верзија ми кажува дека пропустите се намалени. Во третата има помалку, четвртата малку, петта можеби немаше, ама напишаното не ми се допаѓаше... И целиот материјал лета како топка кон корпата. Честопати размислував да баталам про-

за, да се вратам на поезијата поради едноставноста, леснотијата... Ама не може, мојот глад кон прозата ме штипи. Вели, мој страдалник си.

Секогаш сакав педантно да се задржам на секоја главна ситница, зачестено гледам дека не сум успеал онака како што сакав. Сум зборувал, сум сеел, сум се повторувал... Уште ова, уште она, овде корекција малку. Жал ми е повеќето да го избришам... Тука уште запирка и додадено...

Некогаш задоволно констатирам дека напишаното излезе разиграно лесно во нова техника на пишување. Можеби од брзање или отфрлање на мисла која бара враќање за преработка, доработка, мазно зачешлување на патец, прав доминантен. Прав како кратко потстрижување по мода (како потпаролот на синитe). Ги премерувам зборовите.

Повторно незадоволство ми се собира во стомакот. Меурот само што не се испразнил во панталоните, а јас ја занемарувам потребата.

Се надоврзувам на извадок од романот „МЕ ТОПЛИ ВОЛНЕНИОТ ШАЛ“:

„Немоќен сум да се спротивставам на оваа зараза. Знам дека е тешка работа пишувањето. Полесно е бунар да се копа со денови отколку да се пишува, ама нема што да правам, вирус има во мене, бара да пишувам, морам да му излезам во пресрет, да го задоволам... Морам. Не измислиле лек против ваков вирус кој знае само да бара, да иницира, да притиска и да штипи ако не го задоволиш, а знае зачестено заканувачки да предупредува. Тогаш ја подава главата за да гризе како црв кој рие мразулесто грозно лигаво. Се лепи и дразни. Како магнет влечи.

Ако не напишам нешто болен сум. Тогаш сум страдалник, страдам со душевна болка. И денеска ќе страдам. Немам емотивна сила за пишување. Да дремнам? Да се испружам? Се чувствувам уморен. Без ништо сработено се уморив. Или да направам пауза да се одморам ден, два, три... Три многу се, ќе бидам празен, континуитет во пишувањето ми треба, не можам ниту ден. Ех, какво убаво утро за пишување, како порачано, а јас излажан останувам. Секоја втора мисла ми се пресекува, не оди... Премногу топки направив ова утро. Корпата сигурно се чуди што ми стана денеска. Или се буни, преполна е. По вокација, малку со инает, вадам друг лист бел и прав како преку него да поминала мојата мила со сукало. Имам чувство дека ќе го претворам во букви... Ќе играат на него танц, онака како што сакам јас. Ќе се нижат во зборови, а тие пак ќе прават музика од мисли. Денешниов ден сакам да го искористам, ако не го искористам ќе останам без душевна храна, тогаш сум страдалник беден и нервозен. Ноќта ќе ја испратам бессоно... Преку денот сум го цепел умот, сум го расцепил и во парчиња расфрлен сум го оставил, меката перница не ќе може да го собере. Знам, заразен сум за пишување... Вирусот бара. Еднаш го добиваш, нема лек, нема компјутерско бришење. Останува вкоренет и мора да го задоволуваш со пишување. Само со пишување. Ако не... Не ти

дава мир, зачестено те стега. Те сили како жед за вода. Зависник те прави... И страдалник на свој начин.

Посебно специфични се страдалниците од романот „ЌЕ ГО ТУЖЕВ ГОСПОД“. Ги има многу исплеткани се низ болката во извезениот гоблен на тагата од изгубената среќа. Сите живи страдалници се директни и индиректни минувачи покрај траурот. И јас меѓу нив. Знам дека од денеска секој ден ќе биде умирање, а посакувам еднаш во еден ден да се даде завршница. Болката ми кажува дека замина пролетта на мојот живот, оставајќи само опорита пајажина околу мене. Романот го напишав додека бев брадосано страшило за да биде последен и повеќе да не пишувам. Не било така. Вирусот во мене е неуништив, не може да го заспие ни ветување, ни клетва, ни заклетва. Сега повеќе сакам да сонувам, иако знам дека соништата се празни и можат да излажат, реалниот живот не го сакам, го замразив.

Еве ја завршницата на романот „ЌЕ ГО ТУЖЕВ ГОСПОД“:

„Овие денови повторно ќе застане пред мојата порта, во поштенското сандаче ќе фрли честитка напишана за Нова година од моите внуки. Знам половина ќе биде напишана од едната, другата половина од другата. А содржината? Повторно на сцена излегува мојата деформирана спирално извиена фантазија.

Дедо и бабо!

Со вашите внуки многу што ве сакаат, убаво да ја поминете наредната година.

Тоа ви го посакуваат Тиана, Теона и тато
и мама од горниот свет.

Солзите ми навираат, не мрзнат на студенилото, солени се. Цигарата меѓу двата прсти догорува, жарот предупредува. Го виткам показалецот, ја стегам нервозно со палецот за да одлета како стрела, а тогаш низ испуштениот последен чад се огласува тој, гласот на мојата подличност некако наредувачки, вели:

– Немој да ја фрлаш, држи ја меѓу прсти, жарот нека жари, нека пече, изгоретина лузна нека прави, а ти трпи, биди страдалник.

Јас него си го слушам, го респектирам неговото мислење, ја прифаќам неговата сугестија, имам верба во него и така правам.

Vande Ganchevski

## SUFFERERS OF BOTH HAPPINESS AND LOST HAPPINESS

I notice that in all my characters – sufferers, the suffering is not appearing shyly and slowly. It appears with imposing force. In every character I had imprisoned a part of the suffering so after a hundred years one could sympathize with his toils. Usually, the sufferers look at a certain cloud, dark, wet, low and ready to shower rain – an ugly obsession for the sufferer. From the brain matrix I choose only two sufferers: Oliver and myself. When everything is in its place, when we are in a good mood it is easy, but no one is immune to the woe. When the woe comes the hell starts.



**Петре Димовски**

# ЖИВОТОТ Е ГОЛЕМА ПОТРАГА ПО СРЕЌАТА



Враќајќи се повторно на ликовите од моите дела, по онаа прва средба кога ги креирав, го наоѓам нивниот животен сон, нивниот копнеж по среќа и нивната надеж за отворање на светлината од мракот. Ги зафатил тој силен копнеж на постојана потрага по среќата, но препознавам кај нив повеќе борба, повеќе отпор во предизвикот на тешкотиите од животот отколку страдање, низ што се изразуваат и го очекуваат посакуваното утре во кое ќе има повеќе среќа и поголема исполнетост на нивниот животен сон во нивните егзистенцијални текови.

Но, има кај нив и страдање, секако дека има. Има едно преплетување на формите во прифаќањето на состојбата во која се нашле, како миг на преминување кон побаруваното и кон целта, со несомнено изразен степен на недоволна моќ тоа да се оствари за да се дојде до посакуваната среќа. Тоа создава страдање, изразено низ несигурноста и стравот дали ќе се пронајде излезот, едно тонење во темнината и по сите копнежи да се најде и приграби среќата. Се јавува кај нив чувство на изгубеност, чувство на немоќ во остварување на средбата со она што им е истргнато од срцето, што им е одземено од нивниот внатрешен свет и сокриено од нивниот пат на животот. Не може секогаш да се види страдање во оние тешки, натчовечки напори да се победи злото и да се извојува битката за доброто, кога во големите одрекувања, судири, болки се гледа отворот кон светлината по кој се трага и кое трагање исполнува, не со страдање, но со исконски порив на сила и истрајност да се издржи тоа и да се излезе кон целта на потрагата. Но, има страдање кога ориентирот на светлината се изгубил во мракот и се наметнува неизвесниот исход во потрагата, потхрануван од сомнежот и од недовербата дали ќе се истрае во битката. Во тој миг започнува страдањето, зашто се отвора сознанието дека среќата е изгубена и не може да се дофати, нема пат по кој ќе се стигне до неа, недоволна е силата што треба да го скрши оклопот во кој е заробена душата. Тогаш се страда, и секогаш, кога затемнува облакот над копнежот пред чистиот видик кон излезот. Никола од романот „Балканскиот ѓавол", кој по ракетниот напад е соборен од небото и на цврстото тло стигнува без својот авион, во ноќ во затворен предел, не го чувствува страдањето за својот живот и за свое-

то извлекување, зашто својот пат во извлекувањето го има во целта пред себе, но страда, силно страда во неизвесноста за животот на Љуби која останува незаштитена во опкружувањето од непријателството на тие што го соборија него и стравува дека својата омраза ќе ја насочат кон неа. Никола просторно е далеку од саканата девојка и страда во таа немоќ да стигне до неа за да го испревари злото, да ја извлече од опасноста која ќе се урне врз неа пред таа и да стане свесна за тоа во која форма и од која страна доаѓа. Неговата љубов го носи низ најопасните случувања во потрага по девојката, но големата неизвесност од тој пат дали ќе стигне до неа и дали тоа на време ќе се случи силно го затегнува обрачот на страдањето околу неговото срце, а тој обрач ќе распука и ќе се искине само тогаш кога ќе ја пронајде девојката и ќе ја извлече од опасноста која ја зафатила. И тогаш, само тогаш може да се врати среќата кај Никола, да ја почувствува повторно силно, и ќе ја почувствува кога ќе ја пронајде и избави во временски и просторно долгата потрага што ја спроведува. Така ќе мине и низ едно големо страдање до пронаоѓањето и враќањето на среќата.

Кога започнува страдањето за копнежот по среќата? Секако, не во соодветност со почетокот на тежината на миговите во животот. Богдан Невеновски од „Густа магла“ќе го почувствува страдањето тогаш кога ќе се открие дека е во туѓа војска, на туѓи простори, одвоен од родот и од татковината по туѓа желба, и тогаш страшно страда во обидите да го оствари своето избавување за да се најде во својата земја и да се бори за нејзиното ослободување. Во тоа сознание каде е фрлен и пропаднат не може да ја допира среќата и само копнежот го има по неа, во мигот неостварлив, зашто ги нема силата и моќта да се избори за својот пат и големо е страдањето во кое западнала неговата душа и во кое смртно се измачува.

Дали страда Пламенка, ликот од истоимениот роман, по копнежот за среќа во оној храбар, решителен подвиг на патот низ невремето што го донеле ропството и војната? Таа е обземена од својата цел и својата подготвеност да изнајдува сили за да ги минува и прескокнува препреките што ги поставува животот на тој пат до слободата, и таа целосно е исполнета со својата борба. Во мигот на општото страдање таа ја чувствува среќата во сопствената сила да го отвора патот, во сопствената верба дека ќе го изоди, во убедувањето дека ќе истрае до победата. Но, Пламенка страда во слободата. Страда тогаш во препознавањето на изневерата, каде во дејствувањето на нејзините соборци во извојуваната слобода открива дека се урнати нејзините очекувања, луѓето за кои се борела се изневерени и им се одзема материјалната и духовната придобивка, и го губат патот низ животот. Кога верувала дека е среќна, открива дека ѝ се случува најголемото страдање во копнежот по среќата, затоа што нејзините големи очекувања наполно се изневерени.

Многу тешко е да се раздвојат чистото страдање и чистата среќа, затоа што секогаш во страдањето постои вербата со копнежот кон среќата и секогаш во среќата се надвиснува сенката на стравот со сомнежот дека таа може секој следен миг да исчезне. Како и мигот кога се страда по среќата. Секако,

не секогаш кога во процесот се трага по неа. Некогаш самото трагање по среќата, иако не е дофатена, го носи чувството на исполнетост од неа во вербата дека ќе се стигне целта да се пронајде и да се отвори.

Кој страда по копнежот за среќата во расказот „Зора во сликата"? Дали Бушавиот Боем, кој не стигнува да си ја плати пијачката по крчмите, ниту станарината, затоа што не може да ги продаде своите слики? Но, се добива впечаток дека тој живее спокоен, исполнет живот со чувство како ништо да не му недостига во него. Или по среќата страда младата дама која целосно е обезбедена материјално и непречено се исполнува нејзиниот сон за наобразба? И за неа останува истиот впечаток дека ѝ е исполнета душата. Но, кога подлабоко ќе се навлезе во неа, во душата на младата дама, ќе се открие големата празнина што создава страдање во копнежот по среќа. Таа потајно е вљубена во Бушавиот Боем, а под надзорот на својата мајка и невозвратената љубов од Бушавиот Боем, длабоко страда по неостварената љубов која својата сенка ќе ја наметне и ќе ја покрие низ целиот нејзин живот. Бушавиот Боем е спокоен зашто не е допрен од љубовта. Но, кога во еден период, сепак, тоа ќе се случи, а младата дама ќе биде истргната од патот на неговиот живот, тој ја продолжува љубовта на свој начин, чувствувајќи ја среќата од своето дело кога по долгата работа на сликарското платно ќе се покаже младата дама како зора во сликата, со овековечениот миг од единствената нивна средба.

Кога се јавува копнежот по среќата кај главниот лик на романот „Крилја", Јанкула? Тој е надвор од светот, одвоен во заробеништво на затворениот тунел и светот го гледа само низ отворот кон морето, во кој не може да влезе поради височината на брегот што го одвојува. Но, тој се чини не страда во копнежот по среќата зашто целосно е мобилизиран, со своето тело и со својата душа во битката да излезе од тунелот, да се избави од заробеништвото во кое пропаднал по несреќата што го затвори единствениот отвор за излез. Но, копнежот по среќата се јавува, нараснува и е видлив кога со својата истрајност, снаодливост и вештина успева да преживее и да се извлече кон светот, излегувајќи на брегот од морето. Како што надојдува плимата во морето, така силно надојдува копнежот во него по среќата, влезен повторно во отворениот, но празен свет и тоа му создава страдање.

Меденка од романот „Сонце во ќелијата", заробена на островот, силно страда по среќата која ѝ е одземена со тоа што ја држат далеку и одвоена од синот и од сопругот, тие кои ѝ претставуваат сè во животот и без кои не може да ја има среќата. Таа постојано ги има во мислите и во соновите, копнее за средба во која силно ќе ја почувствува големата среќа на обновениот живот и таа за сето време додека чека, живее само за тој миг, страдајќи во големата болка од присилната разделба.

Страдањето на ликовите е пренесено од реалниот живот и затоа тоа страдање во копнежот по среќата е толку уверливо и реално, онака како што го познава самиот живот. Сам по себе копнежот по среќата носи страдање, зашто штом кон нешто се копнее, тоа не е дофатено, но се цели да се оствари. Тој процес на трагање, исчекување, копнеење и неизвесност создава страдање, за-

што никогаш не може да биде познато дали притоа ќе се дофати среќата. Најчесто таа е светлина затворена во мракот и треба да биде ослободена од таму за да може да се земе во животот.

Во „Изгубен пат“ Симонка ја губи среќата кога по породувањето сознава дека нејзиниот сакан Григорие исчезнува без трага за насока каде да го бара и тогаш нејзината среќа исчезнува, па таа страда во исчекувањето да ѝ се врати среќата. Сама и незаштитена, чувствува дека тоне во понорот, и среќата останува сѐ подалечна, а копнежот по неа посилен, и тој копнеж по среќата ќе ја поведе по патот на потрага во туѓи далечни земји, држејќи ја надежта дека таму каде што ја води мислата еден ден ќе се појави среќата што ќе го остави зад себе големото страдање, отворено кога среќата исчезнала. Тоа страдање е Прометејско, зашто е проследено со големи душевни болки настанати од немоќта да се спречат и физичките болки што ги добива Симонка откако губејќи ја среќата, ја губи и моќта да се брани од нападите на шефот во фирмата каде работи. Но, среќата, изгубена пред многу години, конечно се враќа. Иако трае кратко, во тој временски интервал целосно ѝ ја исполнува душата, која оптоварена со големи страдања во потрагата по неа го завршува својот животен пат со телото.

Мајката Милана од расказот „Патувања“ неизмерно страда по дознавањето дека нејзината ќерка Ангела, иселена во Австралија, тешко се разболела. Целиот свет на Милана, сиот нејзин живот се собира во бесконечниот копнеж да ја види повторно среќна својата ќерка, во која среќа се состои и нејзината, иако од товарот на годините е немоќна за големи подвизи, таа собира сили, распродава сѐ што ѝ преостанало со материјална вредност и заминува на пат да ја види својата болна ќерка, да ја охрабри и да ѝ однесе утеха и потпора во тешката битка со болеста, за да се избори над неа и да ја врати загубената среќа, а ќе ја врати кај себе само ако ја врати во животот на ќерка си. За сето тоа време Милана силно страда по изгубената среќа.

Не во секое дело, и не сите ликови се страдалници во копнежот по среќата, зашто како и во животот, среќата е многу релативна состојба и ликовите ја чувствуваат низ сите оние испреплетени врвици во животот, кога се во постојани битки со злото за да го заштитат доброто, кога низ ситните нешта на секојдневието ја разбрануваат среќата во душата до надојдени поројници или кога победите во големите животни битки и во големите одлуки создаваат голема река на надојдена среќа.

Petre Dimovski

## LIFE IS A BIG QUEST AFTER HAPPINESS

When I threw a second look at the characters in my works after I had created them I found out several common things for all: their life dream, their longing for happiness and their hope of escaping from darkness into light. They are all overwhelmed with an urge of constant quest after happiness, but I recognize more their fight with the difficulties in everyday life than their suffering. But still they believe in better tomorrow with luck and happiness that is always in their expectations. Analyzing their situations I found out that sometimes their condition of suffering is shown through their powerlessness in fulfillment of their wishes or desires as their aim. These seems to be their drowning in the darkness in spite of their longing for happiness. Besides the feeling of helplessness, the feeling of being lost is evident too. What was once pulled out from their heart and was uprooted from their inner world and hidden from them they realize that cannot be restored.



**Јован Ѓуровски**

# ЛИКОВИ ВО ФУНКЦИЈА НА МОЈАТА ПРЕОКУПАЦИЈА



Со сериозни литературни дела се занимавам откако се пензионирав, пред осум години. Дотогаш пишував хумористични и песни, по некој повод, а потоа издадов осум романчиња; така ги викам, затоа што тие мои дела не се големи романи од по триста и повеќе страни, ами најмногу од 150 до 200. Мислам дека толкави треба да бидат, за да може секој читател да ги прочита за 2-3 попладнења, при одморот од работа, а не да го заборави почетокот кога ќе го дочита крајот. Ете така, ги издадов (и повеќето како самостојни изданија) следниве книги: ***„Нивната есен на животот“, „Пријателите на Даскалот“, „Крвта вода не бидува“, „Кога вампири шетаа по селото“, „Неподобен“, „Гулабицата од Ѓупски Баир“, „Секој човек баша будала“, „На почетокот од крајот“*** и ***„И судбината не доаѓа сама“.*** Речиси од сите овие наслови на моите романи може да се насети мојата преокупација и идеја во истите.

Што се однесува до ликовите во нив, можам да кажам дека тие се луѓе од секојдневниот живот и тоа денешниот, современиот, односно пишувам за настани и личности кои добро ги знам, односно нивните прототипови ми биле блиски: роднини или пријатели. Ова не значи дека тие мои ликови ги носат нивните вистински имиња или, пак, настаните се фактографски и фотографски пресликани. И ликовите и настаните се во функција на мојата преокупација, што сум сакал да ја истакнам во одредено дело. Но, не сум преокупиран со луѓе на високи функции во општеството или големи бизнисмени, криминалци, туку обични наши луѓе какви што најмногу ги има, средна класа, луѓе меѓу кои и јас суштествував во нивното опкружување. Тоа се многу личности во романите, но овде ќе се задржам на оние поглавните, оние кои се носители на настаните и дејствата во моите дела.

Доминантен лик во моите романи: („Нивната есен на животот“, „Пријателите на Даскалот“, „Секој човек башка будала“) е Едрејко Даскалот. Овој лик го имам и во другите романи и е препознатлив како: Невен („Крвта вода не бидува“), Перун Триборски („Неподобен“), Јошко („Кога вампири шетаа по селото“), Младен („Гулабицата од Ѓупски Баир“), Милан („На почетокот од крајот“, „И судбината не доаѓа сама“). Всушност, тој е нараторот, раскажу-

вачот, односно авторот. Рецензентот Радован П. Цветковски за првиот мој роман со сериозна содржина, „Пријателите на Даскалот“, за овој лик ќе рече: „Едрејко Даскалот е лик кој Ѓуровски го внесе најпрвин во хумореските, а потоа и во овој роман. Тој лик еволуира во прозата на авторот и со овој роман останува нецелосно завршен како книжевен лик. Во тоа најмногу повлијаело исповедното и автобиографското“. А рецензентот на „Брецкањата на Едрејко Даскалот“ (збирка хуморески), Огненовски, го споредува со Итар Пејо: „Тој е нов Итар Пејо: даскал, учен, интелектуалец, снаодлив во секакви ситуации, а немоќен да им се спротивстави на општествените неправди. Тој не се шегачи со народот, но го вивисекцира општеството и ги вади на виделина валканиците. Неговиот хумор асоцира и на тага и на болка. Тој, најпрво се смее над самиот себе, но знае да го ‚зарие ножот подлабоко‘ кога удира по власта и бирократијата“.

Констатацијата на Цветковски дека ликот на Едрејко Даскалот не е целосен, правилно ја извлече од тој роман, поради тоа што таква е улогата на Едрејко во романот: да биде и лик и раскажувач, и тоа како пензиониран наставник, пациент во болничка соба со уште двајца други: агрономот Вецко и учителот Кенан. Сега, кога Цветковски ги има испрочитано сите мои романи, може да го комплетира ликот на Едрејко Даскалот, но имајќи го предвид: Јошко („Кога вампири шетаа по селото“), Невен („Крвта вода не бидува“), Перун („Неподобен“), Младен („Гулабицата од Ѓупски Баир“), Милан („На почетокот од крајот“ и „И судбината не доаѓа сама“): дете, младич, брачен другар, наставник, пензионер итн. Но, во право е Цветковски, бидејќи книжевниот лик треба да се долови од едно литературно дело.

Сличен лик во моите романи е и ликот на Петкана како пандан на Едрејко („Нивната есен на животот“), но за разлика од него таа си е оформен литературен лик во секое посебно дело, иако и таа ја препознаваме како: Невена („Крвта вода не бидува“), Перуника („Неподобен“), Бојана („Неподобен“) и други дела. Но, таа во секое мое дело е опишана според идејата и темата на делото. Во првиот роман (хумористичниот) таа е селска мома, убава, дрндеста, но и храбра, дрска, провокативна, а сега како наставничка и колешка на некогашниот симпатија Едрејко, но и туѓа сопруга, сегашност која создава низа комични ситуации каде хуморот не го крие еротскиот набој и привлечноста, попречената љубов во некогашното да се реализира во оваа поставеност. Оваа љубов се препознава и во Перуника („Неподобен“), овој пат со една едноставност и неизвалканост, каде пензионерката Перуника, она што животот ѝ го одзел: брак без љубов (и пород), ја ставам во старски дом заедно со првата љубов, Перун. Таа е здрав здив на мариовското село, купечка кукла во чиста мариовска носија, најлична меѓу селските моми, белег на патот каде момите се одмораат од тешките букари вода, но и чесна и патријархална девојка, која открива дека се бакнала со братот на Перун, па ќе рече: „Ама јас него го сакам (Перун) и поради тоа му кажав, нека страдаме и двајцата, еден за друг, ама ќе останеме чесни и искрени во вљубените срца...“.

Токму оваа чесност ги врзува во старскиот дом и ја поставувам Перуника како најмирното пристаниште кое Одисеј го барал да се укови и смири.

Таа е слушачот, утехата, љубовта без пазар, грижата и негувањето, спокојот на Перун. Наспрема прокобата на нејзиниот живот, да се омажи со стројници, да живее без љубов и да нема пород, ретко, та и натепана, зашто сопругот требало да си олесни на душата, тука сега ја доживува својата среќа до мигот на духовната катарза кога двајцата седумдесетгодишници голи и прегрнати, плачат во креветот. Кога и оваа едномесечна „љубов“ е со сила прекината, таа не може да се помири и добива срцев удар. Тоа истото го доживува и Перун, со сила вратен од син му во празниот еднособен стан, а дознавајќи што се случува со Перуника во старскиот дом.

Застапен лик во два-три мои романа е и Риза („Кога вампирите шетаа по селото“, „Пријателите на Даскалот“), Севда Мариовката („Гулабицата од Ѓупски Баир“ и „Секој човек башка будала“). Прототип за овој лик е мајка ми која најмногу ја знаев. Таа од дванаесет години е растена без мајка, од мала домаќинка, која ја почитува наредбата и волјата на татко ѝ и нејзините браќа во сè, освен да се омажи за Бино Ѓуров, за кој бега бегалка. Еден голем херојски чин, ако се земе предвид дека браковите тогаш биле таксани. Висока, развиена и во најубавата младост, јака и силна од сиромаштијата, рано останува вдовица со три трошни дечиња. Ја опишувам следната нејзина судбина каде мајка ми лавовски се бори во животот за да ни даде нам – нејзините деца, образование, да нè исправи на нозе, не гледајќи и не мерејќи ја жртвата која безусловно за нас ја поклонува. Почитувајќи ги, и понатаму живеејќи со дедо ми и баба ми – свекорот и свекрвата, и со нивна согласност влегува во втор брак, со дваесет години постар човек од неа, и не мислејќи дека со него ќе има пород, го раѓа и четвртото дете – нејзина судбина, а и погубие, зашто тоа дете влетано во трговскиот еснаф и желбата за поинаков живот (а не скромен и сиромашки како и на неговите браќа и сестра) се оддава на лесен и неморален живот, Столе Мајка („Секој човек башка будала“). Ликот на Риза или Севда, станува жртва, зашто детето не го сака родителот со истата љубов како родителот него, иако мајката најмногу се жртвувала за него. Тука мајката ја приближувам до Сердаровата Неда. Дури и со самото именување на мајка ми со името Севда ја отсликувам љубовта, најчистата, најнемерливата, исконската, мајчинската која заврши со жртва за оние кои најмногу ги сакала. Овој прототип не можеше да не најде свој лик во моите романи.

Страдалници во моите дела има многу, и тоа без разлика дали тие се христијани, муслимани, Македонци или од друга националност, бидејќи и Македонија е мултиетничка држава. Таков еден интересен лик е Ханка („Гулабицата од Ѓупски Баир“). Ханка е љубов која не познава вера, љубов која не се уморува на дрвената клупа во некогашниот парк во пазувите на Стојан, но Ханка и е осуда на разочараните срца, осуда на средината, прекинатото школство, носењето во Турција, па давањето на првороденото дете (Азра) од првата љубов, во домот и збудалувањето, до одлуката да ја омажат за богат човек кој ја купува нејзината младост и убавина. Таа цел живот не може да го заборави Стојан од Битола, и цел живот со Ајри Демировски се потсетува на него, а преку него воспостави и врска, веќе на крајот од животот. Стојан отиде да ја види во Измир пред нејзината смрт и да се запознае со нејзиното и не-

гово дете, сега возрасна жена (Азра), која цел живот страдала за непознатиот татко. И тогаш Стојан ја дознава својата трагедија: имал ќерка, која во Хамбург станала најголема пријателка со вистинската ќерка на Стојан, Гордана – сестра на Азра по татко. Тумбе Кафе, стариот битолски парк, Битола, Ѓупски Баир, а најмногу првата љубов на седумнаесетгодишната Турчинка Ханка од Битола, ѝ недостасуваат цел живот во Измир, Турција, како што му недостасуваше и Битола на Ајри Демировски. Во оваа книга се обидов да го опишам и него со неговите чувства при посетата на Битола за примањето на Повелбата за почесен граѓанин на Битола, иако лично не го запознав.

На внимателниот читател или слушач на ова мое излагање ќе му падне в очи дека страдалници во моите дела се женските ликови, можеби, што е и нормално: секогаш страда оној што е послаб! Но, не е така: страдалници се и Дељо Вагата и Столе Мајка („Секој човек башка будала“), Невен („Крвта вода не бидува“), Перун („Неподобен“), Јошко („Кога вампири шетаа по селото“), Перо („На почетокот од крајот“), Милан („И судбината не доаѓа сама“) и многу други. Тие страдаат од општеството, од својот ум или безум. Но, има и такви што се задоволни и среќни, и животот си го живеат среќно како што е во животот во кое било општество. Како ќе има страдалници, доколку нема и среќници?!

Исто така, може да се забележи дека се занимавам, претежно, со ликови кои потекнуваат од Мариово. И тоа мислам дека е нормално, бидејќи најмногу сум бил во контакт со тие луѓе и најмногу сум ја познавал нивната психа. Општеството и на нив им овозможило среќа и благосостојба или обратно: со свој ум или без ум – им донесо несреќа и пропаст; како што е и во животот!

Jovan Gjurovski

## CHARACTERS IN THE FUNCTION OF MY PREOCUPATION

In my literary work there are many sufferers no matter whether Christians or Muslims, Macedonians or other nationaliies. Hanka is an interesting character (“The Pigeoness from Gjupski Bair”). She is not attached to her faith. She is condemned from the society norms because of her love, Stoyan from Bitola. It is evident that most of the sufferers are females. Also, my characters are mainly from the village of Mariovo. I am not occupied with people on high functions, businessmen, but I write about people from the middle class. Perunika is an unhappy woman who was forced to marry someone whom she didn’t love, She had no children. Her happiest moments in life were in her seventies and had lasted only one month when it was interrupted by an intervention of her partner’s family. Riza is a character in two or three of my novels. She is a prototype of my mother whom I knew best. In spite of her father and brother’s will she married her love, but after she gave birth to her three children she became a widow.

**Елизабета Јончиќ**

# МОМЕНТОТ КАКО НОСЕЧКИ ЕЛЕМЕНТ НА СТРАДАЊЕТО И СРЕЌАТА



Создавајќи ја поезијата, која спонтано знае да ме вовлече во чудни компоненти на еден бесконфликтен свет и да ми ја покаже целината на дуализмот помеѓу реалноста и фантазијата, јас чувствувам како навлегувајќи во една нова свест се зближувам со ликовите и нивните мисловни идеали, кои идеали пак понатаму низ реакцијата на духот ќе станат едно ново „**јас**“, една нова самокреација на лик кој сам по себе ќе зборува во прво лице и ќе се обраќа со директен говор на соговорникот, за притоа да ја прикаже поблизу иманентноста на спознавањето на таа нова свест и нејзината слобода во изразувањето која би го измамила читателот водејќи го во насока на лична интимна исповед. Кога таа лична интимна исповед би била разбрана на еден едноставен начин како **самокреација на лик** со кој многумина би се поистоветиле, само тогаш апстракцијата на ликовите би станала реална и би се отелотворила низ својата индивидуалност. Понатаму пак таа индивидуалност ќе се претстави низ различноста на созвучјето кое ќе го поприми, созвучје на љубов, алтруизам, природата и нејзините креативности, сонот, тишината, сенката, судбината, убавите зборови, очекувањето, трагањето, желбите, богољубието...

Љубовта од секогаш како творечки хоризонт со својот авторитет и конструктивност наметнува восхит и почитување, но секогаш некаде низ тој хоризонт освен елементарните емоции кои го будат чувството за среќа, припаѓање со длабока приврзаност, трепетна возбуда, исполнување, опуштеност и задоволство, се јавуват и изрази на болка, грч, мака, незадоволство, неисполнување, осаменост... Тие изрази наметнуваат такво духовно неспокојство и расцеп на невиноста на осознавањето од кое потекнуваат, за притоа да дојде до едно потчинето вкоренување на болката во таинствениот лик кој поприма карактеристики на вистинит, постоечки лик, лик страдалник кој своето страдање без вообразеност на суштината го раскажува низ едно макотрпно секојдневие, притоа борејќи се на крајот поддржан од силата на поетската визија да се овоплоти со копнежот и да ја побара среќата. Можеби низ таа поетска

визија и опевањето на тие емоционални изрази се излева и мојата страсна наклонетост за обелоденување на вистината на силата на чувството коешто може да го наметне моментот, моментот кој може да се претвори во подивен демон и да те притисне во очекување со препреденост да те измачува до толкава длабочина што страдањето станува толку големо и силно,

„Притиснато очекување
што те раздружува од себе
и од денот
за да те мачи
во ноќта.
Зошто ме притискаш? Кажи...
Кога сум ти штитеник со жиг.
Ме камшикуваш со застрашувачки варијанти
дури не премалам од страв
за потоа
да ми ги ублажиш болките
со варварски привиденија
во кои јас сум господар а ти роб...“

оди од крајност во крајност разбудувајќи го со потресен крик внатрешното соочување на разбирање на убедувањата, на болката, и на светото жарче копнежот, кој има сила да го прегази демонот и да не му овозможи продолжување на неговиот пат, жарчето со својата веродостојност и самосвесност...

Не, не ти се предавам,
ќе го задушам подмолниот врисок
распалувајќи го осилото ќе го погубам,
јас ќе вриштам во него
дури сребрее месечината
само убод од оса ќе остане
да ме потсети
на моите воздишки
и притиснатото очекување
што се роди во мене. (*„Неука филозофија“ –Очекување*)

Силната желба носејќи ги своите пламени чувства, било да се работи за нејзино исполнување или неисполнување, знае да биде несовладлива и несразмерна**.** Таа нејзина карактеристика преминува во загатливост која во својата заднина знае да донесе бесконечни моменти кои ќе се претстават како подоцнежно потомство на лавина чувства, измешувајќи го страдањето со среќата. И секогаш неодговореното прашање, дали тоа би требало да биде така, дали тоа ликот **„јас“** се упатува во вистинската насока влечејќи ме во изобликот и мене со него, дали заземањето моја согласност со неговата суштина ста-

нува стапица за мене, стапица во која треба да се избере од мешаницата на „допирот пламено устремен во неизразлива трепетност да ползува“ и во „суровата наклоност на посакувањето“, кое ја претвора борбата со себеси во измачување,

Кога допирот е пламено устремен
во неизразлива трепетност да ползува,
кога внатрешната овоплотеност на чувствата
станува неземно немирна
и чудна напрегнатост пулсира во жилите,
тогаш
се разрушува единството на успокоителноста,
самородни желби на моментот
драскаат,
највеличествени во својот израз
откинуваат сознание
за определеноста на устремувањето
и впечатокот што освојува,
независно од разумот
и најмилата душевна сила-срцето!
Тогаш неговиот ритам
се одразува
во плиткоста на потскокнувањето,
во необјаснивата вжештеност на издишувањето,
во суровата наклоност за посакувањето
на тоа што е мое!
Дали тоа сè повеќе те љубам?
„Неука филозофија“–Посакување

а кога тука ќе се додадат и природните форми, како загубата и разочарувањето, тогаш болката веќе си го зазела своето место, да се спротивстави може само отсјајот од светлост (стремежот):

Сребреносиви ленти од мигови,
запамтени
во отсјај од светлост низ нив
како изладени стрели низ иње што минат
запамтено иње меѓу гранки што се зафатило
ги завиткало во шари неповторливи
створени од експлозијата форми.
Ладни а целта ја погодуваат
и болат запамтено... „Лулки од стремеж“ –Ветување

Постојаното обновување на моментот и неговиот белег кој има сила како вруток да насочува со една човечки блиска однегувана мекост во долината на чувствата кои треба да се контролираат, знае да направи толку големо прелевање од имагинацијата кон реалноста и да ме замисли да се запрашам од каде доаѓа болката.

Од каде се расплламтија овие огнени жабурки
што се наклониле на мене
бегството мое
од допирот на жешкото распрснување
ме направи грозничаво претпазлива
далечна, сама, туѓа,
недостапна..... „Неука филозофија " –Новинка

Опишувањето на болката како храбро избирање без да се допре човечката душа е едно слоевито чекорење врз интегритетот на „живите стравови", тагата и очајот, со стремеж да се даде предност на избавувањето, но такво опишување би било невозможно, затоа што верувам во универзалноста на болката, дека ниедно човечко битие не би останало студено на силата којашто ја носи дури и сенката на болката, било таа болка да е од физичка – телесна или од психичка – духовна природа, бидејќи својствено е едната со другата да се надополнува. Еве една моја средба, еден момент од неочекувана болка, во моментот на најголемата среќа која стана толку силна што успеа да ме доведе до една состојба на крајно горчливо разочарување.

Секнале зборовите во мене
се чувствувам од внатре ко немоќен извор
што гргори под земјата,
која не дава, корупката да ѝ се наводени.
Темерути движења без дофатки
вибрираат во грлото истанчени,
.............................................
Го удавив денот во молк.
Ја удавив полноќта во плач
и утрото го пречекав бессрамно
со укор што ме посети пак.
Каква болка беше тоа?
Што ги секна зборовите во мене?
..............................................
Не беше болка од лекарски тефтери
туку нагло нејасно сквернавење
на сè што ми беше свето во душата...
Со еден замав болничаво осакатување
неосновано, неразмислено изблуено

да ми ги сведне очите под нозе.
„Неука филозофија“ – На сенката

Чувствувајќи го моментот како порив за ослободување од нагласените емоции и нивната самокултивација во стихотворењето, тој е секогаш носечки елемент на моите инспиративни контакти со страдањето и среќата. Страдањето кое знае да биде како пелин, во исто време и отров и лек, отров затоа што може да содејствува и со најмалата ќелија на битието и да ја разјаде и уништи одвнатре, да ја доведе до состојба на малодушност и колебливост, очај, рамнодушност, безличност или со еден збор мртвило на личноста, и лек затоа што осознавањето на самото страдање ја носи свесноста за болката и тука веќе почнува да дејствува разумот, сетилните поимања се предаваат на инстинктот за да бидат крунисани со копнежот како последователност од пропорционалноста – среќата.

Се постелив во мирисот
на босилек во вино намакан што се подгорил од свеќите,
се постелив под нозете
на бабите со шамии и солзи во очите,
во подголтнатата горчина се постелив,
солза не изронав, не заплакав...
Само, мирисот од свеќите ме гушеше,
една тага во очите на една душа сама ми тежеше,
ужасната од болка **неверував**
во верното од неверното,
............................................
Ја истуткав горчината, туку-така
**ја смачкав,** на две, на три, на четири!
На илјада парчиња!
Не се предадов, ја стокмив постелата, си ги измив рацете...
„Лулки од стремеж“ – Да не веруваш

Низ една возбудлива неизвесност секој човек во неговата духовност го чувствува искусувањето на среќата и страдањето носен од потребата за себеоткривањето, понатаму пак емотивниот одговор кој следува, ќе ги облагороди или ќе ги измачува телесните и психичките сили, е со различна длабочина на прифаќање, секој страда и се радува онолку колку што е силен импулсот на прифаќањето. Колку тој импулс ќе опстои и на кој начин и со какви форми ќе биде потхрануван е прашање на бесконечни одговори, моето тежнеење на ликот во мојата поезија е без разлика колку силно е страдањето и колку голема ранливост причинува, секогаш да победи отсјајот, восхитот, копнежот за среќата, надежта, благородноста.

Преточувањето во стихови на тие моменти кога чувството што облагородува носи пријатна трепетност и исполнување е изгрејсонце на среќата на ликот во мојата поезија.

Прв зрак искри, златно класје се разнишува
и од срце воздишка,
воздржи ја ако можеш,
мигот разнежнет
на што те потсетува, на прозрачни бранови
низ душата што копнеат за виделината,
или на надежта,
исполнувањето од зраците
на изгрејсонцето, заруменето, зазлатено
заблескано, што ја проретчува муграта
за потоа да ја блисне со светлина
што облагородува.
„Неука филозофија“ – Изгрејсонце

Elizabeta Jonchic

## THE MOMENT AS A BASIC ELEMENT OF SUFFERING AND HAPPINESS

Perhaps through my poetic vision and the emotional expressions my **passionate tendency** of revealing the truth of the power of positive feelings that the moment can impose on me, which at another time is ready to turn into a wild demon who makes pressure torturing me until the suffering, becomes so strong that turns into a loud cry interwoven with pain and longing. No living creature can remain immune even to the shadow of the pain no matter whether it is a physical, psychical or spiritual pain. Love is always the creative force that awakens the feeling of happiness and belonging with deep attachment, fulfillment and self satisfaction.

No, no I do not give up
I will sufocate the deceitful scream
bursting into flame sting I will execute,
I will scream inside it
while the Moon is silvering
only the wasp sting will remain
to remind me
of my sighs
and the pressed expectation
born in me. („Unknowledgeable philosophy“ – „Expectation“)

**Проф. д-р Владимир Костов**

# ДА СЕ САКА СО ДУША И ТЕЛО

Како пример без преседан, што ја илустрира темата зададена на оваа Средба на роднокрајните писатели од регионот на Битола или по потекло од овој град, што го носи епитетот „Најопеан град на Балканот", е романот на Гете „Страданијата на младиот Вертер", кој од својата појава во (1774 г.) веднаш се здоби со светска популарност, и кој до денес е знак на препознавање на литературни творби проникнати со мотивот на страдањето поради неостварениот љубовен копнеж, како основен нагон, психолошки означен со терминот ЛИБИДО од кој произлегува најфреквентната и содржински најбогатата лексема во македонскиот јазик – лексемата ЛИБЕ која значински е бивалентна, зашто означува спој на противречни психолошки состојби, меѓусебно проникнати со чувство на среќа и на страдање.

Во уметничката литература – во сите нејзини жанрови – љубовта како мотив е поинспиративна ако е поетски доживеана како страдање отколку како среќа. Така доживеана, таа се јавува како фактор од решавачко за уметничката стојност на литературната творба, сеедно дали е тоа креација на колективниот дух на еден народ или на одделна творечка личност, со предимство на колективниот агенс во создавањето на колективното дело кое ја дава основата на која се надоврзува индивидуата и тоа најчесто во однос на неговата експресија, актуелизација и адаптација.

Таков е случајот со сите генијално остварени грчки трагедии чија основа се грчките митови. Таков е и случајот со делата на средновековната литература кои во најголемиот дел се апокрифни. Во ренесансната литература повеќе доаѓа до израз индивидуалното учество на творечкиот чин, но, сепак, „Дон Кихот" е создаден по примерот на безбројните рицарски романи со менување на нивниот рицарски код, а Шекспировиот „Хамлет" е една од многуте негови наративни варијанти кој во варијантата на Шекспир ја доби својата јазична перфекција и недофатлива филозофска длабочина, што е случај и со Гетеовиот „Фауст".

Допуштам дека ја упростувам оваа историско-теоретска литературна проблематика на која, надвор од психологијата и социологијата на литературното творештво, не може релевантно да ѝ се пристапи. Ќе укажам само уште на фактот дека, не оспорувајќи ја оригиналноста на поезијата на Рацин, многу од песните во „Бели мугри" се адаптации на песни преземени од „Зборникот" на браќата Миладиновци, не само со инкорпорирање во нивното поетско ткиво на поодделни стихови од народни песни, туку и на цели строфи.

Оддалечен од темата, ќе укажам на тоа дека страдањето, како психолошка компонента на една литературна творба, токму во поезијата на Рацин

доаѓа до полн израз и до двете негови димензии: и како колективна болка, социјално мотивиран, и како лична болка по неостварена љубов – копија на неостварена љубов  на Вертер спрема Лота, на Рацин спрема Раца, и во двата случаја литерализирани епистоларно.

Малку простор останува за да укажам на тоа како мотивот на неостварена или несреќно доживеана љубов е литературно изразен кај херои во моето творештво, но доволно за да го генерализирам тој проблем со фактот дека социјалната, моралната и филозофската проблематика, кои нагласено се присутни во моите раскази, новели и романи, би биле сведени на егзактни сознанија до кои сум дошол преку школата, лектирата и животното искуство, ако не беа емотивно поврзани со љубовни доживувања, во повеќето случаи со несреќна или неостварена љубов, како, на пр., кај Учителот во истоимениот роман, кај Илија во „Свадбата на Мара“, кај Ицо во „Умната побрканост на Ицо од Америка“ , кај Методија во „Нов ум“, кај Џишка во „Црквичето“, кај Ели Спиридонова во „Писание за страшниот суд“ и речиси кај сите херои во моите 16 романи и 350 новелии новелети.

Дури и ликови во моите прозни творби проектирани преку призмата на сатирата се доживуваат на трагичен начин поради што во литературната критика се карактеризирани како „параболично – сатирични“. Секако, нивен репрезент е ликот на Краста во романот „Последното целивание“ кој оди со мото од Вељко Петровиќ: „О, јас те мразам, зашто отповеќе те сакам“. Тоа мото укажува на тоа дека во мојата сатира е исклучена пизмата (сарказмот).

Страдањето по неостварена љубов, поврзано со поодделни ликови, – според литературното правило: „преку поединечното до општото“, – во најголем број случаи во мојата литературна практика интегрира во колективниот лик на мојот народ со трагична историска судбина која може да се подведе под дефиницијата на Сартр за слободата: „Човекот е осуден да биде слободен. Во тоа е неговата големина, во тоа е и неговата несреќа“.

Во смисла на овој парадокс, во моите литературни творби дефилираат многу ликови, жртви на „Каиноавелскиот“ синдром, според кој брат убива брат од причина што произлегле од иста мајчина утроба. Од тие причини, во некои случаи кај некои херои страдањето се доживува со таков интензитет што ги предизвикува на хистеричен плач (Учителот во истоимениот роман, кај Илија во „Свадбата на Мара“, а во други случаи ги предизвикува на самоубиствен акт (Елена во „Црквичето“, кај Александар Којунџиев во „Лингва латина“, Олимпија во новелата „Тула“). Сите тие, како и други, слични на нив, на мојата литература ѝ даваат белег на плачливо-трагична, каква што беше окарактеризирана германската литература во периодот по појавата на „Страданијата на младиот Вертер“, кога самоубиствата на млади луѓе, по примерот на Вертер, зеле такви размери, што властите во некои германски градови ја забранија рецепцијата на таа книга. Тој, патолошки појавен сентимент со чувствувањето на љубовта и особено во нејзиното практикување, преку средствата за јавно информирање се настојува кај нас да се елиминира во името на „слободата на личноста“, манифестирана, пред сè,  во слободата на сексуалниот живот на младите луѓе, која, меѓутоа, се изроди во декадентен еро-

тизам кој се популаризира на беспримерен начин, но кој не успева да ја замати чистотата на љубовниот идеал, искажан во синтагмата „ВЕРНО ЛИБЕ“, во моето творештво реализирана во бројни новели и новелети од Зборникот „Хераклејски мозаик“, највпечатливо можеби во прозните творби: „Шекспириум“, „Арч“, „Иљо“, „Во смртта заедно“, „Гром“, „Санта Лучија“, „Намџие Бојчева“, „Елза“ итн. итн., сите подведени под заеднички именител извлечен од една реченица во новелата „Крин“: „ДА СЕ САКА СО ДУША И ТЕЛО“.

П.С. На присутните на овој собир веројатно им паѓа в очи отсуството од моја страна на поопсежно искажување за ликот на Учителот во истоимениот роман. Тоа се должи на фактот што тој лик од литературната критика е опстојно третиран, а и јас во една прилика се имам искажано за романот, што се врзува за неговото име, како за роман-фокус низ чија призма се прекршуваат сите мои литературни идеи.

Во оваа прилика, ако не го пробивам лимитот со кој се ограничува излагањето на учесниците на овој собир и, ако од Уредувачкиот одбор е прифатлив овој мој мини-портрет на Учителот, помалку контроверзен во однос на вообичаената претстава за него, го приложувам кон ова писмо. Страдалник со копнеж по среќа, во Учителот го препознаваме Прометеј во античкиот мит, ставен во современи услови. Попрецизно дефиниран, тој е изложен на физички репресии и душевно страда колку по неостварена лична среќа, толку поради неостварени општествени идеали за кои се борел. Но, во нивно име, не само што не капитулирал, туку продолжил да се бори за нив и да трпи порази кои не го дестимулираат, туку, напротив, му го засилуваат копнежот да стигне до целта што си ја поставил. Ќе го споредиме и со еден друг митски херој, со Сизиф кој, по казна на боговите од Олимп, каменот што го турка кон врвот на еден рид му се враќа назад, изложувајќи се така на опасност да биде смачкан, но тој упорно оди кон остварување на својата цел.

Можат да се наведат и други примери од антички митови кои ја илустрираат волјата на луѓето да господарат со својата судбина, при што се изложени на тортури од боговите од Олимп. Од тој аспект погледнато на Учителот, во него ќе видиме херој-борец, маченик и страдалник од антички тип.

Легендарно третиран и виден низ призмата на балканската митологија, во него ќе го согледаме и Марко Крале, кој, во заштита на поробените и понижените, излегува на мегдан со разни земни насилници, разни јанќесеџии, при што вешто ракувајќи со боздоган, редовно излегува како победник.

Виден од сатирична перспектива, во Учителот ќе го препознаеме Дон Кихот, кој, како и античките херои, трпи порази, но не отстапува од својот копнеж по слободен, среќен и вечен живот на луѓето, што значи стремеж да се израмнат тие со боговите. Но, за разлика од античките херои, кои во таа борба се патетични, шпанскиот Хидалдо е арлекин, чија арена не е бојно поле, не е мегдан, туку е арена на циркус.

Подвизите на балканскиот Хидалго, Марко Крале, не само што се хиперболизирани без мерка, туку, лишени од симболика, карактеристична за античките херои, тој се појавува со хедонистички признаци („три дена и три

ноќи јаде крај богата трпеза“) или во „натпревари во пиење вино мерено во крбли“. На тој начин homo sapiens-от во него се преобразува во homo ludens, а homo faber-от се промовира во натчовек со тенденција да се стекне со божји атрибути.

Но, опиен од слава и вино, производите на неговиот ум се оттргнале од неговите раце и, најавувајќи се со свој сопствен ум, со своја сопствена логика, загосподариле со неговата и се вдале во потера по него, а тој исплашен од својата слобода, која, „експертот“ по егзистенционалните прашања на неговиот опстој ја окарактеризирал како негово ропство, побрза да се скрие таму од каде што произлегол, во „мајчина му“ – вулгарен збор во чија етимологија е поетскиот збор мајка со произлез од латинизмот materia за која атомистите сметале дека нејзиниот најситен дел е атомот, но со моќни технички средства откриле дека во нејзината структура постојат ситни честички: протони, неутрони, електрони, мезони и уште поситни, до последната честичка по која потерата ќе трага, со уверение дека во неа се крие човекот, со намера да го зароби и да го впрегне како вол во јарем, според статусот што му го одредил Аристотел во законодавството на Филип II, со чии клаузули е регулирана и филозофијата на Учителот, која беше предмет на овој краток разглед, на чиј автор разбирлив му беше драматичниот апел, кој овие дена пројструи низ етерот, дека жената мајка ќе го спаси светот.

Prof. d-r Vladimir Kostov

## LOVING WITH SOUL AND BODY

The motive of unrealized or experienced unlucky love is literary expressed through the heroes in my literary work which are enough for making a generalization of the social, moral and philosophic problems emphasized in my stories, novels and novellas. They are brought down to exact realizations to which I came through studying and life experience. The love experiences are mostly unhappy and unrealized as it is the case with the Teacher in the so-called novel, with Iliya in „Mara's Wedding", with Ico in „The Mind Confusion of Ico from America", with Metodija in „New Mind", with Dzishka in „The Church" with Eli Spiridonova in „Writing on the Judgement Seat" …. and almost in all my 16 novels and 350 novels and novellas.

The Teacher is a sufferer longing for happiness, in him we can recognize Prometheus from the antic myth put into conditions of today. Defined precisely, he is exposed to physical repressions and spiritual suffering for happiness as well as for the ideals he struggled for. He continued to struggle and no matter of his defeat, the longing in himself to reach the goal became stronger and stronger. Also, comparison could be made with another mythic hero Sizif who under the punishment of the Olympic gods had to roll up the stone to the top of a hill being always in danger to be crushed by the heavy stone gravitating back towards him.

**Никола Кочовски**

# ТУЃИНА – ГОЛЕМИ НАПОРИ И СТРАДАЊА



Веднаш сфатив дека со темата за денешната средба и со додадените појаснувања во поканата, категориите: немир, страдање, силен копнеж, среќа, психичка или материјална неисполнетост, задоволство или незадоволство, збиднати или незбиднати желби и можни заеднички цели во татковината, па уште ако согледаме дека овие прашања нераздвоиво произлегуваат од амбиции, како и морални несогласувања, правда или неправда понудени ни се, всушност, толку категории, кои, можеби безмалку, го опфаќаат сето она за кое обично се пишува. Барем мене ми се чини, во сето она што сум го напишал, постојано се испреметкуваат полно од овие нешта. Па, бидејќи за ова би биле потребни цели студии, опстојни и долго работени, а ние таа можност, како ни таа цел ја немавме, се ограничив само да посочам каде, главно, почувствително може да се забележи ова или она од сето за кое темава се интересира. И ми се наметнува веднаш да кажам: Низ целите мои текстови! И во композицијата, и во идејата, и, природно, во одделни точки. Секако, некои од категоriиве понекогаш достигнуваат и до многу силен степен, но мојов обид ќе биде без некои посебни коментари, освен, што се однесува до темата, која како многу важна, сè уште ме држи преокупиран.

Бидејќи во последните години сум посветил прилично време на прашањата сврзани со нашето иселеништво, и моето излагање денес, кога е збор за човечката среќа, напори, разочарувања, исчекувања, исполнување и неисполнување ќе се движи во тие рамки. Тоа, прибегнувањето кон решенија со заминување надвор од татковината, всушност, е голема тема кај нас, станува една од најголемите, која не само што никако не се доисцрпува, туку напротив, со доаѓањето на новите времиња и новите светски услови, станува сè посложена.

Многу копнежи за среќа на луѓето од овој народ, низ чмаењата, надевањата, избувнувањата, макотрпните дејствувања и планирања! Колку што имало луѓе низ децениите на минатиот век, кои се збогувале со најмилите за да заминат во непознатото низ далечините, за да изнајдат и да донесат малку поубава среќа за тие свои најмили – толку имало копнежи, очекувања, несигурни наде-

вања, стравувања да не се испречи некаква непредвидена несреќа на долгиот, неизвесен пат. И ја имало верноста, кон родниот крај, кон пријателите, родниниите, кон родната стреа...

Но, тоа било некогаш така. Денес се многу, многу повеќе насобрани наши луѓе таму. Десетици, стотици пати повеќе. А ние овде веќе доста одамна сме сведоци на грдата промена во напуштањето на родната земја, што стана посебно жална наша национална приказна: веќе десетици години, кој и да заминеше, или денес да замине, тоа не го правеше нити го прави повеќе сам, за да ги стави своите раце и својата снага во служба на туѓата земја и претприемачи на кои им треба да се збогатуваат, туку заминуваат сега редовно со своите семејства, однесувајќи ѝ ги на истата таа туѓа земја – небаре нејзе по којзнае кое право ѝ следува тоа: и децата, и своето откажување од татковото, од дедовото, и својата спремност за заборав на врските што влечеле, и што, сепак, нема така лесно да се прекинат! (мораме да се надеваме). Има наши луѓе кои гледаат и кои ги боли како други, не од нацијава, одат во странство да заработат, и се враќаат во родната земја, во неа за трајно да создаваат. Тие заслужуваат да им се честита!

Стигнувале нашите во далечниот простор и брзале да го прифатат гостопримството, да го принаучат што подобро јазикот. Тоа најглатко им одело на децата... Се чуделе родителите колку брзо успевале да се довикуваат, да си играат на тој јазик. Стигнувале, илјади и илјади принуденици, бедни, должни, гладни, се подложувале сосе семејствата под суровите законитости, некои и добро сити меѓу нив, безбројни наши заталкани заскитаници, гладни за работа и за пари кои и поинакви слики имаа и поинаку се викаа отколку во нивниот роден крај. Таа започната одисеја уште од раните години на минатиот век и до денес сè уште ја повторуваат наши граѓани и селани, на кои, изгледа, лоши наречници им го прорекле животот. Живот во кој години и години само за работата и ситни задоволства знаеле, додека најпосле еден ден не ќе се виделе во големата разнебитеност, со изгубено многу од она што некогаш го имаа и што можеа да го имаат: и дом, и род, и пород, и татковина, заедно со тоа и чувство за непоправлива прелаганост. Наместо тоа, сега ја стекнуваа соживеаноста со новата татковина чии чеда посакаа да станат, и сè повеќе стануваше нивна навиката да се работи, што било, најсериозно да се работи и да не се останува да се чека и да се избира тоа што го нема, и така, почнуваше сега да се имаат и пари, и беше ете, најпосле убаво, можеше да се трча во вечерните часови, вратени од работа, по продавниците и да се купуваат работи на постигнато обилство. Сето тоа го имааа, но сето беше некако... не она што го замислуваа, а ги изненадуваше, но немаа многу време кога по свое да го почувствуваат тоа. И немаше можност веќе за побунување. Помина тоа. Тука, далеку од крајот каде што пониknале, беа речиси и незабележани делчиња во голема машина која никако не запираше. Не штрафчиња, туку обични придодадени делчиња, за кои никој и не се прашуваше ниту сфаќаше вистински зошто се нашле во машината, освен големите, тешко богати сопственици. А и школувани доста, туку се најдоа надојдени таму, имаа посебен адут за да успеат, да им ја отвори вратата далечната држава, додека со незадоволство самите зборуваа за напуштената земја: „Имаше нашата др-

жава пари да нè школува, немаше пари да ни отвори работа“! Па така, се изнајдоа, во голем број и тие довеани од ветрот, ќе си имаат, сетики, таму можност и за убав поминок и за живеење во друштво. Додека убаво да завлезат во... новото што ете, несебично се отвора пред нив, и во процесот на големото заборавање. Не, не толку брзо. Постепено и скоро како да не се случуваше тоа заборавање. Но, трпеливо и сигурно. Неизбежно.

Зошто отидоа во толкав огромен број таму? Отишле најмногу барајќи каде има готова работа. Беа пропуштиле да фрлат поглед на земјава која некогаш добро раѓаше, остана потисната во коров. Побрзаа мнозина поради сиромаштија. Други отишле сонувајќи многу пари. Трети, зашто милувале да ги имитират другите. Но, и сите тие брзо увидувале дека работодавачот е незаситлив за туѓ труд и дека ни цент не дава така, додека убаво не исцица од потта на доселеникот. Ни цент од убавите пари, од кои додека седеле по кафулињата во Македонија ќе извадел некој од џебот, ќе покажел мала подарена банкнота...

Печалбарот од расказот „Вратен“ дојде да ги посети најсаканките – младата жена и породот, и се разбира, на крајот го послуша императивот на разделбата. Но, посилно од сето тоа се покажа нагризувањето на црвот на долго прикриваниот немир на љубомората, па пропуштајќи го часот на поаѓањето, ги прежалува и парите за патната карта, зашто останувајќи без разбир и логичен расудок, доживува речиси комплетна воображена сцена на изневерувањето, сè додека најпосле не ја увиди својата заблуда, па нејавен воопшто, побарува начин без понатамошно бавење да замине за каде што разумот го принудуваше, а душата го одвраќаше.

Пале, татко му на Дилко Мијалов, во романот насловен по името на синот, кога овој е уште речиси бебе, заминува далеку од семејството, ветува дека нема долго време да помине, ќе им се врати на жената  и детето и на мајка си, но побргу од сè друго победува во него слабоста, па невиден во далечниот континент, го започнува својот втор брачен живот со привлечната Сузи, во која ја гледа идната среќа, успан во заборав на најблиските од родниот крај. Добрата поука што ќе ја доживее по тешката сообраќајна несреќа во која ја губи способноста за користење на нозете, ниту има кому да му ја соопшти, ниту му останала храброст тоа да го стори. Клоцнат од користољубивата сакана, останат напуштен и ограбен, се досетува дека таму некаде во битолско село има син пораснат на момчешки години, кој го пасел стадото на очувот селанец што успеал да го заземе неговото, Палево место, кај напуштената невеста поселанчувајќи ја... Па му пишува писмо на синот Дилко, полно со лаги и ветувања, викајќи го кај себе – со што станува причина за едно ново заминување во туѓината, потсилена од желбата на ова момче за ослободување од слугувањето во несвојот дом, прелаган, преку океанот од големите надежи да доживее и тој еднаш среќа. Но, тоа што ќе го доживее Дилко видувајќи го в постела човекот што му се кажува дека му е татко, а е, всушност, најмногу, несреќник и лажливец, не може да помине со чукање на главата. Земјачките врски во случајот на настапенава нова

несреќност, сепак, дејствуваат со извесна посебна мотивираност: за него се наоѓа работа во ресторанот на подзбогатен земјак, но овој кутар не може ни да офне ни да искаже дека е за грев, голем губитник, со син пропаднат во кобната зависност на дрогата, од која не постои начин да се извлече... Големи се премрежињата што и самиот Дилко ќе ги искуси во туѓиот град, така што во него веќе тлее и низ години го мачи жалењето и тагувањето по родниот крај, а поимот за среќа по која му копнееше срцето, сега веќе се изменува: тоа не се повеќе ни парите ни друга материјална вредност; тоа е желбата и копнежот да се избави, да се врати во родниот крај, макар што таму живееше како момок. Да се надише пак во спокојот на родната земја. Бидејќи и тој минал едно горчливо искуство во заблудата да заживее тука со божем сакана животна другарка, ќе го доживее душевното разбудување дека само од родниот крај девојка може да значи за него вистинска среќа. Така, едно потсетување сред ноќ на дамнешен миг, за него ќе значи нешто многу, нешто и светло и радосно:

„Во една матна зора сони сон – девојче од пет-шеснаесет години со плетенки, а тој зркнат во него, но тоа одмина како свиден блен, дури ѝ се подмавна плетенката, но тогаш небаре при филм почна да се оддалечува таа копнежна глетка, се сведуваше сè на негов поглед, чудно, низ прозорец кој се смалува, смалува заедно со сликата, се оддалечува, бега, како што и девојката бегаше. Трогнат од таа убавина, вратен од магијата на сонот, сета душа му признаваше: само таму во Македонија вакво нешто може да се види!

. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

Па зарем девојката што му избега од видот како пред затворен прозорец, не е онаа Доља која еднаш тој, од куќата на очувот Саботко ја беше загледал низ прозорецот со врел, таговен копнеж, прикриен... Но, сега се опоменуваше себе да се прибере, зашто веќе беше во него мислата: овој сон му к а ж у в а ш е за драгиот, незаменливиот роден крај, кон кого мечтата веќе со денови му бегаше...“ (стр. 237)

И вистина, се потврдува: Со добротворно вмешување на роднина на неговиот изнајден другар во американскиот град, ќе се збидне најпосле свршувачка во Македонија, со запознатата девојка по пат на разменети фотографии, но ете, среќата сакала, да биде тоа девојка со навистина прекрасно, благородно срце, во кое брзо ќе се одзвие и искрена љубов, така тој првпат ќе доживее нешто вистински вредно, и по склучениот брак ќе се врати во американскиот град, да ја чека визата за саканата невеста, Дена по име, која му значи вистинско разденување во животот. Но, кога најпосле треба среќно да заврши сето, кога треба да пристигне мачно исчекуваната невеста, веќе со новороденче, кога одвај владеејќи се себеси од голема возбуда, тргнат да набави од крај градската фарма одбрано јагне за свечената мала гозба на дочекот, бездруго во друштво на вкупно дватројца свои стекнати пријатели, само поради мала невнимателност кај бензиската пумпа, не доскривајќи го добро, од извесен поглед, купчето понесени пари во џебот, овој наш иселеник кој конечно успеал да ја наsре и речиси да допре до

среќата, паѓа струполен во пепелта пред самата врата на фармата, со обилно пролеана разбуркана крв, од раката на заталкан моторист криминалец. Страдален крај на еден страдален живот, карактеристично наш, македонски.

Насловот „Соседовата кокошка“ на следниот роман – со инаква варијанта на истава, всушност, огромна наша тема, – како синтагма земена од една народна поговорка (Јајцето снесено од кокошката на комшијата секогаш е поголемо), е, всушност, ознака и карактеризација на барем деведесет насто случаи од нашето поново иселеништво. Се потценува својата земја, слично како јајцето што го дава сопствената кокошка – дека била со мали можности за среќа. А големите можности за богатство и за сето што е најубаво – тоа го нуди само туѓината, зашто туѓото е секогаш поголемо и побогато: така нашето инфериорно, завидливо око преценува, и од тоа доаѓа редовното потценување на своето, всушност, на својата земја и на можностите во неа, кон кои би требало само да се сврти нашата младеж со вистински интерес и самодоверба! Затоа што дејствуваме жално, како недоволно упатени ни оспособени, па таа жална народна инфериорност доведувала до состојба на уривања на многу и многу замислувани кули во воздухот, по што пред очите се издигнуваат ридови од страдање и несреќи.

Младиот Благој Кошнов, во југословенско време, мечтаејќи по многу прелични, привлечни шароликости, пребегнува со другарите во прикажуваната Австралија, откако во родното село ја остава мајка си и својата сакана, бремена девојка Светле. Последица на тоа, за која тој убаво е свесен, е гневот на нејзините браќа, поради кој никогаш не ќе може повеќе да помисли за враќање во селото. А во Австралија печалбата најпрвин се покажува и пеколно жешка во топилниците на гигантот Стилворк во Порт Кембла, потоа, по осамувањето од другарите, Австралија ја гледа и како работа во електроинсталатерскиот бизнис на вујко си, како потстанар на вујковата куќа на една плитка помодарка и на двајца браќа, невидени свои братучеди, од кои едниот е душевно болен, а другиот, избеган од секаква контрола и послушност, оддаден на скитање со мотори и неодговорен сладок живот. Овој Благој ќе ја доживее Австралија како уловен наивец во мрежата вешто сплетена од вујната, да му ја натрапне за брак распуштената девојка Цени, станувајќи сојузничка со нејзините родители. Благој ќе ја одгледува како своја рожба, всушност, донесената во стомакот ќерка од нејзиниот љубовник, кого, кришум, и понатаму единствено го сака. И додека се одвива еден живот без ништо семејно во него, секој оставен на својата насока, ќерката, Мелиса по име, следејќи ги чекорите на својата мајка, уште многу рано, како ученичка побегнува со љубовник, но детето што ќе им се роди, ни самата таа не го прифаќа, па се наоѓа единствено неговата добра душа, на Благој, всушност, несреќна и целосно осамена, зашто по ќерката и Цени го напушта, не сакајќи да си го троши и натаму попусто животот со него. Осамениот Благој бара утеха во посветување на „внучето“ Томас, плаќа негувателка, а и сам се грижи, надевајќи се дека во лицето на ова дете ќе го доживее она од што е лишен со заминувањето од селото. Живнува и неговата увлеченост кон народните песни, кои ги порачува од родината што ја презрел и напуштил. Неговите надежи сѐ повеќе растат во То-

мас, тој сè повеќе вложува во него, во школување, додека еден ден нема да биде и од него напуштен, со изречени зборови на вистина која боли како конечен очај. Болен, сам, пустотен во својата куќа, ја чека смртта, по залудно проживеаните години кои не се ништо друго, туку иронија на судбината и некоја виша казна по лудото газење по вистинската љубов на веќе непрежаленета, длабоко повредена Светле во селото. Навистина болно страдална историја, но поради неговиот грешно избран животен пат, поради полакомување по нешто посовршено и позначително од скромната среќа што му била во самите раце.

Сигурно уште безброј поинакви животни истории се случувале во изминатите години на големото иселување, којзнае дали повеќе пати доживеани без своја вина и придонес, или  по своја заслуга. Зашто во случајот со оваа тема, навистина е извонредно применлива поговорката: „Ум царува, ум робува, ум гуски пасе“.

И само уште потсетување на расказот „Најдобрата намера на Климо“: тоа заради коешто и сам овој селанец најпрвин заминал во прекуокеанската земја, големата негова цел: за неколку години да ги однесе во таа земја семејствата на сите свои три ќерки, му се исполнува, меѓутоа наскоро по тоа, поради влошеното здравје, самиот побрзува да се врати во родното потпланинско село, каде пречистиот воздух многу им помага на тукашните лекари целосно да го излечат. Но, тоа сега не му вреди многу: веќе зачестено дознава, и при доаѓања на неговите на гости и по телефон, скоро е бомбардиран со загрижувачки подробности за навистина нагризувачките услови на онаа земја по здравјето и на ќерките, и на зетовите, и на саканите внуци кои немаа никаква своја вина за состојбата во која што попаднале. Па, не останува мир и оправдување за Климо, толку повеќе, што е еден од иницијаторите за празнењето и опустувањето на селото, во кое го нема веќе животот, свадбите, радостите што со векови ги имаше, така што тој не може да си прости: од највисоката, страшно издигната карпа над селото, се фрла во празното удолу.

Од сето тоа што во свое неодговорно време се случувало со масовна затрчаност, произлегува и народната судбина, а тоа значи и нашата, зашто и ние сме дел од истиов овој народ.

Nikola Kochovski

# IN SEARCH OF EMPLOYMENT ABROAD – BIG EFFORTS AND SUFFERING

Many longings for happiness in the Macedonian people, many hopes and planning. As many people through the years of the previous century in order to bring back some more happiness for their dearest, that many longings, expectations, fears of loosing the dearest in uncertainty. They still remained faithful to their homeland, friends and relatives. Their children used to learn the language. Today, even more Macedonians are leaving the country. They work there very hard, but they always have in mind that they are only unnoticeable parts of a huge machine that never stops. They know that they are not very important parts of this machinery, but simple added small parts that no one cares for. They use to earn money for their families, most of them back in Macedonia thinking always about them and their homeland at the same time planning to go there for a holiday or build a new house there. The worker abroad in the story "the returned" came to visit his dearest, his young wife and children, but the worm jealousy took him out of balance causing his suffering without true reason. In the novel "Dilko Mijalov" the worker abroad leaves his wife and son and starts a new life with another women thus ruining his family back home.

**Панде Манојлов**

# МОЈОТ ЦРВЕН НЕМИР, МОЈАТА НЕИЗЛЕЧЛИВА ТАГА



Кога во втората половина на мај 2013 година ја добив писмената покана од НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола за учество на Осмата по ред роднокрајна средба на битолските писатели во Македонија и ја прочитав темата за Тркалезната маса „Моите ликови – страдалници со силен копнеж по среќа", се стаписав. Ја оставив поканата во една од фиоките... Но, се откорна, затрепери некој чуден немир, чуден неспокој во мене... Се прашував, кои ли се тие ликови, страдалници во моите деветнаесет досега објавени книжулчиња? Има ли песна во тие книги а да не е исполнета со тага и страдања, има ли стих без нишка неспокој, скриен бунт, потрага по среќата? А, кој ли ќе е тој лик – страдалник и како да го изберам? Ми паѓаше на ум да напишам нешто за мојот антологиски расказ „Кучето на Јан"... Со денови се мислев и никако да одлучам. Помислив: оваа година нема да учествувам на оваа средба. Ќе продолжам и натаму да се кријам во темнината на мојот неспокој...

На 29 мај 2013 година во Градската библиотека „Браќа Миладиновци" во Скопје беше организирана промоција на мојата книга за деца и млади „Сонувај добрина", издадена на почетокот на 2012 година во издание на „Феникс" од Скопје... Промоција на книгата за која ја добив наградата на ДПМ „Ванчо Николески" за најдобра книга за деца и млади во 2012 година. Промоција која се одржува година и половина по излегувањето од печат на книгата... А во мојата Битола, никаква промоција... Со чувство на неспокој, како автор отидов на промоцијата, но полн со немир во душата дека на овој настан можеби ќе присуствуваат пет-шест мина... Но, промоцијата поминува прекрасно, со присуство на четириесетина присутни, меѓу кои и моите драги пријатели и колегите-писатели Иван Чаповски и Мирче Нешовски.

На кафе муабетот во едно од скопските кафулиња во познатото Дебар Маало, Иван ќе ме запраша, дали ќе учествувам на Осмата роднокрајна средба на битолските писатели. Одговорив со „не", а Чапо потскокна од столицата на која седеше: „Како, не"? Се чудеше пријателот. Како да сакаше да ме потсети на страдањата како писател, како поет... Го свртив мојот поглед на страна, криејќи се од прекорувачкиот поглед на драгиот пријател. Бесцелно

се загледав во една стара куќа во близината, а моите мисли почнаа да се враќаат во минатото, кога во таа далечна 1970-1971 година студирав „право“ во Скопје, а живеев токму тука во ова Дебар Маало на некогашната улица „Марксова“, во едно собулче од четири квадрати и кога зиме се греев на парче памук натопено со породинска ракија (за да можам да си ги стоплам рацете од кои од студ ми паѓаше книгата) која ја вареше дедо ми Јане во казанот за варење на ракија на Лумбурот... Се вратија моите мисли на патилата што таа година ги истргав со издавањето на мојата прва стихозбирка „Црвен немир во црвено пламти“... Денови на страдања, денови на патење...

„Можеби ќе учествувам“, му одговорив на Иван Чаповски, навраќајќи се сега со мислите на неговиот роман „Отровот на тамарискот“, посветен на херојското дело и страдањата на Павел Шатев. „Павел страдаше“ а не јас, си помислив, но во тој момент пристигна и ни се придружи на масата писателот Бранко Цветковски, па разговорот со чашка пиво и вино „Т’га за југ“ (за Бранко) ја смени темата, спонтано и за лустрацијата, за некои од кодошите од редовите на македонските писатели...

Во убаво друштво, а со мислите далеку од себе... Кодоши, страдалници а вилаетот наш од секогаш темен: двајца дружина, а тројца, дружина со шпион... Така од турско останало... А, што ли беше со мојата книшка поезија „Црвен немир во црвено пламти“? Што се случуваше со неа, со мене, во таа далечна 1971 година?

На враќање за Битола во автобусот, на вестите на радио ја чув веста дека меѓу новите лустрирани кодоши е и Ѓ.Т. , некогаш млад и надежен поет, член на Литературниот клуб „Стале Попов“ од Битола, потоа и директор на „Битолски весник“, што го заменив јас на 1 февруари 1982 година. Слушам, се чудам и не верувам во тоа што го слушам. И пак се прашувам длабоко во себе: „Како ли ми беше мене во таа далечна 1971 година, кога на моето првороденче, поетско, се разбира, „Црвен немир во црвено пламти“ ни ставија јаже на вратот“? Како ми беше мене тогаш, кога имав само 23 години а бев син на печалбар, а не на некој од властодршците? Кога бев и останав син на кулак, или во училишните дневници, покрај моето име и презиме запишано: татко – земјоделец, мајка – домаќинка“...

Како ми беше мене во годините пред тоа кога како средношколец, за мојата писмена работа на слободна тема (а пишував за македонските страдања и комунизмот на Мао Це Тунг во Кина) и кога мојот професор по македонски јазик, сега покоен наш колега, ме пријави во тогашната Удба? Или, како ми беше мене, кога во 1969 година на тој ист професор, му го дадов мојот драмски текст во ракопис за да го прочита, а тој сосе текст право во Удба? И кога заедно со покојниот скопски филмски режисер Ѓорѓи Василевски и пејачот Вице Вуков од Хрватска бевме прогласени за ЈУ националисти кој сакаат да го урнат системот, наместо да бидеме прогласени за патриоти?

На почетокот на 2013 година, колегата Радован П. Цветковски ја подготвуваше за печат неговата книга „Книжевни студии и поставки“. Пишуваше и студија за моето творештво... Ја немал мојата прва стихозбирка „Црвен

немир во црвено пламти“. Му ја подарив четири децении по излегувањето од печат... И напиша убав текст овој писател, овој наш мудрец... Но, меѓу повеќето прашања што ми ги постави, ми постави и едно мошне загатливо: Зошто сум направил толкава пауза од неколку години, од печатењето на првата и наредната стихозбирка „Сосвездие на болот“, издадена во 1977 година?

Ех, Радоване, Радоване... Ех, мој Битолски книжевни кругу, што се знаеме а не се познаваме, што живееме толку блиску а толку сме далечни...

Наредниот ден, на 30 мај 2013 година, на интернет го отворив досието на Ѓ.Т. објавено на страницата на Комисијата за верификација на факти... Читам, возбуден од тоа што го читам, се враќам во минатото... Возбуден повтор како што го читав и досието на битолчанецот Т. О. во кое го сретнав споредно и името како кодош на еден сега наш покоен колега... Ѓ.Т. со години го кодошел Петар Целаковски како бил Маоист, го напаѓал тогашниот систем!

А токму тој Петар Целаковски е „виновникот“ и уредник на мојата прва стихозбирка „Црвен немир во црвено пламти“. Тој, кој ми бил професор и ме задоил со поинакви идеи, тој кој ми предавал социологија, тој кој бил и член на комисијата пред која го полагав мојот матурски испит, на тема „Стоицизмот и скептицизмот кај античките филозофи“... Тема дадена од него...

Кога го прочитав тоа за овој наш битолски интелектуалец и професор, одлучив да го напишам овој текст со кој ќе учествувам на Осмата роднокрајна средба на битолските писатели. Не да го бранам овој мој професор, туку да го кажам она што ме мачело полни 42 години, толку колку што изминале од излегувањето од печат на стихозбирката „Црвен немир во црвено пламти“, по толку години неспокој и страдања со силен копнеж по среќата, но не само моја туку и на мојот народ од кого никогаш не сум се делел.

Иницијатор за излегувањето од печат на стихозбирката беше мојот некогашен професор Петар Целаковски. Ги знаеше и читаше моите стихови, ги знаеше моите ученички страдања и патила, кога татко ми уште во 1964 година замина на печалба во Австралија, а јас останав да се грижам за нашата земја, земјата на дедо ми, она што ни останало неодземено од Земјоделската задруга „Светлост“ од Породин, пашалукот на Лазар Колишевски... Во 1971 година Целаковски работеше како политички работник во тогашната Општинска конференција на Сојузот на младината во Битола, а претседател на таа организација беше Левко Трајановски. Се нафатија и ја издадоа оваа мала книшка составена од 31 песна поделена во два циклуса: „Снег, снег, снег, умира в белина овој брег“ и „Луди ветришта“. Како издавач се јавува Општинска конференција на Сојузот на младината – Битола, а уредник на едицијата „Младост и надежи“ (во која повеќе не се издаде ниту еден наслов) е Петар Целаковски.

Ќе ја цитирам последната песна со ист наслов како онаа на Константин Миладинов:

ТАГА ЗА ЈУГ

На невиен дорија
мислите јаваат

Затворен пат.
Море од трње.
Тишина гробна в капини спие.

Искра по искра
огнот се гасни...

Лудувај Македонијо во моите солзи
матни од спомени,
црвени од тага!

Како можела мојата Македонија во тие години „на процут на социјализмот“ да биде таква?! Кога се пустеа селата, кога со зурли и тапани ги испраќавме Македонците на печалба во неврат?

Е, тогаш Панде Манојлов, со неговата поезија заплива во морето на страдалниците со силен копнеж по среќата, но не сопствената, туку и среќата на неговиот народ и татковина...

Дојчин Апчевски, битолски првоборец, ме напаѓал до бескрај... За дваесет години потоа, во 1992 година, да ми се извини за тоа што зборувал лошо за мојата поезија, но подоцна сфатил дека сум бил во право! Му простив, христијански му простив...

Книгата официјално не беше забранета. За неа, два часа расправаше само Општиот комитет на СКМ – Битола. Осуди од сите страни. Панде Манојлов е националист, непријател на социјализмот и државата! Сега покојниот Димче Ѓоргиевски (поет?), како човек на Удба, напишал против мене и Целаковски три страници... А замислете, години потоа беше член на Литературниот клуб „Стале Попов“... Наместо во литературата, по печатењето на оваа моја прва книга, широко ми беа отворени дефтерите на службата за безбедност, а надлежен да ме следи беше еден наш колега (Д.П.), кој книгата ја оквалификува како „самоиздат“ во весникот во кој години потоа бев директор и главен и одговорен уредник. Позитивни куси написи за оваа книга имаше таа година во весникот *Студентски збор*, *Млад борец* и весникот што во два броја го издаде Ташко Ширилов (за насловот на весникот не можам да се сетам).

Станав поет, но со своето творештво познат и меѓу младите писатели (Ефтим Клетников, Љубе Цветановски, Мирче Нешовски, Ристо Лазаров и други), но и познат на тогашните служби кои ги контролираа сите мои песни објавени во *Студентски збор* и *Млад борец*. Книгата не беше промовирана во

Битола, туку есента 1971 година во Гимназијата „Мирче Ацев“ во Прилеп, за која пофални зборови имаше Платнар.

И уште една песна од оваа стихозбирка, за страданијата на мојот татко печалбар, за моите страданија. Песна која беше и силен копнеж за посреќна иднина и на мојата татковина:

ПЕСНА ИСПЛАКАНА
ОД ТАТКО МИ ПЕЧАЛБАР

О време
Време
Кај си време

Во ливада
Трага нема
Од бела среќа

Плачи печалбо жолта
Празен куферот
В куќи ќе го носам

Умри дену

Со времето
Ништо
Заедничко немам.

Поетите страдааат. Длабоко во душата. Колку и како самите тие си знаат. Како да се ликови – страдалници од нивните дела!

Навистина, никој не страдаше толку многу за она за кое страдав јас во далечни седумдесетти години на минатиот век, а кои ни се повторуваат, за жал, и денес.

Pande Manojlov

## MY RED UNREST, MY UNCURABLE SORROW

When I received the written invitation for participation on the Eighth homeland meeting of the Bitola writers in Macedonia and I read the theme of the Round table, I was astounded. I felt something in me was uprooted, a strange unrest in myself overwhelmed me thoroughly. Who were my characters – sufferers in my 19 published booklets? Is there a song in my books which is not filled with sorrow and suffering, or a verse without a thread of unrest, hidden and rebellious, quest for happiness? Who is this character – sufferer and how to choose him? It came to my mind to write something about my anthological story "The Dog of Jan". Many days passed but I couldn't make any decision. I thought: This year I will not take participation on the Meeting. I will still continue to hide in the darkness of my unrest. The poets suffer deep in their hearts, to what extent and in which way only they know themselves, and, as if they themselves are the characters – sufferers in their works.

SONG OF A GOOD CRY
FROM MY FATHER WORKER ABROAD

O time
Time
Where are you time

In lawn
There is no track
Of white happiness

Cry yellow hard labour
Empty coffer
Home I'll bring

Die down day

With the time
Nothing
Common I have.

**Мирјана Стојановска-Палигора**

# КОПНЕЖОТ ПО СРЕЌА ВО МОЈАТА ПОЕЗИЈА

Самиот чин на пишување стихови, творење поезија или проза, практично го покажува поетовиот копнеж кон одредена повисока форма на бидување, простор каде се остваруваат желбите, потребите на авторот, а што е тоа ако не, копнеж по личната среќа.

Низ искуството човекот формира извесен прототип на среќата и до неа му недостига најчесто само еден чекор (некогаш и повеќе). Но, тој единствен чекор, премин или прескок станува толку тежок, просто невозможен. И тоа трае, трае, поминуваат години, децении, векови, а човекот никако да го достигне својот идеал. Тоа од проста причина, што филогенетски, идеалот се менува, па секоја епоха носи свои копнежи, стремежи, индивидуални борби, трансцедентални патувања и сл.

Во онтогенетското восприемање на животот се чини дека секој мисли оти неговото страдање ги надминува сите граници, така што неговиот копнеж по долгото талкање и нереализирање, преминува во силна болка. Позната е онаа Ничеова реминисценца: „Никој не страдаше толку многу за она, за што страдав јас“. Отсуството на она што субјектот (Ниче) смета дека му е неопходно за неговата среќа, во еден момент може да добие такви димензии што ќе се претвори, или во уметничка творба (песна, роман, скулптура, уметничка слика и сл.), или, пак, ќе премине во сериозна автоимуна болест од која проклетникот- страдалник (најчесто уметник) ќе си умре од замислената тежина на отсуството на среќата.

Анализирајќи го копнежот во личното творештво, авторот се доведува во ситуација да си направи автокритика или автоцензура на своето дело. Многу интересен процес од аспект на психолошко-последователно-аналитичко-критичко видување на референтот во себе, авторот се става во улога да си направи анализа на својот копнеж, дали тој варирал од дело во дело, од еден период до друг и дали конечно го реализирал или тој преминал во страдање што ја нагризува неговата душа.

Најјасно издиференциран копнежот во мојата поезија доаѓа до израз во третата книга поезија „Ѕасидана врата“. Од дистанца од седум години од кога излезе оваа книга од печат, имав можност да ја препрочитам, сега како критичар на своето дело. Имајќи го предвид мотивот (копнежот) од внатре и експлицитноста на јазикот во поезијата, копнежот во оваа книга има две форми: *копнеж по слобода и копнеж по љубов*.

Слободата во минатото имаше една форма – слобода за својата земја, позната низ фразата „слобода за татковината“. Тоа во минатото се чинеше

најголемиот копнеж кој кога нашите предци го остварија (земјата нема надворешен воен агресор), се отворија толку многу лични борби каде потребата за слобода (во движење, во дејствување, во однесување, слобода на говорење и сл.) не ретко добива размери на потреба од воздух за дишење. Во таа насока, филогенетски, човечкиот род многу не напреднал зашто изгледа како постојано да трага по проблеми кои му ја загрозуваат личната слобода. Од друга страна, ако условно се земе дека секој живот е повисока форма на бидување од онаа на својот предок (претходник), тогаш природно, тој како современик на своето време бара пософистицирани облици на живот каде и (условно речено) отпорите на средината ги доживува како силен личен атак поради што тој (најчесто уметник) го пушта својот крик како силна болка, страдање, како силен копнеж да се ослободи од тие стеги на различни аспекти од неговата личност. Во песната „Знак“ (*Заѕидана врата*, стр.40) копнежот по среќата како слобода достигнува толку висока платформа што просто е неостварливо да се поправи одредена состојба на антисреќа:

„Сега треба да чекам
нов знак кој би се совпаднал
со сите енергии
на моето сонце и месечина,
на мојот оган и вода,
на мојата ѕвезда,
да чекам одобрение од сите предци
за да стигнам до мојата едноставна
бескрајно посакувана
Цел.“

Во песната „Покров“ како силен атипод на слободата стојат стиховите:

„Затворена бев во затворот на закани
на нелогични закони
кои од час во час се менуваат...“

Оној еден единствен близок, а далечен чекор до личната среќа е антиципиран во песната „Избор“:

„Ја продавам својата заблуда
за добар живот.
Ми недостига уште еден скок
кој секогаш го сонувам:
Се собирам во себе
за да отскокнам,
но наместо тоа,
се чувствувам мала

и немоќна да ја постигнам
ниту својата реална големина...“.

Втората форма на копнеж по среќата каде синоним на среќата е *љубовта* во истата книга („Заѕидана врата“) е мултиплицитно присутна, така што низ аналошката решетка скоро од секоја втора песна се задржува како во рибарска мрежа љубовта и тоа онаа вистинската, несебична, безрезервна, искрена, полна со доверба, со еротизам, со воодушевување како искристализирана естетска форма. Во една оксиморонска спрега, во песната „Во фантастичната игра на 2050“ реалното чувство на љубов/заљубеност свесно е доживеано како вистинска реткост поради што е и лоцирано преку четири децении во далечната 2050 година:

„Јас и мојот Ѕвер
во зборот влегуваме и зрачиме
плодови на хемиски процеси
кои стигнуваат до небото...
Јас и мојот Ѕвер ја градевме религијата
на смислата на постоењето...
Јас и мојот Ѕвер
градевме врски
на возможното и невозможното
за да се задоволи гладта на емоциите
и повеќеслојноста на животот...“.

Во песната „Преродба“ во интимно-исповеден тон е пренесен свесно рефлексивниот од во правец на љубовта која се поистоветува со светост што ја обновува човековата сила:

„Трачам по љубовта
по таа светост,
оти само од неа
ја обновувам силата
и само од неа може
да се случи Прапочетокот
и пак да се роди Светот“.

Интересно во оваа книга поезија е што во првиот циклус со наслов „Во фантастичната игра на 2050“ љубовта и среќата се насликани како реалност во која силно се чувствуваат соковите на страста и слаткиот ужиток. Но, подоцна, се открива дека реално таа среќа не може да трае долго и преминува во копнеж, во трагање по убавото. Потоа тежината, болката е уште поголема зашто среќата е вкусена, па нејзиното отсуство создава голема празнина, страдање, копнеж кој станува поезија.

Mirjana Stojanovska Paligora

## THE LONGING FOR HAPPINESS IN MY POETRY

Analyzing the longing in writer’s literary work, the author comes into a situation of auto criticism or auto censure of his works. Very interesting process from a psychologically successive analytic critical view in which the author is in a role to make an analysis of his longing for happiness. Analyzing the changes of longing through different periods of his literary activity to find out whether it turned into suffering. This longing for happiness mostly differentiated in my poetry is in my third book of poetry “The built-in door”. After seven years from its publishing I had the opportunity to re-read this book as my own critic. Having in mind the motive (the longing) from inside and explicitness of the poetry language, the longing has two forms: longing for freedom and longing for love. Well known is Nietzsche’s reminiscence, “No one has suffered so much for what I have suffered”. The absence of realization of the longing for highest reality or happiness brought him to greatest suffering which turned into a serious illness of mental derangement.

**Зоран Пејковски**

# ДРАМСКИТЕ ПОГЛЕДИ НА ЛИКОВИТЕ КОИ СТРАДААТ



Ја добив темата за оваа Тркалезна маса и пријатно сум изненаден од ширината на самата тема: **„Моите ликови - страдалници со силен копнеж по среќата“**, затоа што страдањето на ликовите, во поезијата, прозата, драмата, како посебен книжевен жарн, е неисцрпен мотив за секој автор, барем оној, кој професионално се занимава со пишување.

Јас се јавив на оваа Тркалезна маса не како антипод, туку како автор кој пред неколку месеци го објави најновиот драмски ракопис „Сон“.

Но, прво, пред да проговорам за „**ликовите-страдалници**“, сакам да го оправдам, пред сè, како драмски автор – кој и по вокација е драматург, насловот за ова мое осврнување: „**Драмските погледи на ликовите кои страдаат**“ (посебно во моето драмско творештво), би требало веднаш да се зборува за конфликтот во драмата кој е основа за целото дејствие внатре во неа. Така, преку ликот, или ликовите страдалници мора да се отсликува конфликтот на еден настан, на една состојба, без разлика дали станува збор за историски или современи етапи земени за дејствие на едно драмско дело, што се случуваат во една одредена заедница, така што создавањето на драмската слика секогаш го одредува и социјалниот конфликт на ликовите.

Значи, во срцето на драмското дело, а тоа е дејствието, секогаш мора да се нагласи реалната човекова ситуација, на поединец или цел колективитет, па така да се развива и драмското дело, и да се градат карактерите на ликовите за кои сме се определиле дека треба да играат на сцена, односно да се најдат во еден книжевен ракопис.

Ова е премногу важно, не само од драмски аспект, кои, претежно, ние како драмски автори се трудиме максимално да го прикажеме на сцена, туку и воопшто од театарски аспект, затоа што луѓето, односно публиката, кои доаѓаат во театар треба да се соживеат со тоа што се случува на сцена, за едно драмско дело да има целосен успех.

Затоа е битно да се прикаже реалноста на меѓучовечките односи, што, пак, создава апсолутен поглед кон условот на драмата. Убаво се знае дека ние, драматурзите, бараме да се игра конфликтот на човековите судбини врз основа на современите проблеми, бидејќи заплетот на драмата, како и внатрешниот, односно личниот живот на ликовите, во голема мерка, се карактеризира со тензија. Тоа, пак, ни отвора уште еден елемент воопшто во драматургијата, пред сè, како автори преку прецизна, би рекол, со медицински израз, енцефалографија, да ја утврдиме причината на таквата состојба, нам, (зборувам како автори) таа напнатост ни одговара, не само поради ликовите кои ги создаваме и градиме, туку и поради публиката, бидејќи ние, токму преку тие ликови кои играат на сцена ја одржуваме таа напнатост кај публиката.

Затоа ние одбираме херои, а не епигони, односно одбираме ликови кои систематски ќе бидат на сцената со нивниот „реален“ живот, кој мора што побргу да се менува, така што тие, т.е. ликовите ќе се доведат или кон пораз, или кон успех.

Но, сите знаеме дека и успесите нема да ги има, ако ги нема претходно поразите, бидејќи внатре во нас, секогаш постојат главните атрибути за битка со самите себе.

Е, такви се и одредени мои ликови во некои драмски пиеси, а посебно, како што ја спомнав и претходно најновата „Сон“, што неодамна излезе од печат.

Сега, пак, кога претходно сме ја поставиле основата на драмското дело, со градење на ликовите, создавајќи прво страдање до абиозна состојба, како неодминлива општествена појава и духовна болка, за потоа да се јават, и за нашите потреби, страдалниците во литературата, мора да создадеме спротивност, за дејствието да го направиме цврсто со повеќе симболизми кои ќе го окарактеризираат драмското дело.

Отсекогаш кога сум седнувал да пишувам, сум се прашувал, зошто го правиме тоа, и зошто создаваме такви ликови?!

Според мене, затоа што страдањето е овоземско, сеприсутно, човеково и тоа е околу нас, пред сè, како духовна болка, која сакаме на драмски или книжевен начин да ја споделиме со нашиот лик, или повеќе ликови, кои се во состојба на неизвесност и несвесност.

Така, јас ликовите ги создавам од несвесноста за неизвесноста, оти сите ние по малку интимно во себе се плашиме од она, „што ќе ни донесе утрешнината“, бидејќи никогаш немало гаранција за ништо, а за животот и животниот век, најмалку.

Честопати, пак, во одреден момент, се случува моите драмски ликови како страдалници да не се свесни пред да го направат кобниот миг, па ги доведувам до степен на автофогија, за потоа, веднаш од себе да ја отфрлат првичната размисла за безизлезност. Таков е, впрочем, и ликот на Младен во драмскиот текст „Сон“.

Е сега, таа духовна состојба на ликовите кои ги градиме е таква **страдалничка**, не само затоа што тие не се свесни за своите постапки, односно

што прават, туку и што мислат, и на крајот, во одредени моменти, и што чувствуваат. Се разбира, сето тоа го правиме, односно пишуваме само затоа што, прво, ние како автори, а потоа и нашите ликови, постојано си противречат самите на себе. Би рекле, си пркосат.

Зошто е тоа така?!

Затоа што како човекови единки дејствуваме во една насока, мислите ни одат во друга насока, а чувствата – некаде на трето место. Значи, прво ние како автори, а потоа преку нас и нашите ликови, понекогаш, би рекол, се конфузни, што, пак, од драмски аспект, тоа е повеќе од одлично поради сценската динамика.

Тука, кога, впрочем, прво се поделуваме меѓу хартијата и умот, а потоа влегуваме во јазот на судбините на ликовите, стануваме сè повеќе и повеќе поделени, затоа што и сè околу нас е поделено и така сè си функционира, а ние како атом или „капка во море“ не можеме да се одделиме од тој процес.

Затоа, нашите ликови се **страдалници** кои ја губат личната целосност и заедништво. Нашите ликови навистина се **страдалници**, но имаат силен копнеж по среќата, иако стануваат сосема отфрлени од сопственото средиште. Едноставно, би рекол, тие немаат кој да ги стопли со топла прегратка, а кога ќе ја најдат, ја губат на брз и мистериозен начин, бидејќи и животот е една мистерија. Потоа, тие ликови стануваат периферни во целата таа глобална наративност, но, сепак, се главни, оти настапуваат од личното.

Па, можеби и затоа сето тоа страдање е природно, бидејќи животот, колку ние и да не сакаме, сепак, ни е хаотичен, во постојани трчања и битки со различни препреки, предизвици, кои ни се испреплетуваат на патот до среќата, па настапуваме Дон Кихотски, да се бориме со невозможното, како што бараме и **нашите ликови – страдалници** тоа да го сторат за нас.

Животот кој не е хармоничен, е трагичен, обременет со страдање, со носење на постојан товар врз себе (што, како автори, сигурно ставаме и дел од себе во ликовите кои ги создаваме и градиме), со страшно патење, по можеби недостижното, по, ајде да речеме, сонот.

Е, тука е она страдање на главниот лик од драмата „Сон“, Младен, кој борејќи се со сите сопствени страдања, свесен или несвесен, во бунило, или во сон, со сите очаи и предизвици, обидувајќи се да побегне „од пишаното“, што би рекол нашиот народ, и конечно да ја најде среќата, за жал, не му успева.

За моја среќа и задоволство, анализите за таквата состојба на главниот лик ќе можете да ги прочитате и во рецензиите на почитуваните: Радован П. Цветковски, кој пишува за човекот изгубен само во себе, на проф. д-р Александар Прокопиев или, пак, во рецензијата на доцент д-р Христо Петрески.

***********

...„Зашто смртта на Младен не е предизвикана во директен судир со противникот по мислење и цел во разрешувањето на драмскиот проблем,

туку во несреќен случај од што трагиката е пренесена во Јасна, втората важна трагична личност во трагедијата, која, всушност, завршува со нејзините зборови: „Сон... Ми треба само сон“, што се поистоветува со смртта… Или, за авторот таа поставка е само одраз на прогонот од смртта потсвесно и во потсвеста инсталирана како излез за спасение, а можеби и како сосема реален излез од сегашноста што доаѓа несвесно во депресивната растроеност на личноста преполна со кошмари и соништа… Меѓу смртта и болката е распнат човекот што го носи товарот на љубовта како чиста разголеност и невротичност на сегашноста. Сè во некоја редоследност: љубовта, смртта, вечноста, од кои смртта е вечниот страв, наспроти постоењето со што се отвораат прашањата: Кое постоење? И какво? Всушност, се алудира дека смртта е ослободување од болката и погрешната љубов која во трагедијата останува недоотсликана.

проф. Радован П. Цветковски

***********

...„Драматургијата во овој ракопис е збиена, во неа сè се случува со голема брзина. Настаните се одвиваат молскавично, со нагли и брзи пресврти, а главните ликови се во постојана борба со самите себе си, но и со опкружувањето и другите протагонисти. Главниот протагонист Младен е осамен самец, депресивец, но и романтичар, можеби несвојствен лик за денешното време, се запознава и ја љуби Јасна, а покрај овие две централни личности, посебно се издвојува улогата на Смртта. Таа е речиси секогаш покрај нив, присутна насекаде и секогаш во нивна близина, па пророштвото, за жал, на крајот од претставата се овистинува. Смртта е длабоко навлезена во душата и срцето на главниот лик Младен, катадневно го прогонува и измачува, вгнездена е во неговата потсвест и бегството од неа и привидното ослободување се случува дури по трагичната смрт“...

доцент д-р Христо Петрески

***********

...„Во ова драмско дело Зоран Пејковски се нурнува во индивидуалната сложеност на човекот преплетен со основните прашања за смислата на своето постоење, наспроти секојдневните и мачни проблеми на преживувањето. Ликовите на Пејковски говорат едноставно, но во исто време метафорично за нивните односи и реченици се сокрива еден сеновит поетски свет којшто токму во оваа баналност на живеењето добива силнина на порака… Книгата „Сон“ е вредна приказна за суштествувањето и исчезнувањето, за љубовта и несакањето, и ѝ посакувам долг живот и меѓу кориците, и на театарската сцена“.

проф. д-р Александар Прокопиев

***********

Ние, пак, како автори и авантуристи на белите листови хартија кои се обидуваме да ги совладаме, понекогаш како свесни луѓе, се обидуваме таа духовна болка, тоа лично страдање да го направиме помалку болно, но од сопствените ликови бараме тие да го издржат и невозможното, бидејќи ние сакаме да бидеме дел од тие наши драмски и книжевни ликови кои поминуваат низ сè, и секогаш се исправени на нозе, чекајќи ги новите предизвици.

Zoran Pejkovski

## VIEWS ON THE SUFFERING OF MY DRAMATIC CHARACTERS

When we have set the basis of the dramatic work by firstly building the characters through suffering reaching a condition of spiritual pain. I have always asked myself why we create such characters. The suffering is omnipresent earthly and human although mainly as a spiritual pain which we usually tend to share with our character or more characters in a literary or dramatic way in order to make the dramatic work stronger. I create my characters digging them up from the unconsciousness and bringing them into uncertainty of the everyday life which is always threatened by the coming future that gives no guarantee to anyone, especially to one's life longevity. Very often at the beginning my dramatic characters – sufferers seem to be unaware of their condition by creating their own hopelessness. Finally, they abandon such an attachment as it is done by Mladen, the character in my dramatic text "Dream".

**д-р Христо Петрески**

# ВАШИТЕ – МОИ, ТВОИ ИЛИ НИЧИИ ЛИКОВИ



Мојот втор роман не случајно е со наслов „Твоите = мои очи“. Внимавајте: Твоите = мои, а не Моите = твои очи. Иако навидум е речиси исто, сепак, разликата е евидентна, многу голема и битна.

А, денешната тема за ликовите во *нашето* творештво  сугерира или дека недоволно сме ја елаборирале и исцрпеле минатиот пат, кога говоревме за главните ликови во *нашите* писанија, или дека, сепак, не е исто да се говори само за главниот лик и за сите други ликови... Не одеднаш и(ли) истовремено... Зашто, ако има главен лик, тогаш бездруго има и споредни и обратно.

А, денешната тема упатува и на нешто друго – на разглобување, на потсетување, на анализа и потенцирање (конкретизирање), но и воопштување со дефинирање на прашањето *кои* и *какви* се нашите ликови кои се статични, стојат в место и гледаат кон бездната или ѕвездите, или слободно и брзо чекорат преку настаните и средбите со другите смртници и бесмртници, па просто чиниш трчаат од една до друга страница и така минуваат и поминуваат низ целата книга и стигнуваат од првата до задната корица...

Но, зарем мора и треба секогаш тие *наши* ликови да бидат несреќни и зарем навистина сите тие, или грото од нив не се *постојано* несреќни?!

Кога не би била таа и толку голема *нивната* несреќа – тие, едноставно, најверојатно и можеби не би ни постоеле, или не би имале ни потреба и покритие и да постојат!

Така, дури сега, отпосле, како да стануваме свесни дека повеќето од нашите ликови се обични смртници и проколнати несреќници!!! А, тоа ќе рече дека, штом во главните, па и во речиси сите други ликови, имплицитно и експлицитно нѐ има и нас авторите, тогаш значи дека несреќни сме биле и сме и самите ние...

Очигледно, авторите се творци на *своите* ликови, но не и апсолутни господари и креатори и на сопствените судбини. Мајката наречена Живот или Судбина, што воопшто ќе признаете не е сеедно, везден везден раѓа (изнедрува) и (пре)создава нови рожби и судбини, па најпрвин ги завиткува во топли

пелени и ги лулка до заспивање, а потоа ги остава самотни и речиси угол голи на отворен пат, за да раскажуваат откако и ако преживеат...

Да, токму така или слично е и во моите три романи: „Лифтот (не) е за двајца“, „Твоите = мои очи“ и „Дали го сакате Дали“.

2.

Во првиот мој роман „Лифтот (не) е за двајца“ главниот лик е момче кое се искачува со лифтот во нов костум на најгорниот кат од старата зграда, ѕвони и долго чека пред станот на својата бремена девојка, а кога конечно ќе отвори нејзиниот татко ќе му соопшти на несреќното момче дека неговата ќерка а негова девојка е во странство (заедно со неродената рожба) – момчето го вади пиштолот скриен во левиот внатрешен џеб од палтото и непогрешливо посегнува по својот живот.

Ќе се врати ли еден ден од странство рожбата на несреќното момче – ќерка или син, ќе се распрашува ли за својот татко, каде стоел кога пукал во себе и како го изнесувале целиот извалкан и со многу крв на новиот костум: дали со лифтот, или со носилки по стрмните и тесни скали од дванаесеттиот кат...

Пред малку, во лифтот влезе младо и убаво облечено момче, а малку потоа од него излезе истото тоа момче, но со смртно повредена глава, извалкана и крвава облека и со нужна а непобарана помош на повеќемина други...

А, сè можеше да биде поинаку, доколку наместо строгиот и лош старец, несуден дедо, излезеше таа неговата млада, кревка и привлечна ќерка и го поканеше момчето да влезе внатре, или заедно со него и нивната заедничка рожба да побегнеа во непознат правец...

Но, животот, а понекогаш и авторите го креираат можниот и краен, што не значи дека е и конечен и апсолутен исход. И, да повториме уште еднаш: Очигледно, авторите се творци на *своите* ликови, но не и апсолутни господари и креатори и на сопствените судбини...

3.

Во другиот мој роман „Твоите = мои очи“ главен лик, пак, е една девојка која го напушта своето семејство (кое никогаш речиси вистински и го немала), па инкогнито бега, односно оди и завршува, т.е. продолжува да живее во манастир.

Кога конечно ќе го пронајде својот *роден* татко, кога ќе се сретне, па дури и ќе живее еден краток период заедно со него, никој од читателите, па ни авторот кога ја пишуваше повеста, не барем токму во тој миг, не ни претпоставуваше дека таа толку многу брзо повторно ќе се разочара и спасот ќе го побара преку бегството од досегашниот и (пре)скокот во новиот монашки живот...

4.

И, на крајот, во третиот мој роман „Дали го сакате Дали“, главниот лик е еден уличен сликар Салватор, кој живее во подрумите во населбата Капиштец, а своите ликовни дела ги раздава за топла чорба, или уште повеќе и подобро – за чашка ракија...

5.

Но, дали (само) јас ги создадов овие главни ликови, или нив ги создаде многу пред тоа и(ли) истовремено и самиот Живот и нивната човечка Судбина?!

Ќе се создаваат и пресоздаваат уште безброј други главни (и славни) и(ли) споредни (и неславни, туку заглавени) ликови... Нивната галерија е бескрајна и семожна, недогледна и неконечна...

Загледани во сопствените ликови и карактери, како во сопствените или во вашите очи, на единственото свое или во заедничкото семејно или работно огледало, како во изворот од кој коњаникот пие со устата вода, а потоа и неговиот коњ ги кваси ноздрите и ја шмука низ заби истата течност, така и Животот и Судбината се и исти и независни едни од други, а ние често не ги ни забележуваме  за да можеме и да ги разликуваме!

Тие (по)минуваат толку многу брзо низ нас, па и покрај нас, просто бегаат пред нас и од нас, што не ни останува ништо друго, освен да ги бараме и овековечуваме со нашите претпоставки, во нашите фикции, за нашите потомци, преку нашите творечки проекции и преокупации, но и нашите илузии и небулози...

И, пак ќе повториме и преповториме: Кога не би била таа и толку голема *нивната* несреќа тие, едноставно, најверојатно и можеби не би ни постоеле, или не би имале ни потреба и покритие и да постојат!

Се разбира, се мисли на ВАШИТЕ – МОИ, ТВОИ ИЛИ НИЧИИ ЛИКОВИ...

D-r Hristo Petreski

## YOURS – MINE, YOURS OR NOBODY'S CHARACTERS

Today's theme suggests elaborative analysis and emphasizing concrete characters who could be objectively defined in their static or dynamic existence no matter whether they are standing on one spot looking at the abyss or the stars, or they freely walk over the events and meetings with all the other mortals on this earth, so that one could think they ran from one page to the other page thus passing through the whole book until they reach the back cover.

I always ask myself if OUR characters had to be unhappy and truly, are they not continually unhappy?! If THEIR unhappiness didn't exist at all wouldn't they exist, also. Perhaps, there would be no need of their existence. Now, we are becoming aware that most of our characters are ordinary mortals and cursed people. We could conclude that in the main characters, as well as in all other characters in our literary works, implicitly and explicitly, the author's identification is evident. In accordance with the above stated we are unhappy, also…

**Ѓорѓи Прчков**

# МОИТЕ ЛИКОВИ – СИТЕ СТРАДАЛНИЦИ СО СИЛЕН КОПНЕЖ ПО СРЕЌАТА



Каде си тргнала јабано сурова и каде си ги повела овие страдалници со себе. Не си ти виновна, знам, навикната си да ги шириш прегратките и да прибираш, без да одбираш. Се накотија чеда твои со црни мисли и нè избркаа од твоите гради, нас цицалчиња. Тие како да не беа со твое млеко задоени, напротив им смрдеше здивот на нечовештина. Шопов и Каровски ќе се превртуваат во гробовите ако разберат дека слободата кратко траеше. Јаневски и Конески се среќни што не можат да ги видат нашите деца. И Рацин, тој толку мечтаеше, што се срамам да му кажам за нашите работници. Подобро што се мртви...

*– Цига готово е, решив!*

*Цига скокна како боцнат.*

*– Да ја оставиме оваа кучка копилјарка! – грмна.*

*Цига широко ги отвори очите.*

*– Цига, нема повторно да нè надитри, арамија стара, нема повторно! – зборуваше Ѓунер, а солзите му течеа.*

*– Ѓунер, платиме тешка откупнина! – рече Цига и погледа во празниот ракав. – Ѓунер гледај, чувствувам како расте, па расте проклетата, нека расте! – потоа жалосно погледа кон топилницата.*

*– Не Цига, не ги израмнивме сметките со оваа кучка, копилјарката што излезе далеку од татковината, нè надитри Цига! – рече и тивко заплака.*

*– Ѓунер, сигналот на нашиот колосек е кренат! – извика, го прегрна и запеа така, како што никогаш не пеел. Ромската песна се слушаше надалеку, можеби и до татковината, Петочна вода.*

Ги чуваме мајко ко очите свои, но дојде соблазна и почна да ни ги зема. Ни ги напија, што со спремност за самодокажување, што со зацврстување на својот интегритет. Се тетеравеа по улиците среќни во светот на возрасните и вистинските доживувачи на животот. Блуеја по ендеците со жалење за увозеното кое им ја напушта утробата. Понекогаш не знаеја што зборуваат, но и тоа беше во трендот на редно е некогаш да бидеш смешен. Потоа ни ги нафиксаа, а ние ги бакнувавме нивните отечени раце. Трепервме дали ќе се

вратат од нивната блажена состојба, макар и да не ни речат повеќе татко. Продаваа сѐ околу себе, често и своето тело на последната тезга пред пеколот. Ги открадна поубавиот свет, кој се грижеше за нивните тела, а не души.

*Едно време чу прво шумови потоа и разговор. Очите ги подотвори и како една девојка на двајцата амали од Ленски мост им се придружи виде. Тие само што ја видоа зедоа настрана да се држат. На девојката гласот ѝ имаше излезено молбен:*

*– Со двајцата ќе легнам, со мене работете подолго, и по ваша волја, ама колку за да вечерам исплатена да излезам! – им велеше.*

*Едниот ѝ рече:*

*– Што ќе ни си, ни цице ни газе имаш, од слаба небаре штица бичена си излегла, кожа и коска – небаре риба коскарка, сакаш к...овите да си ги искршиме, во коска да ни удрат, ќе причекаме нешто  убаво, нешто да земеш да работиш мерак те фати, ајде од нас понастрана, патот под нозете и бегај, магла фаќај!*

*Девојката настрана, крај жичената ограда, локалитетот Хераклеја што имаше земено да го заштитува отиде....*

Никого крвта не повикала побрзо како со страдањето во очите, тој начин да се толкува сѐ и ништо, сѐ бидејќи тие го оддаваа она што најчесто срцето посакуваше да го сокрие, и ништо, кога беа празни од болка. Утешителот го фиксира погледот во длабочината на погледот на страдалникот и приближно ја мери должината на индиферентноста кон животот. Ако таа линија е долга, утешителот ја сфаќа плиткоста на мембраната помеѓу желбата да се живее или не, додека ако е кратка веднаш прави прегратка која треба да спаси во последен миг. Кога видиците се израмнат, се отвора хоризонтот за зборови, полни со надеж дека барем се отргнале мислите од судниот ден.

*Герасимчо често, загледан кон миндерлакот, кон татко му, мајка му, во лицата испиени, од мачна работа избраздени, пред време остарени, скришно по некоја солза ќе проронеше, зашто и за себе, што му имаше излезено од важност, ниту за сестричката излез не гледаше, а тоа едно мило, нежно бледуњаво, ластаресто девојченце што беше, да го гледаш и од милина да се топиш.*

*„Некако јас во работата ќе издржам, издржал дедо ми, издржал татко ми, ама како Величка ќе издржи, нежна, кревка за година две ќе падне“. Тогаш се сети на „Ленка“, скоро збирката со песни „Бели мугри“ на Рацин ја имаше прочитано, дури и песните наизуст научено ги имаше, „Ако ја снајде истата судбина, зошто се родила, зошто родителите на свет ја донесле“. Многу често и си велеше: „Зошто и мене ме родиле, на свет ме донесле, зошто, најубавото што можеше мене и на Величка да ни се случи имаше излезено воопшто да не се родевме, ама ете, сме се родиле, со животот мачни битки да биеме, да страдаме, а тој со нас сурово да си поигрува“?*

*Писокот на локомотивата ги растури насобраните. Челифе остана сама...*

*Поита кон домот. Таму го најде стариот легнат ничкум врз фотографијата. Викна. Но тој не ја забележа. Викна уште еднаш... двапати.... трипати... Тој не ја забележуваше...*

*Ја фати рамката, го фати стариот за коса и му ја поткрена главата за да ја истрга фотографијата. Стаклото беше напукнато точно врз средината. Браќата ги разделуваше како со нож пресечени.*

Не би сакал, а можеби не би можел да додадам ниту да одземам ни еден збор за да ви кажам за тешкото. И зошто ми иде да плачам ко дете? Не за загубена играчка, повеќе за загубена земја, загубени души... А каде ли се изгубиле? Во алчноста на некој, во силата на друг, во игри и манипулации... Им дозволи да заминат во анонимност со многу дупки зад себе. Се јавија нови добротвори на народот со цел да ги заѕидаат тие дупки. Почнаа со свое осигурување, а дупките ги оставија за подоцна. Се занесоа во личната егзистенција, при што дупките се претворија во јами. По изгласаната недоверба се враќаат првите кои ги прескокнаа дупките, но ветија ќе ги затрупаат јамите. Почнаа со проверка на тоа што остана, го поделија, а јамите ги оставија за подоцна. Јамите формираа кратер кој почна да ни ја голта земјата, беше горд господинот Црв... И првите и вторите нудеа малтер за дупките, ама и се обвинуваа. Подоцна разбравме дека сите добиле виза за преку кратерот.

*Одеднаш, целосно ме преокупира прашањето: „Зошто во пеколот“? Ме стегаше во душата, арно ама умот ми работеше. Одговорот го барав низ повеќе страни, прашањето го разгледував од сите можни агли, но до одговор никако да дојдам. Едно време ми навре и друга мисла: „Кога човек е мртов, зар е важно дали е во рајот или во пеколот“? Уште едно прашање, а без одговор. По долго размислување, се најдов навреден. Открив дека луѓето за кои биев битки; за кои правев добрини; за кои страдав, луѓето за кои умрев; кои многу ги сакав, свесно ме испратија во пеколот. Не сакав ниту да помислам дека тоа го направија за да ми наштетат. Тие добро знаеја дека на Земјата бев маченик, а да дозволат да бидам маченик и под Земјата, тоа не беше во ничиј интерес, освен на власта. Арно ама таа немаше замешано прсти во врска со моето заминување, дали ќе заминам во пеколот или пак во рајот, нив тоа воопшто не ги интересираше, им беше важно некаде да заминам, една голема пречка помалку. Тука, мојот народ ја имаше земено улогата на судија, пресудата падна по волја на мојот народ – во пеколот, а за во пеколот не бев. Гревови за плаќање немав, на Земјата никому лошо не направив, ниту едно од правилата божји не прекршив. Каде би можела да ми биде грешката? Мојот народ морал кај мене да најде крупна грешка, па ме испратил да горам, да вријам во катран, да плаќам гревови, што не сум ги направил.*

Страдањата започнаа, и облозите беа ставени. Јавно сите беа на наша страна, освен кога нè бомбардираа со нивните ракети. Ни ги стегаа рацете да издржиме во сопствената заблуда. В некое село венеше цвете, убија деца... Да им дадеме едноминутно молчење, ако не можевме да ги спасиме или да бидеме на нивно место. Штета што нивната крв не ја донесе слободата како

порано. Таа само ги изми зборовите на проклетството на неколку клетници кои не се ни засрамија да ја употребат во своите пропагандни пораки. Мајките сами останаа в село...

*Професорот го исправи Грозданче, им го предаде на две колешки, тие од двете страни цврсто го преграбија. Тој бавно тргна кон ковчегот, по него стражарот, професорот седе двајца од колегите на Грозданче, го кренаа ковчегот и бавно тргнаа. Кога излегоа од портата, стражарот нареди да сопрат. Ковчегот го спуштија. Тој ја одрами пушката, застана над главата на Саргијата, го целива в чело, пушката ја впери во височина и со три истрели го испрати другарот. Потоа му го стави Мац на рамото, а професорот тефтерот му го даде в раце. Колешките на Грозданче бликнаа во силен плач, плачеа и колегите. Плачеше и стражарот, иако тврд, корав, во војната на раце му умираа храбри борци, тој солза не пушти, овој пат плачеше – ревеше. Професорот плачеше, ама тивко. Патот не беше долг, до ритчето – го изодеа пеш...*

Нека е проклет денот во кој се родив и ноќта во која рекоа – се роди дете. Тој ден нека биде темнина, да не го побараше Бог одозгора и да не изгрееше над него светлина. Таа ноќ, да не се смета меѓу дните на годината и да не влезе во бројот на месеците. Таа ноќ, без луѓе да беше, веселба да не влезеше во неа. Зошто не бев умрел кога сум се раѓал и не бев издивнал кога сум излегувал од утробата? Зошто ме прифатија на колениции и што ми требаше да цицам гради? И сега ќе лежев и ќе почивав и ќе ми беше спокојно“. Толку за **Јов** кој по неколку страдални моменти, подоцна беше повторно сит од животот. Обидете се да не се грижите за утрешниот ден, зошто тој ќе се грижи за своето, на секој ден доста му е неговото зло.

*Зумбуло имаше немирен сон. Низ постелата едно-едно се превртуваше. Само што мигна се разбуди, всушност, страшна главоболка го разбуди. Се најде со нозете на перницата, со главата каде што требаше да му бидат нозете. Во прегратка го имаше земено ќебето, кон главата го притискаше небаре болката ќе му ја земе, ќе му ја стопли и болката ќе го напушти, арно ама му излегуваше сè посилна. Стана. Со двете раце си ја гушна главата и тргна кон бањата. Патем погледа во часовникот, покажуваше некоја минута до три по полноќ. Во бањата влезе и седе шумно да моча, мочаше обилно и долго. Од болката силна што му имаше излезено, го имаше удрено во очите и тој мижеше, шолјата ја промаши и млазот од мочката удри во плочките од бањата. По пижамите го прскаше, имаше земено да му ги кисни, посебно внимание не обрна, во умот сочно ја опцу болката во главата. Пижамите ги соблече, на плочките од бањата ги фрли и тргна кон креветот. Со поглед прошета по спалната соба, побара остар, ама тврд предмет, да се затрча, да удри силно со главата и да ја расцепи, но таков реквизит не најде.*

Уште една капка алкохол и уште една непреспиена ноќ на семејството згужвано по ладните ќошови на темна соба, во позиција на привремено умртвување на сите рефлексни органи со цел да не се наруши и тишината и повторно од почеток да не се преживува хорор трагедијата исполнета со ври-

сок и здив на засмрдена бочва со вино. Ист случај е и деспотското владеење на тиранин кој замислил привилегии поголеми од Бога, кој иако не го создал човекот сака да го уништи, кој битието на најразвиениот жив организам го враќа на скалило на амебата, кој живее во улога на господар во општество во кое робовите постојат само во учебниците, во историја, кој и веќе престанал да се прашува дали освен него постои друга димензија. Ист случај е и незрела личност со помешани биолошко-психолошки карактеристики во патолошка комбинација склона на перверзија, изживувања врз голото тело кои телесната страст ја доближуваат до прележувањето на чума, кои нежноста ја елиминираат уште со гасењето на светилката, кои создаваат рани помали само од оние во кланицата... Гледам бегалци по улиците, едни бегаат од нив, но пак се враќаат, други бегаат од себе, но пак се враќаат, трети бегаат...

*– Откако ме дрогираа, телото зеде да ми олабавува и јас да излегувам млитава. Мажот ми зеде да ме соблекува, се обидов отпор да му дадам, арно ама во мене сили немаа останато. Ме соблече гола и со работа почна прво тој, работата бргу ја заврши. По него еден од другарите, кумот имаше излезено, еден со огромни раце, небаре лопати излезено му имаа, а во стапалата небаре мечка беше. Со него ми имаше излезено најмачно, зашто имаше земено да работа долго, од сите страни да ме превртува и да рика небаре вол имаше излезено, третиот го имаше зафатено извесна доза на срам, ама обземен од сладострасна, соблазнителна похота, врз мене се счипчи и тој, од другите беше нешто повнимателен, попретпазлив, во лицето небаре дете имаше излезено, ама со брадулче. Работата ја заврши брзо и од мене се оттргна, настрана од другите седна... Забите ги стегнав, стравотно имаа земено да ми крцкаат.*

Човечки е да се живее денес, а да се вложува и надева на утре. Никој не го знае точниот број на своите денови за да би организирал последна средба со најмилите. За кого бијат камбаните? Денес за тебе, а утре можеби за мене. Нивниот одек ќе се слее со лопатата на гробарот, неподготвен да ги закопа последните илузии, солзи преполнети со сè уште неактивна тага, незавршени сништа... Последната рака земја, тогаш најблиската асоцијативна форма на заминувачот. Да не заборавиме да ставиме пари во џебот за да си го плати патот, кој инаку е бесплатен во едниот и бесмислен во другиот правец.

*Шазиман ги рашири широко очите и ја виде својата Ромка како невеста. Обуена е во к а д и ф е н и ч е в л и, исшарани со монистра во разни бои и црвени како жар бувки. Таа доаѓа и ги чести гостите. Тие пијат вино од бакарни садови, ги топат густите мустаци. Чувствува како бавно умира, а смртта му е слатка зошто виното испило многу сонце.... Одеднаш пред него се исправи неговата Челифе, бујна, со кадифените чевли на нозете. Со рацете силно ги трие очите, се созема. Во тој миг убавата Челифе исчезнува...*

*Шазиман поминува крај чадорите – тие се пусти. Нема песна; нема свирка; нема вино. Нема човечки глас да чуе. Тој собира сочна трева, има земено да ја слуша како дише, а таа му пее во тишината. Го опфаќаат далечни спомени, за неговата убава Челифе и кадифените чевли...*

На човек обично не му се гледаат птиците големи колку китови или не му говори кучето со човечки глас или не се однесува весникот како такси возило. Обично не, но во некои ситуации доаѓа до премин на некои компоненти од иреалниот во вистинскиот свет, секако, само во ќелиите на сивата човечка маса. Со секој научен збор и образовен сигнал се врши вдлабнување на мозочната смеса и тие засеци се основа на меморијата и сè што складираме во неа. Но, малите нервни завршетоци наместо да останат на нивните предодредени места, навлегуваат во сивата маса и веќе вдлабнатите места ги мазнат, а протокот на информации кои веќе немаат магацин ги разбркуваат по воздухот. Некои од нив ќе се припијат, но некои ќе ги посетат очните сензори со што нивните антени веќе не ја презентираат реалната слика туку копии од претходните сегменти вметнати во континуираниот прием.

*На една греда од таванот Мац висеше. Саргијата се насмевна. Ова страв ќе им втера в коски, ама едно Ш У Б Е ќе им влезе, та не ќе го намирисаат мојот имот. Страшно ш у б е. Саргијата упатуваше мисли кон Мац. Не сакаше да губи време. Машината што брефташе зад него, го подгони. Се заслуша и повтор се насмевна. Потоа Саргијата сенката си ја виде на подот. Беше издолжена со опашот околу в р а т о т .*

*Уште за миг му прелета радосна мисла: „Каков страв.... Какво шубе“!*

*Одненадеж, светот го зафати некаква си глобална криза. Маса народ имаше земено да се тревожи, во криза да запаѓа, па во умовите помрачени да излегуваа, разумувани, со дисхармонија во мозокот. Психијатрите имаа излезено со полни раце работа. Пациент стана нивниот колега. Пријателите од кризата зедоа да го вадат, ама не го извадоа, последна надеж им излезе Убавко, зашто тие за тоа „дете“ имаа слушано, дека врвен психијатар излезено има слушаа, и дека ќе земе да ги надминува своите и тоа го слушаа, ама дека зело и полудило не знаеја, да слушаат земено немаа. Врвниот доктор кај Убавко, во лудницата го однесоа. Убавко само што го виде, под рака го зеде, и под разгранетото дрво кај доктор Скуберни го однесе. На стеблото го потпре и Убавко на дрвото со плеќите се потпре и продолжи да си се смее, доктор Скуберни немаше ниту престанато, од срце се смееше. Најголемиот психијатар во светот, подгреан од смеењето на двајцата, зеде да надава најгромко и најнеприродно смеење, значи тројцата имаа земено само да се смеат, ама долго, колку никој не кажа, а зошто, еднаш рековме.*

Материјални добра се храната, домот и неговата опременост, придружните погодности кои го олеснуваат животот и даваат влезници во новокомпонираните елити и на крајот исполнетоста на викендите и годишните одмори со инстант авантури. Нематеријалните добра се образованието, воспитанието и мудроста. Субјективна причина која не овозможува услови за стекнување на горeспомнатите вредности е човекот и неговите каприци во стилот на што помалку труд за што поголема цена, претплатата на грбот на родителот или љубовта кон креветот и воопшто кон секој објект во хоризонтална и удобна положба; или сосема спротивно воздржување од луксузот кој создава неудобен амбиент за една личност која знае што сака. Во групата на објективни

причини се државата и нејзиното влијание во локални и новиот светски поредок во глобални размери. И двата видови на уредување постапуваат по некој реформиран биолошки закон за селекција, според кој само прецизно одбрани единки по најразлични критериуми ќе бидат привилегирани да се служат и да ги распоредуваат материјалните добра.

*Дека по коприви, троскот, трње, остри камења, по спили, Гаскарка животот го продолжи, се покажа многу брзу. Прво се судри со немаштија, почна да гладува, нешто пари што ѝ имаа останато брзу ги потроши, ама помош од некого да земе и да побара, како што си вети од никого не побара.... Салото, лојот по снагата што ги имаше наталожено зедоа да ѝ се топат. Гаскарка тие три месеци од портата надвор не излезе. Во куќата на Мишако остана затворена. Клучевите, студени често ги допираше, дека е безбедна, од никого посетена, видена да не излезе сигурна се чувствуваше, гаранти двата клуча ѝ беа. Во спалната соба, во која со Мишако имаа поминато нешто повеќе од дваесет години, на креветот легната, во фотографијата загледана, времето во размислување, во глад, омалдушеност, без енергија, исцрпеност, во мака го поминуваше, значи Гаскарка маченица, страдалница имаше излезено, небаре во манастир зела испоснички, маченички живот да живее...*

Насилниците се луѓе без личност насочени кон ослободување на напнатоста од еден пореметен внатрешен мир во насока на искористување на неефективната работна сила во дејство без логика или, пак, луѓе кои своето место во работното лоби го изгубиле, па егзистенцијата ја обезбедуваат преку извршување на хировите на нивните работодавачи врз непознати клетници. Потлачените се единки кои живеат во погрешно време, на погрешно место и имаат несреќа да се соочат со помислата колку им бил идеален животот до моментот кога можеби прв пат вистински помислиле на смртта. Методите на насилство можеби и не би постоеле од старт, доколку во овие игри не би биле вклучени и претставници од заштитата или, пак, доколку насилничките групи не бидат разбиени по принципот на индивидуалност од оние кои дотогаш се очекуваше да бидат само потлачени.

*– Од балконот ќе ја џитниме, вие многу внимателни бидете, зашто в раце треба да ја дочекате, кога ќе падне на меко да падне, зашто од многу тепана што е, на неа ништо здраво нема, ако и вие ја испуштите, Верушка може дури и смртно да се повреди.*

*– Добро, ти само фрлија, ние сме подготвени, на раце ќе ја дочекаме. Не туку одложувај, фрли ја побрзу, зашто безбедни не сме. Во секој момент постои можност да нé намирисаат и тогаш крај за Верушка, ама крај и за сите нас!*

*Со Дангуло се погледавме, само еден ишарет и Верушка ја џитнавме. Уште, само, видовме, како Стаорецо и моите другари од младешките години на раце ја дочекаа. Слушнавме како Верушка имаше почнато чудни звуци да надава...*

Верувам дека секој маж милувал многу повеќе од по роденото име да го нарекуваат маж во вистинска смисла на зборот. Гордоста и Ахиловата петица сеедно, не би биле историски белези на едно долгорочно машко самоспознавање ако не се воедно и придружни фактори при секое будење да се поставува едно те исто прашање. Одговорот е променлив и минлив и реторички решен да се надградува со појавата на сè понови ситуации во кои треба машкоста и тоа како да се докаже. Тие мажите, не се секогаш убедени дека по секоја цена ќе треба да се постават по непишаниот кодекс на големите, туку настојуваат, барем оние современите, т.е. препредените, со рутинско однесување да наметнат мислење дека тоа им е во крвта.

*И, јас се сетив кога колата почнав да ја туркам за да ја искачам на врвот од ридот. Ги имав запрегнато ракавите, ги вложував сите сили со кои располагаше мојот организам, а ги имаше во голема количина, зашто телесно бев многу силен, со многу енергија во мене, млад. Запнав колата да ја истуркам, зашто беше стигнала пред моите порти. Запнав од жилите што ми ги држеа петиците, арно ама од местото никако да ја помрднам. Туркај, туркај, вложувај сили, таа како закована, ниту да се помрдни – ѓаволска работа. Се развртив околу неа, ги разгледав четирите страни и пак се вратив на предната. Кола како и секоја друга арабаџиска кола. Кога повторно разгледав видов дека сум ја влечел на угорно, од подножјето на ридот, ама почнуваше многу угорно. „Што ако е угорно“ – си реков, „Имам сили да ја истргачам“, и по трет пат запнав, ама не и не. Одвреме-навреме ќе закрцкаше, ама од местото да се помрдне не. Туку едно време, место јас да ја потерам, таа ме влече проудолу, кон портата, а таа отворена, со сè мене влезе во дворот, а оттаму се рашета низ одаите. Си шета, си шета, како таа да е газдарицата на куќата, а јас слуга. Од напор што вложував, да не ѝ дозволам да ми влезе в куќи жива вода станав. Паднат на градите, ме влечела по дворот и одаите, кожинки ми одрала по разголеното тело, спици ми се наденале, дури и цели деланки. Кога се видов, рани ми зинале, крв ми шуркаш... Многу свирепо од нејзина страна.*

„Оче мој, ако е можно нека ме одмине оваа чаша, но не како јас што сакам, туку како Ти. Оче мој, ако не може да одмине од мене да не ја испијам, тогаш нека биде волјата Твоја“. Сега веќе дозволив да се изнивелира нивото на бура и оаза во мене и само го чекам изгревот на сонцето. Се радувам на мигот и неговата содржина, но со едното око ѕиркам во правецот од кој ќе пристигнат новите искушенија со оближани лешинарски муцки. Тогаш и страдањето ќе ја загуби својата универзалност поради тоа што станало лично мое, претопено во адреса која никого не го засега, ниту, пак, е јавна за да дозволи разбременување и здив.

Gjorgji Prchkov

## MY CHARACTERS – ALL SUFFERERS WITH STRONG LONGING FOR HAPPINESS

Where have you set off violent destiny abroad and where have you taken away these sufferers with you. You are not to blame, I know, you are used to spreading your embraces collecting without selecting. There emerged children with black thoughts and chased us off your breasts, us the sucklings. As if they were not with your milk imbued. Their sigh was stinking on inhuman. Shopov and Karovski will turn over in their tombs if they find out that the freedom lasted for a very short time. Janevski and Koneski are happy because they cannot see our children. Racin was longing so much so that I am ashamed to tell him about the workers. It is better that they are dead... Now, I have calmed down the storm with an oasis inside myself waiting for the sunrise. I look forward to the short moment and its content, but with one eye I peek in the direction from where I expect temptations to appear with sharpened teeth in the vulture's snout. In that moment suffering will loose its universality because it becomes only mine, assimilated in and at an address which concerns nobody...

**Весна Ефтимова Сотироска**

# МОИТЕ ЛИКОВИ – СТРАДАЛНИЦИ



Пречитувајќи ги моите текстови поразително согледувам дека моите ликови, кои произлегуваат од секојдневниот живот, се „страдалници со силен копнеж по среќата“. Животот ги става во различни искушенија, ги покорува, ги тера да му се предадат за да ги однесе некаде далеку од нивните домови, далеку од нивните семејства, далеку од нивната среќа. Но, тие го поминуваат долгиот пат на себеоткривањето обидувајќи се да ги приспособат желбите наспроти можностите.

Поминувајќи низ пречките кои животот им ги задава ја откриваат својата моќ, за која најчесто не се свесни дека ја поседуваат и која е скриена длабоко во нив.

Тоа се ликови страдалници кои се наоѓаат на границата помеѓу два света, оној реалниот и оној замислениот. Два света кои се разделени со многу тенка линија.

Во замислениот свет им е поубаво и на Милица главниот лик во расказот „Победа“, и на главните ликови од романот „Мирисот на животот“, Наталија и Игор, како и на Кате главниот лик во романот „Средба со непознатиот“.

Милица, главниот лик од расказот „Победа“, копнее по родниот крај, односно копнее да им се врати на корените. Копнежот за враќање во родниот крај е копнеж по изгубената среќа, тој истовремено е и причина за нејзиното страдање. Таа сè уште го немаше слечено невестинскиот фустан, кога нејзиниот сопруг Спасе замина в планина, кога таа замина од дома. Во нејзините мисли постојано се бујните полјани по кои таа растрчува, во обид да ги дофати шарените пеперутки. Во нејзиното секојдневие се слеваат сеќавањата на радоста на деновите поминати заедно со домашните миленичиња, инсектите и растенијата. Ја повторува песната на жетварите со која селаните заминуваа на работа, опиени од миризбата на домашно печен леб и пресно месен зелник. Убавите зборови упатени за нејзиниот зелник ѝ извлекуваа насмевка на устата и ѝ носеа радост во срцето. Го памети сјајот во очите на детето и младата девојка во неа. Не може да ги заборави живоста во движењата и вер-

бата во животот. По таа радост се враќа еден жежок летен ден кога е голем припек, жештина како и во деновите на кои се сеќава и по кои копнее.

Жештината и желбата да се врати дома се натпреваруваа. Устата ѝ се исуши, нозете не го издржуваа товарот на мислата, силата ја напушташе, но желбата беше голема. Враќајќи се дома во водата здогледува лик. Нов, сосема непознат лик, кој не припаѓа таму.

А таму...? наоѓа „огромна површина покриена со пепел... Куќи не останале многу. Селото речиси беше срамнето со земја. Ноздрите ни ги нагризуваше непријатна реа на пцовисан добиток“. Ништо не останало од родната куќа, пространите ниви, бескрајните полиња. Останал само мачорот Сивчо, сакат на едната нога, кој по цел ден седи и тажно мјаука.

Реалниот и замислениот свет се разликуваат и кај главните ликови во романот „Мирисот на животот“, Игор и Наталија.

Игор е неуспешен студент, момче кое не се согласува најдобро со родителите и кое често се навраќа на еден момент од минатото, кога мајка му останува со него, оставајќи го татко му сам да оди на забава. Тоа е миг кој му ги помешува минатото и сегашноста. Минатото кое ја потиснуваше сегашноста и забрзано надоаѓаше, за да ја долови мајчината љубов и сигурноста во мајчината прегратка. Доаѓаше за да го постави болното прашање со што би можел сега да ја врати и да ја прегрне за да се почувствува повторно сигурен, да ѝ каже многу работи и да побара многу совети. Во тоа надоаѓање на минатото мислите се бркаа во главата, прашањата се натрупуваа и ги затрупуваа одговорите... „Телото затрепери, воздухот запре во градите. Ме гушеа собата, предметите, сеќавањата и размислувањата“.

Игор талкајќи низ мрачните ходници на животот се обидуваше да го најде излезот. Токму кога помисли дека е на прагот на излезот повторно се загуби, но овој пат пресретнат од полицијата и нередите во сопствената земја. Почнаа да го мачат две војни, онаа со родителите и онаа во државата која опасно се закануваше. Проблемите од домот се префрлија на повисоко ниво, на проблеми во заедницата. И повторно реалниот свет го заменува со фантазиите. Заминат да ја брани својата татковина, во мислите ја бара својата љубена. Многу подобро се чувствуваше да го следи текот на сопствените мисли и да ѝ припаѓа само на неа, отколку да биде во реалноста заедно со војниците од неговата единица, нападнат од стравот за сопствениот живот. Таму во мислите ги прегледуваше нивните заеднички мигови, нивните заеднички денови поминати во студенската соба, во која само неколку метри квадратни и еден дотраен кревет им беше доволен за неизмерна среќа. Таму во неговите мисли Наталија го напаѓа од сите страни, за да го стопли во студените денови.

Исто како Игор, и Наталија се бори со непозната сила, што не ѝ дава мир. „Ми доаѓаше да викам, да липам, низ плачот да ја извадам маката што ми ги стегаше градите. Срцето ми биеше насекаде: во градите, во стомакот, во главата. Размислував која е оваа бесмислена игра што се игра околу нас. Се залажуваме дека секој од нас си го живее животот онака како што сака, несвесни дека сме фатени во мрежата на безброј зависности“.

И како едно зло влече со себе и друго и таа изгубена во стравот дека ќе го загуби својот љубен почна да го губи сопствениот живот.

Апсурдот на животот кај Игор е после нападот на нивната патрола, тој да не се сеќава на патот кој го одведе во болничката соба, да ги заборави убавите спомени поминати со неговата љубена и да ја заборави борбата за спас на својата татковина.

Додека едни ја бранат својата татковина, други гледат спас за себе заминувајќи од неа. Таков е случајот со Кате, главниот лик во романот „Средба со непознатиот". Во желбата за подобар живот, таа заминува далеку од дома.

Кате е дипломиран економист, во потрага по работа. И таа постојано се присетува на минатото. Не го заборава денот кога заминуваше на студии, кога покрај тагата поради разделбата со семејството и стравот од непознатиот град, радоста за шансата што ѝ беше дадена за да се школува беше неизмерна. Во неа најдоминантна беше желбата за себедокажување и самопотврдување. Веруваше дека започна да го следи патот што ја води кон остварување на нејзините идеали. Веруваше дека жртвата што ја дава, ќе биде подлога за нејзиниот успех.

Професорите се воодушевуваа од нејзиното знаење и ја потикнуваа да се надградува. Се гледаше себе си како ја брани својата докторска дисертација пред броен аудиториум, дури ја имаше одбрано и докторската тема. А потоа, по завршувањето на образованието го сонуваше својот пат низ Европа.

За жал, две години после нејзиното дипломирање Кате не можеше да најде работа. Сите банки и приватни фирми ја одбиваа, со изговор дека немаат доволно работа ниту за вработените. „Повторно во неа оживеаја немирот и неспокојството, што ги имаше закопано длабоко во себе, ѝ се отворија старите рани скриени во нејзината душа, кои никако не може да ги излекува. Поразена и скршена го чуваше револтот во себе поради неправдите што ѝ ги носеа животот и светот во кој живее. „Немоќна сето тоа да го отфрли од себе, постојано ѝ струи низ крвотокот и си носи со себе негативни последици по нејзиното здравје... Повторно мачнина ѝ го обзеде телото и по којзнае кој пат посака да е некаде далеку одовде каде нема да ја мачат проблемите на невработеноста и сиромаштијата".

Не гледајќи излез од тешката ситуација во која се наоѓаше нејзиното семејство, решение побара некаде далеку од дома. Во светот од нејзините соништа каде секој наоѓа работа, свет во кој ја повикува нејзината другарка Маја.

Нејзиното заминување во светот од соништата и фантазиите ѝ го овозможи средбата со непознатиот, кој подоцна стана нејзин сопруг. Во тој свет замина со крилјата на љубовта, оставајќи го градот во кој сѐ повеќе од ден на ден ја потиснуваше слепилото на секојдневната реалност.

Кате таму започнува нов живот, на почетокот уживајќи во медениот месец, за набргу потоа на плеќите да го почувствува товарот на цел свет, за набргу животот да ѝ стане неподнослив без мајка ѝ, семејството и пријателите. Таинственоста ѝ беше најголем непријател што ја делеше од нејзиниот сопруг. Со секој авион посакуваше да се врати назад во својата земја. Не може-

ше да поверува дека тоа нејзе ѝ се случува, го доживуваше како лош сон кој треба да заврши.

Нивните животи се постојана низа на почетоци. Милица „ситница по ситница ја слави победата, почнувајќи од почеток, создавајќи нов дом и нов живот. Живот создаван преку радувањето на малите нешта и големата победа“.

Кате се повлече во своето длабоко внатрешно постоење, се повлече во својот свет. Во свет чии граници не беа достапни за никого. Се оддели од сите членови на фамилијата, за да ја послуша својата свест, за да сфати дека клучот е во неа, дека единствено таа може да влијае на нејзиниот живот и нејзиното расположение, уверувајќи се дека го следи патот на својата судбина.

Vesna Eftimova Sotiroska

## MY CHARACTERS – SUFFERERS

It came to me to shout, to cry aloud, through my crying to push away the toil which pressed my chest. My heart was beating everywhere: in the chest, in my stomach, in my head. I was thinking about this meaningless game that occurs around us. We are deceiving ourselves that everyone lives his life in one's own way unaware that we are caught in countless addictions. Milica, celebrates the victory, starting from the beginning in a new home and with a new life. The big victory gained out of small things. Kate withdrew in her inner world. In the world whose borders were inaccessible. She separated from all the members of her family, following her intuition, in order to realize that the key is in herself. She realized that it is only her who can influence her own life following the path of her own destiny.

**Богоја Таневски**

# СТРАДАЛНИЦИ ПО СРЕЌА



Човекот за да живее мора да се заложува да опстојува, да се бори за подобри услови, за подобар живот, подобар опстанок. Тој мора да бара, да се бори за подобра среќа. Некаква среќа или несреќа постои, има во сите сегменти на животот. Според мое мислење, постојат два вида на среќи: вродена и стекната среќа. Тоа го потврдува и народната поговорка: „Роди ме мајко со среќа и фрли ме на патот“. Тој човек со таа потенцијална среќа понатаму во животот полесно ќе ја одржува и надградува. И тоа пак е релативно. Некои луѓе имаат добра среќа, некои подобра, а трети најдобра, додека некои немаат никаква среќа. Некои имаат среќа воопшто во животот, некои во работата, некои во спортот, некои во љубовта, некои во бракот итн. Народната песна вели: „Среќата со пари не се купува...“ и тоа е точно. Некои луѓе имаат многу пари, ама немаат среќа со здравјето, не можат да го одржат иако плаќаат прекумерно, некои немаат среќа во бракот, не оди, па се разведуваат. Затоа треба постојано, па и со страдање да се оди, да се бара среќата.

Поставената тема „Моите ликови – страдалници со силен копнеж по среќата“ е опфатена и во мојата цела поезија, имам малку именувани ликови, но тука е присутна темата воопштено, оти моето творештво превосходно е поетско.

Во поранешните времиња, некаде во 50 и 60-тите години од минатиот век (видено во мое време, а не кажувано од други), борбата за опстанок на луѓето беше насочена во други услови. Тоа е регистрирано во моите песни од стихозбирката „Угорнина“ (1971). На пример, во песната „Везови“ ја изнесувам силната желба и копнеж на тогашните девојки да го подготвуваат својот чеиз за мажење, со макотрпната работа везење селски женски кошули и друго, па велам: „Насмевите ги вкоренува во везовите /кога од утро до мрак ги придружува прозорците/ прстите ги боцка со иглата на надежта“. Во песната „Угорнина“ во истата книга велам: „Животот е бодликава угорнина“, што значи дека е многу тешко да се искачуваме на таа животна угорнина, со страдање со силен копнеж барајќи ја среќата. Поради неостварената желба за благосостојба и среќа во тоа време во нашите простори /па и сега/ луѓето поч-

наа масовно и нагло да ја напуштаат нашата земја и заминуваа /и заминуваат/ во странство барајќи ја својата среќа.

Во песната „Петлите ги довикуваат зорите“ велам: „Расони се Ѕвездо/... Завиткај ги соништата в пазуви /и понеси ги на стрниште/ нека венеат/... Така се кали нашата младост /на припек, на камен и земја/.

При макотрпната работа на луѓето од село, обработувајќи ја земјата рачно било вклучено целото семејство и стари и мали за собирање на берикетот за нивната егзистенција. Денешната работа на земјоделците е олеснета, бидејќи користат разни современи механизации. Тогаш луѓето беа вистински страдалници. Во песната „Под ова небо“ велам: „Во оваа треперлива пурпурност / во ова поле пламнато од сонце/ во ова лето вжештено од здодевност/ ние бериме зазбиван живот/.

Во стихозбирката „Илинденски огнови“ (1980) се искажани ликовите – страдалници Гоце Делчев и Ѓорѓи Сугарев во борбата за ослободување на нашата татковина Македонија. Ликови – страдалници до погибија.

Во мојата стихозбирка „Провир низ времето“ (1993) речиси низ сите песни ја регистрирам таа состојба. Во песната „На железничка станица“ во големи групи луѓе со свирки и тапани ги испраќаат своите во странство и велам: „Старецот плаче /какво проклетство ве мами/ во недогледните далечини/ железничката станица тежи од луѓе/ Писокот од локомотивата/ животот го прекршува“. Ова ја покажува силната желба, копнеж по барање среќа. Сега тука настанува обострано страдање. Во некоја смисла страдаат и тие што одат во странство, а повеќе и тие што остануваат тука, затоа што остануваат сами, стари, нема кој да им помогне. Затоа во песната „Балада за песот“ велам: „Песот далечините/ со мирис ги проголтува/ изгубени траги од стопанот/ не најдува/ умот од осаменост му зајдува“ итн. Слична ситуација е опеана во песната „Разделба на аеродром“ (1987). Вакви ситуации имаше во повеќе села во Македонија, па и во градовите. Среќата и несреќата (не сообраќајна) се во постојано ривалство како категории. На пример, тие што заминаа во странство можеби нашле каква-таква среќа, а кај тие што останаа тука се рефлектира незадоволство некаква несреќа оти остануваат старите сами, слабо згрижени. Тие што се во дијаспората, долго време кај нив има контра дејство, па сега тие копнеат по татковината, носталгијата по родното место копка во нивната душа, донекаде и нив ги прави несреќни. Затоа се јавува ривалство, меѓу среќата и несреќата.

Во стихозбирката „Судбини“ (1999) имам песни со тематика каде страдалниците со силен копнеж и желба одеа по среќата во битолската банка „ТАТ“ за да приберат парични средства, што се вели за црни денови да се најдат, но тој октопод ги изгоре луѓето, ги изгубија и тие пари што ги имаа, а некои од таа тага и умреа. Тоа го кажувам во песната „Парите се отепувачка“ (1997) „Му дале на волкот /пастрма да чува/ и човекот стана волк/... Од волкот бегаа/ удрија на мечката/ каква судбина“/. Затоа во една песна велам „Животот е бодликава угорнина“, што значи тешкотии, маки во искачувањето на таа угорнина, страдање во одржувањето на тој живот. Можеби кај некои не со

мака, но кај повеќето луѓе да, со маки. И во другите песни е искажано страдањето.

Страдањето на луѓето поради духовна, психичка или материјална неисполнетост, односно незадоволство го имам опфатено во стихозбирката „Нагризени хоризонти“ (2002). Тоа се настани со формирањето на РЕК-Битола, со кое дојде до пустење на околните села: Суводол, Врањевци, Билјаник, кои повеќе не постојат, бидејќи се длабоко ископани за работата на РЕК. Со тоа настанаа разни хоризонти: нагризени, прекршени, ископани, не само физички, туку и душевни, болни хоризонти во душата на луѓето, кои се иселени, со тоа останаа големи лузни во нивните души. Некои страдалници можеби стигнаа до некаква среќа, но постарите не, бидејќи тие уште тагуваат по своите изгубени вековни огништа. Тие настани, тие трауми, тие болки изнесени се скоро во сите песни во споменатата збирка, а посебно во песните: „Процена“, „Иселување“, „Тревога меѓу мртвите“, „Последен ѕвон“, „Манастирот Свети Никола“, (во Суводол, битолско), „Аманетот Суводолски“, „Балада“ и „Прозорци во срцето“.

Во стихозбирката „Повраток“ (2006) во песната „Балада за Дилбер Стана“ (според Стале Попов), Дилбер Стана има тежок живот во бракот со Ѓорѓија и од свекрвата, па побара нова среќа кај Младен, но не стигнува, бидејќи пред да појде, првиот маж Ѓорѓија ја задавува и таа барајќи нова среќа умира. Во сите песни во книгата „Повраток“ искажано е страдањето на луѓето заминати од своите родни домови, барајќи среќа, а сега повторно страдање погодено од носталгијата, се враќаат луѓето да си ги видат родните огништа и простори, но не и да живеат таму, оти нема услови.

Bogoya Tanevski

## SUFFERERS FOR HAPPINESS

In order to live man must strive for survival and better conditions in life and happiness. In a way there is some kind of happiness and unhappiness in all segments of life. I would say there are two kinds of happiness: inherent and acquired. This is confirmed by the folk saying, “Mother, give birth to me with luck and throw me on the road”. If there is a potential inherent luck it is better to survive in life and finally reach happiness for oneself and one’s family. Happiness is relative. Some people have a good luck, some have better luck and to some the best luck brings happiness. On the other side are those who are always with a bad luck. Some people have happiness in love and marriage and life in general. Some have a big luck in the work they do, some have luck in the sport. The folk song says, “Happiness can’t be bought by money”. Some people have much money, but are unhappy because their health is bad. In suffering to struggle for happiness is the motto of my characters.

**Добре Тодоровски**

# ПРОКОЛНАТИОТ ЛИК – СТРАДАЛНИК



Не еднаш сум се произнесол како во моите дела прикажувам вистински приказни, преживеани настани, трагедии, со многу ретки искажувања на некои среќни мигови, црпени од секојдневието на нашиот човек кој од век и вајвек битисува на овие простори, за кое некој рекол дека маката му е постојана придружничка, а среќата многу ретко го намнисува.

Сепак, по добивањето на информацијата за дадената тема за оваа Роднокрајна средба на битолските писатели, организаторот како да ми ја насетил мислата, а со дообјаснувањето на темата како да го препрочитал моето творештво, особено да го прочитал романот „Прокоба“.

Не откривам ништо ново ако забележам дека секој човек тежнее кон подобар живот, подобра утрешнина, за себе и за сите околу него. Само начинот на кој тоа го прави е различен. Колку ќе успее во неговата замисла, времето ќе покаже.

Ако страданијата на главните ликови се испишуваат и се издигаат над тагата (каде што страдањата се општествени, односно се однесуваат на поширока животна заедница), во романот „Завештание Велјаново“ се спушта на пониско рамниште, односно главнината се задржува на поединецот, за во романот „Прокоба“ да се однесува на семејна трагедија. И во едниот и во другиот пример важно е читателот да го пронајде мотивот, а оттаму да го сфати приказот или да ја насети испратената порака. Ова како потврда на гореискажаното, а по однос на темата.

Сметам дека содржината на романот „Прокоба“ во целост се совпаѓа и тематски се поврзува со насловот, така што и страдањата и посакуваната среќа скоро подеднакво ги следат во текот на животот сите ликови, и главните и оние споредните.  Овде ќе го издвојам ликот на Зора Мицкова која наоѓа среќа во сета нејзина сиромаштија. Таа во еден заплет на околности ќе отпатува во Холандија, каде што ќе се запознае со нејзиниот животен сопатник.

Стремежот на писателот е да ги прикаже ликовите, да ги опише физички, но и да ја прикаже нивната психолошка состојба во текот на искажувањето.

Се надевам дека среќата и страдањата на ликовите, особено во романот кој го зедов за обработка, успеав подеднакво да ги опишам, секако, во зависност од нивното место и улога во романескното дејство.

Проколнатиот лик во романот, Сидор Магденоски, на еден или на друг начин, во текот на целиот живот ќе го следи прокобата. Иако свесен за тоа, сепак, тој ќе се обидува, што наоѓам дека е во човечката природа, што помалку да се потсетува на сторението, она грдо сторение од кое страда, ами постојано се обидува, да наоѓа и изнаоѓа оправданост за неговото постоење, во секојдневното докажување и силна желба за еден усвоен норматив за нормална живејачка.

Токму тука, копнежот по среќата би бил незабележителен, доколку не би го опишале, односно прикажале минатото, приврзаноста кон потесното и пошироко семејство, силината на неговата љубов кон девојката која најмногу ја сака и на крајот ја предава на друг, за што, всушност, е фрлена колнатија, односно прокоба кон него. Од ова заклучокот доаѓа сам по себе, за тоа колку што е посилна и поголема прикажаноста на колнатијата, толку е поголема желбата за да се надмине истата.

Како што реков, среќата во моите дела е релативна. Така, некои ќе бидат пресреќни; еден што купил рачна пила „германка“, друг иако ги изгубил сите спечалени пари враќајќи се од гурбет, сепак, спасил жива глава и се вратил дома, а можел и да не се врати, трет што се жени за која било, само да биде женет итн. Од друга страна, се оние кои ништо не може да ги направи среќни; ни наследениот удобен живот, ниту парите, ниту привилегиите дадени од општеството, каде се чувствуваат доминантни во однос на другите. Како тука да се опише ликот, да се објасни психолошкиот момент кај човекот.

Секој човек своја судбина. Така се обидувам да го вградам психолошкото дејство кај ликовите во романот, во обид, кога се работи за страданијата истите реално да бидат прикажани, свесен дека она убавото по кое тежнееме е премногу далеку, дури во некоја несфатлива далечина. Или, ако е подобро да се рече, премногу убаво за да му се случи на ликот. Ќе ми биде навистина мило, ако преку тоа се открие мојата препознатливост.

Како не би се поклопувале страданијата, овде, пред сè, се мисли на личностите, поединечно, кои го носат товарот на раскажувачкото дејство, а за книгата да добие континуирана целина, дејствијата се менуваат од место во место, среќавајќи други ликови со поинаква животна судбина или не ретко моментно среќни мигови.

Главниот лик Сидор во романот „Прокоба“, проколнат од неговата девојка Магда, верно, ќе страда и ќе се присетува на неа и ќе копнее целиот свој живот. Не само по љубовта која на несфатлив начин ја предава на друг (во романот му ја препушта на постариот брат, како да е негова своина и како само тој може да ја одредува нејзината судбина), туку со таквата постапка се оддалечува и од родителите, се одродува од блиските роднини, кои, сакале тие или не, затоа што живеат во таква средина, ќе бидат зафатени со прокобата и ја доживуваат секој на свој начин, поединечно. За да биде заокружен кругот, се опишува и копнежот за крајот роден, каде што при крајот од при-

казната главниот лик се враќа на местото од каде што тргнал. Искрено ќе жали за сè што пропуштил во животот, со единствена желба и надеж дека истото нема да му се случи и на неговиот нејак син.

Како не би бил погрешно сфатен, морам да истакнам дека носечкиот лик во овој роман не е обележен со видно физички „страдалнички“ белег, ами секоја испишана ситуација, со повеќе или помалку негативна конотација, психички го повредува, му ја труе душата, а тој тоа го прифаќа и толкува како неминовност на фрлената колнатија по него, како нешто што мора така да биде, соодветно на верувањето кај народот на кој му припаѓа, кога се работи за вакви ситуации.

Не се тоа Сизифовски или Танталови страдања во животниот од, кои во митологијата се осудени без трошка надеж за тоа некогаш да престанат нивните маки, туку при обработка на содржината, надвладеа тоа дека е христијански да се прости, да се простат гревовите и на човекот да му се врати надежта за живот, барем во еден мал зрак на светлина.

Нашиот човек традиционално, емотивно е врзан за својот роден крај, потесното семејство, луѓето со кои живее, почитувајќи го Божјото слово. И не треба којзнае колку да му се случат некави убавини, па да биде задоволен, да биде среќен.

Поради преживеаните трагедии, кои оставиле лузна на душата во човекот, кој постојано се бори за опстанок и подобра иднина на поколенијата, се чини како најмногу да се трага по душевен мир, како крајно задоволство и остварена смисла на неговото постоење.

Обично, што е и во човековата природа, се очекува приказната да има среќен крај, што значи ликот, сепак, на крајот да го огрее среќата. Но, тоа не мора да биде правило. Посакувајќи ја силно среќата и животот, понекогаш главниот лик смртта ќе го пресретне пред време.

Во потрага по тема за обработка, со ретки исклучоци, настојувам, без разлика на временската дистанца, содржината, преку неколку ликови да биде пренесена на читателот, во која можат, како што е спомнавме погоре во текстот, да се пронајдат и тие самите, како учесници, или соучесници во настанот и времето. На тој начин се обидувам да им дадам универзалност на страданијата, но и на среќните моменти. Како поткрепа на ова би ги посочил темите „Сивилото на одот“, роман со миграционо-печалбарска тематика, „Над тагата“, каде што се обработуваат воени дејствија од нашите простори од поновата историја за која постојат сведоштва, „живи“ искази на луѓе за нивните патешествија, со силна желба на нов почеток.

Народот наш е типичен пример за ова, кој, сведоци сме, кај сè не се разнебитил по светов, какви не сè маки претргал, во надежта за подобра живејачка и по цена откорнување од родните огништа на поединци и цели семејства.

Болката по изгубеното, страданијата и среќата секој на свој начин ја чувствува и ја искажува, пресликана преку ликот страдалник, секако, во зависност од авторовата визија и моќ, истото да го пренесе на хартија и да го преточи во книжевно дело.

Dobre Todorovski

## THE CURSED CHARACTER – SUFFERER

I won’t say something new, if I notice that every man strives for better life, better future for himself and for his family and relatives. The way of striving in life differs. Time shows the extent of one’s success. If the sufferings of the main characters are raised up over the sorrow, in the so-called novel “Over the sorrow” (where the sufferings are societal i.e. they concern the wider community). In the novel “The Legacy of Veljan” the suffering is on an individual level while in the novel “Prokoba” we can see a family tragedy. In the first and the second example it is important for the reader to find the reason for the suffering, to understand the motive and to receive its message.



**Петко Шипинкаровски**

# МОИТЕ ЛИКОВИ ЧЕКААТ ЗРАК СРЕЌА



Поставувањето на темата, да се напише есеј за мотивот, или како што е поставен насловот „Моите ликови – страдалници со силен копнеж по среќата", претставува потсетување или можност да се докаже силината преку зборот – настанот, или настаните на кои авторот се врзува, елаборирајќи притоа (според своите стилски можности и уметничката креација, или дарба во раскажувањето и описот на настанот) со цел на пошироко публикување на ликот (овите) во делото или творбата.

Умешноста – ловот за да се дојде до сливот и да се појде по растоката на приказната и да се напише делото, потребно е да има мотив, за да се киниса од постојката по патеката на животната приказна, најчесто поттикнат од силниот копнеж на ликот(овите) во потрага по среќата. А самиот збор среќа претставува врв на стасување на целта и задоволство на плодоуживање во своите емоции на љубов и радост.

Мотивот за да се лоцира главната мисла и да се постави основата и напише дело,  како што е насловено, „Моите ликови – страдалници со силен копнеж по среќата", кај мене, низ годините и при објавувањето на бројните наслови, постоело токму тоа; копнежот по среќата и радоста како епилог на горкиот настан и животните случувања.

Љубовта кон родното катче и носталгијата која како сенка се влече по трагата без престанок низ годините која ме враќала во родното огниште, да ја почувствувам и допрам љубовта кон моите најблиски, најпрвин родителите и предците, но во исто и освежување со мирисот  и размислите во присетувањето на детските враголии и младешки лудории по селото, на селските буништа, на првите намигнувања и љубови – или како што честопати сум запишал, мигови на една вистинска љубов.

Иако оддалечен од родното катче, мислата постојано ме влече, радосни биле моментите на престојот таму, но секогаш разделбите со моите најблиски биле проткаени со тага, и секогаш сум им ветувал; пак ќе дојдам.

Ете така го започнав моето творештво најпрвин како дописник – вонреден дописник на Нова Македонија во делот за Мариово каде беа бројни објавите; дневни настани, репортажи, разговори со луѓето и за нивните судбини; како овчари и вредни домаќини, за историското и духовното богатство на тој дел од мојата татковина, Република Македонија, и други прилози. Но, школото и надградбата, поуките од моите родители, разговорите со постарите роднокрајци, сеќавањата на настаните низ историјата и одот по маките на моето мариовско население, и предците на моето семејно стебло, љубовта – онаа вистинската љубов, онаа исконската што не се создава за да се има, туку се раѓа и ткае, се разгорува и пламни, што беше основниот мотив, или силината на копнежот да започнам со создавање творештво од повеќето жанрови, дела со разнолика содржина: историска, прозна, поетска, драмска... Ете тоа е тоа: љубовта кон своите предци и по корењата и „кртечините“ на нивните животни патишта, но и беспатија, нивните судбини и зовриени витли или собрани како клопче на подарениот живот, или надвиснати како црна сенка и смрт.

Романите „Откорнати души“ и „Децата на Марија“ се литературни творби со историска содржина во кои се прикажани настаните од Првата светска војна, а во која особено страдалници се: мариовското население, убиствата, палежите, прогонствата и интернациите и сè што носи животот потоа, а како последица на опустошените села, раселените Мариовци, болестите кои шират смрт, умирањата, но и силината и желбата на луѓето да се истрае, да се изоди патеката на животот исправено, гордо, непокорливо, со верба, и покрај големите страдања. Еве што за моето творештво велат некои од македонските литературни опсерватори:

„МРАЧНИ СТРАНИЦИ ЗА ГОЛГОТАТА НА МАРИОВО“ – Во „Откорнати души“ е опишан животот на избезумените, ограбените, истоштените, гладните и како вистински маченици тормозените Мариовци. **Р**етки се случаите и во големите литератури, кои имаат долговековнни традиции и исклучително богат и разновиден книжевен фундус, првото дело на некој автор не само да ја погоди целта, да го оправда во целост своето објавување, туку и да постигне сосема солидни литерарно-естетски резултати. Уште повеќе, ако станува збор за автор чии професионални определби и конкретен општествен ангажман имаат малку допирни точки со литературата – е насловот, поднасловот и почетокот на текстот во написот на Ванчо Меанџиски за весникот „Македонско сонце“.

„Иако во македонското прозно торештво не се ретки дела со високи уметнички вредности, сепак, романот „Откорнати души“ на Петко Шипинкаровски, покрај високиот уметнички дострел, се одликува и со својата посебност, автентичност, со тоа што авторот, преку говорот на личностите во романот доследно ни го прикажува изворниот македонски говор (дијалект – вели

Благоја Брајановски во својата рецензија за романот „Откорнати души“, или, „Сличен на Стале Попов, па и до некаде на авторските дела на Цепенков, Шипинкаровски изобилува со карактеристична македонска лексика која го збогатува делото и него го сместува во авторите кои денес проговоруваат на еден друг јазик, посебен по својата автентичност, со кој успешно нѐ враќа во времето врзано со Првата светска војна и времето потоа“ – ќе рече во својата рецензија за романот „Децата на Марија“ литературниот критичар Мерсиха Исмајлоска за говорот и употребата на мариовскиот дијалект како потсетување, но и збогатување на македонскиот литературен јазик, додека, пак, Јован Ѓуровски за употребата на мариовскиот говор во рецензијата за романот „Црна љубов“ покрај другото вели: „Тоа е постигнато со употреба на подзаборавени, осовремени и новообразувани зборови, како што се: увејка, суцрна боја, пореница, студеноросно шумолење, мошолњето, матежина, смигнато, ранозорјето, шушуру-бушуру, осамата, помрачина, натопинка, дангола, распор, гачки, запор, омаеноста“.

Револуционерниот дух и непокорливоста на Македонецот од Мариово се искажани во монодрамата „Духот на војводата“ посветена на војводата Толе Паша, монодрама во која преку неговиот лик и уста зборувам за животните, организационите и револуционерните патишта на Македонецот за целосно ослободување од повеќевековното ропство или борба за здобивање на целосна слобода.

Блиска на неа, исто така, е книгата Рудолф Арчибалд Рајс, „За Македонија и за Македонците“, работена според записите и објавите на Швајцарецот со германско потекло Рудолф Арчибалд Рајс, кој за време на фронтот повеќе години престојувал во српско-француските војски и давал извештаи за овој дел од македонскиот пекол – Мариово.

„Авторот на книгата импресиониран од објективниот и непристрасен став на Рудолф Арчибалд Рајс, нему уште во 1997 година во дневникот Нова Македонија му посветува еден опстоен фељтон во кој за прв пат на ваков начин сведочи пред македонската јавност за овој хуман и објективен сведок на едно од најбурните времиња во поновата македонска историја“ – ќе рече академик Љуан Старова при промоцијата на книгата во Домот на културата во Струга.

Вистинскиот книжевен влог кој ја отсликува метафоричноста, фактографијата и аналитичкиот пристап во творештвото кај темата; „Моите ликови – страдалници со силен копнеж по среќата“ се романите „Петра“, „Црна љубов“ и „Дабјак“, дела во кои се испреплетени судбините кај носечките ликови во делата, љубовта – потрагата по онаа вистинската љубов, мајчинската, онаа, љубов кога копнежот е да се живее поради љубов, да се сака и да се продолжи родот свој, бескрајно да се сака и љуби и вртоглаво да се сменуваат настаните: раѓање, живот, смрт и повторни раѓања и семејни изгреви – таму и тогаш дури и кога длабочината на проклетијата е без дно, замрежена и кога

во мрачниот тунел се појавува зракот, се раѓа светлината, се продолжува среќата, животот.

Наспроти роднокрајното и носталгијата по оставените родни краишта, во моето творештво е присутна и универзалноста во раздвижувањето на ликовите, како што се ликовите во романите „Децата на Марија“, „Петра“, Црна љубов“, „Дабјак“, „Златни обетки за Марија“, во расказите од книгата Залезнина... – каде ликовите ги изнаоѓам и водам по разни дестинации: Загреб и Риека во Хрватска, Голубово и Белград во Војводина – Србија, Грингила и Волонгонг во Австралија, Елбасан во Албанија, Истанбул во Турција, Баово во Егејска Македонија – Грција, Фербанкс во Аљаска – САД и др.

Наспроти прозното творештво и изнаоѓањето и оживувањето на ликовите страдалници со силен копнеж по среќата, во поезијата ја отсликувам, исто така, носталгијата по родното огниште, родителската љубов, татковината и местото на свиеното ново огниште, домот и семејството, до универзалното значење на големата љубов – пекот и прегорот, она што значи да се сака елаборирано од Хесе, она што е ставено во десетте Божји заповеди, она што значи почит и порака до читателот; за подзаборавениот збор, Морал, за однесувањето, што значи Етика, за доброто однесување, што значи Бон тон, и за многу нешта што човекот го прават човек, или биолошко суштество што има божевствена дарба, Разум, да резонира, суди и пресудува, да го дели доброто од злото, да го поседува своето, да не посегнува по туѓото по нешто што не му припаѓа нему:

*– Само едно знај, запомни, синко! Човештината не се купува на пазариште или во гранап. Домашото воспитување, чесноста, поминот со луѓето, занаетот и да се сака и да се брани земјата што те родила и те хранела, од дамнина биле најголема вредност во нашето семејство, оти тоа е исконско, наше, македонско...! Ете тоа е аманетот од мене и нека се пренесува од колено на колено.* – „Црна љубов“, роман 2007.

Бројни се строфите и стиховите со пораки во кои предупредувам за човековата, но и општествената негрижа кон своето национално врталиште и опстојување: *Поминаа времињата на големите жетви кога срп српуваше: ги стрижевме ридјето и падините окапени и со набабрени класје, бремени, стенкаа згрвалени од лебно жито*. Е почетокот на песната и пораката на Амбарот во последната строфа; *Старите ламарини се веат, штиците гнијат. Острата песна на лопатата од буката замира, куќата е глува. Амбарот остана гладен, потајно умира,* во песната „Амбарот остана гладен“/„Седело на орлица“, 2006 година, додека, пак, во истоимената збирка, во песната „Суво грли“ пеам за големиот животен помор – одумирање на главните животни занаети: земјоделието, воденицата, лебот за кои занаети и одлики веќе нашите поколенија се запознаваат преку читанките; *Секнаа карваните со дории, пресуши реката од лебни зрна и каменот воденичен ја заигра својата нема песна. Еден старец со изострени коски, со чекан и длето ко ветровеење, клепа по дисаѓите на воденичкото суво грло.*

„Поезијата на Петко Шипинкаровски восхитува со раритетна, архаична, рурална лексика, со инвентивното создавање на нови морфолошки облици (создавање деноминативни глаголи и девербативни имиња: придавки, именки и сл.), што претставува исклучително збогатување и на поетскиот вокубалар на авторот, но и генерално на севкупниот македонски јазик“ – вели рецензентот Љубинка Басотова за песните во стихозбирката „Злоуми“.

...„по успешното деби со „Седело на орлица“ и втората „Бели ветрови“ во кои се најдоа и вонсериски песни, тематските и стилските обележја можат да се оценат како продолжение на сопствената патека.

Во двете стихозбирки кај Шипинкаровски преовладуваше родољубивата лирика, но овој пат тој бега, смирено заорува по руралните и надреалистичките поетови битиа, копа, и ги всадува изумрените печати и силно бие во зовриените поетови цутја и изгреви.

Не треба долго да се нурка меѓу зборовите за да ни стане јасно дека кај поетот изворот на доблестите бие посилно од времињата што се зад нас. Оттука ќе произлезе и неговата вознемиреност и тага по одминатата идила на родниот крај. Иако убавината на природата останува тука во „Злоуми“, пламено зазорува поетовиот блескот – вели Светлана Христова Јоциќ.

„Кои се тие два чинара од втората слика, слика која се меша со стихот, визуелното преку книжевното, и текстот наспроти сликата. Сеќавања од детството, стихови на зрелоста, видоизменети од времето, видоизменети во времето, потврдувајќи ја онаа теза за нераскинливата врска на поезијата и сеќавањето, меморијата. Токму таа неможност да се направи строга референтна точка во однос на минатото, посебно во поезијата од поезијата создава една категорија блиска до некоја суптилна метафикција, лична а блиска до секого кој знае да се сеќава.

„Патник отрешит влегува во куќата и дворот, / незапирен, ветрометно влегува зборот. / Непокането заскрзнува, по душите раскопува; / смирува, ги накрева, ги дразни сетилата, зборот. / Сетака ненајавено - коњ незуздан е зборот, / Барабани, бреме на плеќите во домот. / Изненада истапува, добредојден е зборот, / со добра мисла понегде, вишнее ко борот.“ Ја познава поетот маѓијата, да проговори за зборот, за оној свој збор во осум стихови, како да говори за својата поетика – е поставката на Мерсиха Исмајлоска во критиката за стихозбирката „Бели утра“.

„Авторот е понесен од поројниот татнеж во облакот на детството на младоста, одекнуваат спомените од одвеаното минато, недонижани се друмовите и годините што следуваат, а времето и земјата дишат.

Заспаните љубови се будат и повторно се пробудуваат (и можеби, зошто да не, и се прободуваат), а ловот на мислите и туѓите поуки и пораки не престанува ни за миг, туку се трансформира и претвора во сочен народен јазик, со чувство и сенс за фолклорот, битот и битовата драма, со постојано на-

враќање со и кон минатото“ – покрај другото вели Христо Петрески во својата рецензија за стихозбиркатѕа „Бели утра“

Оттука и заклучокот дека е присутна универзалноста во искажувањето; тематски, мотивски и стилски во мојата поезија и проза, во која преовладува родољубивата поезија, лириката и лирските обележја за роднокрајните предели, за татковината во поширока смисла, родна земја, за родот и семејството, за љубовта како поширок поим, но и онаа вистинската...

Petko Shipinkarovski

## MY CHARACTERS WAITING FOR A RAY OF HAPPINESS

The love for the homeland spot and the nostalgia which hovers like a shadow through the track without stopping through the years made me always return to the homeland heart, to feel the love of my nearest, my parents and the ancestors and at the same time I was refreshed by the memories of the youth's escapades in the village, of the first love or as I have many times written, the moments of a real love. Although far away from the homeland my thought usually pulled me back, joyful was the stay there, but always the separations with my nearest were interwoven with sorrow. I used to promise, I will come back.

The lessons from my parents and elders, memories through the history and the toils of the population in Mariovo, my ancestors, my love for my homeland that has been burning in myself were my basic urge and motive for the force of my longing to start my literary activity genres. My novels „Petra“, „Black love“ and „Dabjak“ are interwoven with many destinies in quest for love, living for love and loving to extend the human race, infinite love in which birth, life and death are changing. No matter whether they are spiced with unhappiness, sometimes, without bottom, as if in a dark endless tunnel my characters are waiting for a single sun ray, the birth of the light, a hope for happiness.

# СОДРЖИНА

ОСМА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА НА РОДНОКРАЈНИТЕ ПИСАТЕЛИ ......... 5

Проф. д-р Вера Стојчевска Антиќ
ДРУГАРСТВО СО ПРЕСТИЖ ......... 7

Димитар Богдановски
СТРАДАЛНИЦИ СО СИЛЕН КОПНЕЖ ПО СРЕЌАТА ......... 11

Проф. д-р Благоја Брајановски
ВО НАДЕЖ ЗА СРЕЌА ......... 15

Весна Мундишевска-Вељановска
ТРАГАЧИТЕ ИЛИ МЕЃУ ДВА МОСТА ......... 20

Сања Мучкајева Видановска
МОИТЕ ЛИКОВИ – СТРАДАЛНИЦИ ВО СОПСТВЕНАТА САМИЦА ......... 24

Ванде Ганчевски
СТРАДАЛНИЦИ ЗА СРЕЌА И ОД ИЗГУБЕНА СРЕЌА ......... 28

Петре Димовски
ЖИВОТОТ Е ГОЛЕМА ПОТРАГА ПО СРЕЌАТА ......... 33

Јован Ѓуровски
ЛИКОВИ ВО ФУНКЦИЈА НА МОЈАТА ПРЕОКУПАЦИЈА ......... 38

Елизабета Јончиќ
МОМЕНТОТ КАКО НОСЕЧКИ ЕЛЕМЕНТ НА СТРАДАЊЕТО
И СРЕЌАТА ......... 42

Проф. д-р Владимир Костов
ДА СЕ САКА СО ДУША И ТЕЛО ......... 49

Никола Кочовски
ТУЃИНА – ГОЛЕМИ НАПОРИ И СТРАДАЊА ..... 54

Панде Манојлов
МОЈОТ ЦРВЕН НЕМИР, МОЈАТА НЕИЗЛЕЧЛИВА ТАГА ..... 61

Мирјана Стојановска-Палигора
КОПНЕЖОТ ПО СРЕЌА ВО МОЈАТА ПОЕЗИЈА ..... 67

Зоран Пејковски
ДРАМСКИТЕ ПОГЛЕДИ НА ЛИКОВИТЕ КОИ СТРАДААТ ..... 71

д-р Христо Петрески
ВАШИТЕ – МОИ, ТВОИ ИЛИ НИЧИИ ЛИКОВИ ..... 76

Ѓорѓи Прчков
МОИТЕ ЛИКОВИ – СИТЕ СТРАДАЛНИЦИ СО СИЛЕН КОПНЕЖ ПО СРЕЌАТА ..... 80

Весна Ефтимова Сотироска
МОИТЕ ЛИКОВИ – СТРАДАЛНИЦИ ..... 89

Богоја Таневски
СТРАДАЛНИЦИ ПО СРЕЌА ..... 93

Добре Тодоровски
ПРОКОЛНАТИОТ ЛИК – СТРАДАЛНИК ..... 97

Петко Шипинкаровски
МОИТЕ ЛИКОВИ ЧЕКААТ ЗРАК СРЕЌА ..... 101

**ОСМА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА СО БИТОЛСКИТЕ ПИСАТЕЛИ ОД МАКЕДОНИЈА**

***Издава***
Националната установа – Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“ Битола,
ул. Ленинова бр. 39, Битола

***Организациски одбор***
Науме Ѓоргиевски
Николче Вељановски
Владимир Костов
Јоланда Бошевска

***Превод и резимеа на англиски јазик***
Николче Вељановски

***Лектор***
Ивана Коцевска

***Печати***
Академски печат - Скопје

***Тираж***
100 примероци